СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 37 јуни 1996 година

Скопје, јуни 1996 година

**III - ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 46-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 13. VI. 1996 год.**

Дневен ред: с.3
- Територијална поделба на општините

1. АТАНАСОВСКИ ЃОРЃИ - 99
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 93, 98
3. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО -17
4. ВРЕВЕЗОВСКИ ДИМИТРИЈА - 120
5. ГОЦЕВСКИ ИЛИЈА - 11
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 59, 61
7. ИБРАИМИ САМИ - 144, 146
8. КАДРИУ ЗЕЌИР - 115
9. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 87, 89, 139
10. МИНОВ ПАНЧО - 49
11. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 61
12. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 132, 158, 140
13. ОСМАНИ РУФИ - 3, 10
14. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1..(води седница )
15. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 45, 48
16. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 58, 60, 71, 73
17. РАМАДАНИ САЛИ – 146, 2
18. РИСТЕВСКИ МИТКО - 121
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 80, 81
20. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 2, 23, 26
21. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 27
22. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО – 125
23. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО -127
24. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 128130
25. ТУДА РАМИ - 1
26. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 31, 33
27. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 34, 41, 90, 139
28. ТРАЈКОВ РИСТО - 53, 56
29. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА - 56
30. ТАИРИ МЕВЉАН -65, 76
31. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР - 103, 106
32. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА - 17 ( води седн.)
33. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО - 78
34. ЧАПОВ СЛАВЧО - 91
35. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 107, 114
36. ШАЌИРИ ХИСНИ - 14, 17
37. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 142

- седницата продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 јуни 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала I со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот Рами Туда, процедурално.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги во името на парламентарната група на Партијата за демократски просперитет на Албанците и Народната демократска партија протестираме заради повеќепатното претресување на поедини пратеници на нашата парламентарна група, а посебно вчера пред почетокот на Четириесет и осмата седница при влезот во Собранието беа претресени пратеници од нашата парламентарна група. Овој акт со претензии за евентуално потценување на личното и пратеничкото достоинство нема никаква правна основа. Бараме изјаснување за овој случај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас морам да ви признам дека незнам, односно немам информација за ова. Нема потреба за ова да се дебатира, но еве сега имам информации скоро од сите пратеници, не е само тоа односот кон пратеничката група.

Процедурално за збор се јави господин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, мислам дека во име на сите пратеници, не само од групата на ПДП да појасниме јас лично ќе изјавам дека бев лично претресен и мислам дека тоа е, претпоставувам за безбедноста прво за нас, потоа и за гостите кои беа. Со тоа, мислам дека ја елиминира можноста дека некој дискриминационо се однесувал спрема, посебно нашите колеги од групата ПДП.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, процедурално, за ова не дебатираме.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска не дебатираме со овој случај, но сепак треба објаснување да се види дали има правна деловничка основа, затоа што не е првпат. Тоа повеќе пати се прави со нашите пратеници. Можеби 10 пати досега, јас не сум претресен можеби 8 или 9 месеци, значи, едно, 9 или 10 пати, па вчера. Затоа, да се види, се знае дека тоа е во наш интерес, само да не е една мала дискриминација, сепак, ако апаратот дава таков сигнал, треба да е некоја основа. Да кажеме пратеникот да не дозволи со претрес. Што ќе направи? Ништо. Значи, нема тоа да го спроведува. Затоа, нека се изјасни дали има основа и кој дава таков налог, дали претседателот, тој вели дека не или некој друг од страна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, еве јас ќе побарам информација и на наредната седница ќе ве информирам за оваа постапка.

За збор се јави господинот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе и присутни во салата еве јас ќе дадам свој осврт на Предлогот на законот за територијална поделба на општините во Република Македонија пред да го кажам она што го имав запишано пред одредено време, морам да изнесам некои начелни забелешки.

Прво, кога ќе се анализира образложението што е дадено од страна на Министерството за правда како носител на овој закон, мора да се каже дека тоа образложение е сосема бледо и воопшто не кореспондира со измените што ќе се реализираат со овој закон и во таа смисла во континуитет, ова Министерство, па и оваа Влада мора да ги прифати критиките дека со такво образложение пратениците во никој случај не можат да имаат јасна слика и да бидат убедени во аргументите дека навистина она што се предлага е навистина најдоброто решение. Лично мислам дека на господинот Поповски како министер за правда може да му послужи како мостра брошурата на месната заедница Богданци, со која на стручен и професионален план, со картографија и со сите други елементи се образложува потребата населеното место Богородица да биде во склоп на новата општина Богданци. Јас лично се потрудив и го прочитав тој предлог и навистина тука човек можеше да добие доволни информации од сите аспекти, почитувајќи ги критериумите вградени во законот, па и други некои аргументи, за да навистина тоа биде така. Па, еве ова нека биде еден конкретен предлог како да биде образложено од страна на господинот Поповски заедно со неговата екипа Предлогот на овој закон кој ќе биде во втора или во трета фаза. Само така пратениците можат да имаат реална слика дека навистина сите тие бројки, зад кои бројки стојат конкретни населени

места, навистина, треба да бидат во тие општини, или пак можеби местото им е во некоја друга општина. Па, од тие принципиелни претпоставки, лично јас воопшто не сум задоволен од образложението, анализирајќи го предлогот кој е даден за сепарација на општина Гостивар, слободен сум да констатирам дека овој предлог претставува уште еден кабинетски акробатен предлог на ова Министерство сходно на големите акробации кои ги направи овој Предлог на закон од првичната верзија изготвена од страна на Стручната комисија, па се преку разните интервенции од разно разни групации и носители, за да на крај испадне тоа што ние денеска го имаме пред нас. Но, да продолжам со она што го имав како размислување пред одредено време. Како цели аргументи врз кои се потпира овој предлог за сепарација на сегашните општини од предлагачот, стручните лица на Владината комисија, јавноста и донекаде вчерашната дебата во овој дом, особено се спомнуваат дека ќе се оствари територијално, порамномерно распоредување на населението во Република Македонија, односно дека ќе се ублажи големата концентрација на населението од само 18% од вкупната територија, односно концентрација на над 1.600 илјади граѓани во само 6000 квадратни метри територија, наспроти 4000.000 граѓани кои имаат на располагање три пати поголем неискористен простор.

Второ, дека ќе се стопира процесот на депопулација на селото и пренагласената популација на градовите, факт кој го кочи развојот на градовите и на селата во Македонија.

Трето, со овој предлог ќе се поттикне процесот на повторно обработување на 400.000 хектари необработено земјиште, а со тоа и создавање на можноста за вработување и за развој на земјоделството и воопшто за општествениот раст и слични аргументи од доменот на развојот и притоа погрешно да се констатира дека со новата

територијална поделба на општините ќе се остварат целите кои пред се се инструмент на економската и развојната политика. Кога сум тука морам да направам една динкстинција дека вчерашната реплика на релација Соколовски-Поповски во која лично господинот Поповски ги негираше овие аргументи, кој во голем број беа дадени во јавната дебата по основ на овој закон, констатирајќи точно дека сите овие работи можат да се остварат единствено на макро план, дека сите тие се инструменти на економската и развојната политика и дека сите тие инструменти, нормална работа, немаат никаква потпора на ниво на локалната управа, односно самоуправа што јас лично ги прифаќам како вистинити аргументи, иако интенцијата на господинот Соколовски беше во насока дека токму безвластието, односно немањето никаква власт на ниво локална управа, односно самоуправа поттикнува на размислување дека концептот кој е утврден во Уставот, во Законот за локална самоуправа и еве сега кој ќе се детерминира територијално и преку овој закон, ќе мора да го поттик не процесот на промена, односно измена и дополна на Уставот на Законот за локална самоуправа во насока на децентрализација односно давање на одредена власт и на локално ниво, за да навистина оттаму од каде што ќе потекнат иницијативите, тие да можат и да бидат материјализирани во најкраток можен рок.

Логичното прашање кое ќе се поставува сходно на ова што го изнесов се состои во следното:

Дали навистина сите тие цели кои, да кажеме, особено од стручните лица на Стручната комисија се кажуваат дека ќе се постигнат со овој предлог, ќе се постигнат реално и дали навистина досегашниот број на општини е причина за таквите состојби, во која да кажеме денеска ни се наоѓаат општините, ни се наоѓаат селата, односно имаме една голема диспропорција од аспект на популација село - град. Лично

мислам дека таквите наводни аргументи воопшто немаат никаква основа, базирајќи ги пред се на следното. Спомнатите состојби во најмала рака се последица на сегашниот број на општини. Напротив, тие состојби пред се и над се се последица на економската а во тој склоп посебно на развојната компонента на таа политика, која се водеше во последните децении во Македонија. Во претходната држава и во минатиот општествен социјалистички поредок општината со својот статус, навистина, имаше компетенции со кои директно влијаеше во сопствениот развој, но и тогаш главните правци на развојот ги одредуваше центарот. Значи, федерацијата и Републиката.

Трето, сегашниот Устав ја дефинира Македонија како крајно централизирана и унифицирана држава, додека Законот за локална самоуправа ја дефинира локалната самоуправа како чиста фикција без никакви права и обврски во доменот на компетенциите и ингеренциите со кои може да се влијае врз надминување на констатираните состојби погоре.

Изнесените факти на најилустративен начин ги негираат начелните цели како вистински аргументи за потреба од територијална поделба на сегашните општини од едноставна причина што општините во доменот на економијата и развојот воопшто немаат никакви ингеренции. Напротив, сите тие ингеренции исклучиво се во надлежност на семоќниот центар на власта. Значи, државата. Причините за територијалната поделба во начело извираат од Уставот и Законот за локална самоуправа, но тоа не значи дека овој предлог за сепарација на сегашните општини е направен врз објективни мерила и критериуми, особено нормирани во Законот за локална самоуправа. Туку напротив по критериуми и мерила познати исклучиво на предлагачот на овој закон. Што се постигнува со територијалната поделба на општините на начинот

како што е предложен од страна на предлагачот.

Прво, фактот што сегашните општини се безвластени од страна на Уставот и Законот и сходно на тој факт тие како безвластени целини треба да се уситнат на помали единки со цел да се владее со нив на поефикасен начин од страна на центарот. Додека на локалните единици ќе им се овозможи единствено позитивната работа, а тоа е поголемата нивна иницијативност поодделно по општини на ниво на проблемите за кои тие се надлежни.

Второ, со оваа 'територијална поделба ќе се создадат градски општини на кои согласно законот ќе им се пренесат дел од надлежностите предвидени во Законот за локална самоуправа од централната власт, со цел за делумна и селективна децентрализација на власта, како неминовност, заради функционалноста на власта во сите нивоа.

Трето, со ваквата територијална поделба ќе се издвојат градовите од багажот наречен приградски населби, со што ќе се создадат реално поквалитетни можности за развој на градските општини. Додека приградските населби ќе се рурализираат и заедно со селските општини ќе се гетоизираат во својата економска беда, бидејќи економските извори предвидени во Законот за локална самоуправа за финансирање на локалната самоуправа се исклучиво концентрирани во градските центри како резултат на петдецениската дискриминаторска, економска политика на релација село - град. Новите селски општини тешко дека ќе можат преку својот буџет да ги покриваат трошоците на симболичната своја администрација од пет или повеќе чиновници, додека за локалното уредување ќе треба да сонуваат или во најдобра варијанта да позајмуваат пари од државата.

Четврто, со самиот факт што подрачните министерства ќе бидат инсталирани исклучиво во градските општини, граѓаните од селските

општини своите права и обврски во однос на централната власт, што дефакто значи над 99% од своите права и обврски кон државата ќе ги реализираат исклучиво во градските општини, а со тоа и нивното влијание врз централната власт преку локалната самоуправа, ќе се оневозможи. Односно тоа ќе биде исклучиво привилегија на градските општини, додека во своите нови селски општини граѓаните и нивните локални избраници ќе можат да се сончаат низ полињата и ливадите и да глумат локална власт. Додека граѓаните од својата општина ќе треба единствено да ги упатат во градските општини за да ги реализираат своите права и обврски. Во овој план очекувањата дека со формирањето на новите општини, ќе имаме и поголема разгранетост на подрачните министерства, а со тоа во некоја смисла и децентрализација односно доближување на централната власт до локалната самоуправа, дефинитивно остануваат илузија без покритие. Бидејќи таквата разгранетост ќе произведуваше огромен апарат на администрација, факт кој економски е неиздржлив и затоа нема да се институционализра во праксата.

Петто, територијалната поделба, како што е предложена, дефакто ќе значи натамошна централизација на власта и создавање на општини од прв ред градските и општини од втор ред селските и приградските општини од аспект на правата и можностите за влијание врз централната власт преку локалната самоуправа.

Шесто, територијалната поделба во Гостивар, а со тоа скоро и во сите градови од Западна Македонија е водена пред се од националниот елемент и има за цел да направи декомпозиција на албанците и градовите, односно да ги гетоизира албанците во селските општини, со што дефинитивно ќе се оневозможат да владеат и на локално ниво во градските општини, во кои реално постои економски и комунален потенцијал во тие општини кои се во мнозинство.

Со овој проект се финализира проектот за дефинитивна дискриминација на албанците во сите нивоа и на сите инстанци. Во духот на изнесеното предлогот за територијална поделба на сегашните општини, особено во Гостивар, Тетово, Кичево и Струга во најголем дел е подготвен во спротивност со критериумите предвидени во Законот за локална самоуправа, непочитувајќи притоа волјата на граѓаните и како таков без темелни корекции не може да биде прифатен во никој случај. За пример, додека во Гостивар, Тетово и Кичево приградските населби и селата кои се до градовите и кои се исклучиво, или во најголем број случаеви со албанско население се издвојуваат во нови општини мимо фактот, што сходно на сите критериуми, кои ги предвидува законот, тие се составни делови на градовите и веќе се или полуурбанизирани и перспективно би требало да станат делови на градовите, тие се издвојуваат во посебни цели.

Додека пак од друга страна селски населби во општините особено Тетово и Струга екстериторијално се поврзуваат со градовите мимо фактот што сходно на, да кажеме, на тие критериуми кои се предвидени во законот би требало да припаѓаат под тие нови општини, кои ги предлага господинот Поповски заедно со неговиот тим.

Кога сме кај Гостивар сакав да ги елаборирам поодделно, особено четири предлози кои се дадени, особено под реден број 19, 20, 21 и 24, но во оваа прилика, имајќи го предвид големиот број на пријавени дискутанти и вашето трпение, нема да се впуштам во детална анализа, со која анализа практично ќе може да се негира предлогот кој е даден од страна на господинот Поповски и неговиот тим, но само ќе предложам алтернативи.

**РУФИ ОСМАНИ**: (продолжение)

За локалната самоуправа под реден број 19, реална алтернатива би била, како центар Гостивар, значи градот Гостивар заедно со населените места Долна и Горна Бањица, Чајле, Балин Дол, Мало Турчане, Беловиште, Лакавица, Здуње, Равен, Мердита, Вруток и Речане.

Општината под број 20 со центар Неготино, како реално решение би било, центар Неготино заедно со Градец, Сенокосе, Добридол, Топлица, Калиште, Ломница, Гурѓевиште и Горјане.

За општината под број 21 Врапчиште, со седиште Врапчиште заедно со населените места: Дебреше, Зубовце, Ново Село, Врањовце, Галате и Пожаране.

За општината под реден број 24 се прифаќа алтернативата предложена од предлагачот. Значи центар Чегране со населените места Форино, Корито и Тунчавиште.

Се предлага од наша страна како нова општина, под реден број 25 да биде Србиново со центар Србиново со населените места Симница, Дилна И Горна Геновица, Церово, Сретково,Митројкрсти, Трново, Страјане, Падалиште, Ќафа, Куново и Железна Река.

Немаме ништо против предлогот што е даден за новите општини Ростуше и Маврови Анови.

Значи, како пратеник од Гостивар се залагам општината Гостивар, сходно на критериумите кои се предвидени во Законот за локална самоуправа, сходно на реалноста која навистина постои на теренот да биде сепарирана во 6 нови општини со композицијата која ја дадов како предлог. Инаку стојам на располагање, дополнителните аргументи во однос на предлогот од страна на предлагачот и во однос на другите инцијативи, сходно на другите критериуми, да ги образложам во наредната фаза.

II/2.-

**ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денес го разгледуваме законот за територијална поделба на Република Македонија, за определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, со кој закон се сака да се доближиме непосредно до граѓаните, што јас начелно го поддржувам и ќе гласам за него. Сепак би ги пренел, пред се, забелешките на бирачите по кои треба да се размисли од страна на предлагачот.

Забелешките од бирачите се пред се од реалната ситуација на теренот.

Најнапред да кажам, согласно член 1 од предложениот закон треба да се определат подрачјата и границите на општините од ова што можев да го видам, градот Скопје и општините во градот Скопје немаат одредени подрачја и територии а во таа смисла барам да се допрецизира односно да се определат истите.

Во член 2 од овој закон стои дека подрачјето на градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа претставува потесното градско подрачје. Меѓутоа, потесното градско подрачје не е дефинирано, што создава забуна, не само кај мене, туку и кај повеќе граѓани од градот.

Исто така во овој закон се испуштени одделни населени места а кои треба да се внесат во законот, како што се: Идризово,село Ново, село Виниче и населбата "Гоце Делчев".

Сега би кажал неколку зборови за предложените општини од страна на предлагачот, на територијата на општина Гази Баба.

Во општина Гази Баба во сегашните граници живеат околу 100 иљади жители, што како општина е доста гломазна. Предлогот да се направат помали општини е сосема оправдан, со што проблемите од локален карактер непосредно ќе се доближат до базата.

II/3.-

Периодот што беше предвиден аз пријавување на нови општини, од подрачјата на општина Гази Баба доставени се три барања, а во предлогот на законот се предвидени 4 нови општини. Искуството зборува дека една општина полесно ги третира локалните проблеми, доколку истата е помала. Во тој поглед ние дадовме поддршка секаде каде што бевме прашувани, со една напомена дека треба сепак една општина да ги исполнува основните елементарни услови за свое егзистирање, пред се административно технички сообраќајни и урбано - економски услови. На жалост сите предложени општини не ги исполнуваат споменатите услови. Свесни за тоа граѓаните ги дадоа забелешките што се доставени до Министерството за правда и до нас пратениците од подрачјето на општина Гази Баба, со желба да бидат и јавно презентирани пред Собранието и пошироката јавност.

Сега јас најпрвин ќе почнам со забелешките на граѓаните од месните заедници: Стајковци, Црешево , Смиљковци, Виниче, Булачани и Раштак кои ценат дека не се исполнети условите за нивните населени места да се издвојат од матичната општина Гази Баба, односно дека не постојат услови во овој момент за формирање на нова општина на тие подрачја.

Втората забелешка е барањето на граѓаните од изборната единица 94, поточно од 12-те населени места чие барање не е задоволено. Тука приговорот има двоструко значење. Прво, што не е дозволено формирање на нова општина од 12-те населени места и тоа: Илинден, Марино, Кадино, Мралино, Ајватовци, Бунарџик, МИладиновци, Мршевци, Бучинци, Бујковци, Бељадорци и Теќа кои населени места беа усогласени за формирање на нова општина. И второ, што се одредени, според предлогот на законот во погрешна насока, да бидат составен дел на ново предложената општина Петровец, за која, според условите кои постојат на теренот немаат никаква врска со Петровец. Поточно, ако

II/4.-

граѓаните од овие 12 населени места досега поминувале околу 20 км за да дојдат до седиштето на општина Гази Баба, сега ќе и требаат уште нови 30 км да одат во село Петровец, што мислам дека интенцијата на овој закон е сосема друго. Затоа, потребно е Владата да ги задоволи барањата на граѓаните од овие 12 населени места за формирање на нова општина, или пак во крајна линија овие населени места да останат во матичната општина Гази Баба,.

Трето, барањето за формирање на нова општина во населеното место Петровец е задоволено. меѓутоа, и тука дел од населението, западно од Петровец бара да бидат вклучени во општините кои гравитираат поблиску до градот. Барањето се однесува на населените места Идризово, Јурумлери и Гоце Делчев.

За новопредложената општина со седиште во село Арачиново, а во која спаѓаат населените места Грушино, Мојанци, Орланци и Брљавци, досега немаме никакви забелешки, што значи дека истите се задоволни од новоформираната општина.

Како за крај би го кажал и следното. Мора овој закон да биде усогласен со член 116 и 117 од Уставот на РМ, како и со Законот за локална самоуправа, а исто така јасно да се дефинираат подрачјата и катастарските општини на единиците на локалната самоуправа, бидејќи од нив ќе зависи донесувањето и примената на законот за избори на советите на локалната самоуправа.

Исто така една генерална забелешка, што овој закон го разгледуваме без законот за градот Скопје, а мислам дека тие два закони треба да одат паралелно. Кога би бил законот за градот Скопје на дневен ред денес многу дилеми би биле разјаснети и не би имало недоразбирање.

За крај, сепак, мој став е дека мора да се има слух за желбата на граѓаните и да не создаваме незадоволници, бидејќи сите закони што ги носиме,а овој посебно се во служба на граѓаните.

II/5.-

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници, господине потпретседателе, ние на оваа седница расправаме за еден многу важен закон, закон кој предизвикува големо интересирање кај сите граѓани и месните заедници на Република Македонија.

Имајќи го предвид значењето и улогата на овој закон, тој заслужува сериозна анализа, се со цел за да биде попрактичен, поквалитетен и во интерес на сите граѓани на РМ, да обезбеди најнеопходни услови за нормално функционирање на новиот концепт на единците на локалната самоуправа што ќе овозможи органите на овие институции преку своите претставници да дејствуваат во одлучувањето по оние проблеми кои претставуваат нивна перспектива, во поглед на развојот на таа територија. Но, да кажам дека понудениот проект на закон од страна на Владата не ги исполнува сите критериуми за кои јас сметам дека е неопходна потребата за усогласување на законот со потребите на нашите граѓани.

Со оглед на фактот што во Република Македонија се инвестирало долг период во развојот на градот, а за селските подрачја органите на власт досега не воделе никаква грижа и како последица на оваа лоша политика денес постојат овие разлики во поглед на развојот на релација град - село. Бидејќи законот има за цел да создава нови услови и нови патишта и да ги намали постоечките разлики во поглед на развојот и да се спречи понатамошната миграција село - град. Но, се поставува прашање дали може во овие економски услови, во оваа криза да се постигне сето тоа што се планира со овој закон. Јас сум скептик во тој поглед а исто така и кај голем број на граѓани постои тој скептицизам. Токму од тие причини постојат дилеми кај голем број на граѓани, дали со новиот концепт ќе се елиминираат дел од овие аномалии од претходниот систем.

II/6.-

Предложениот проект на закон од страна на Владата предизвика големо незадоволство кај многу населени места од западниот дел на Македонија, а исто така има реакции од другите места на земјата. Но, тие реакции се помали.

Очекуваме во последната верзија на законот да се инкорпорира дел од овие предлози и сугестии дадени од страна на пратениците во оваа расправа.

Основната карактеристика на овој закон, според предлагачот е економската стратегија на развојот на секоја ново формирана единица на локалната самоуправа и отворање на нова перспектива за развој на селските подрачја.- Имајќи го предвид статусот на локалната единица кој произлегува од самиот закон на локалната самоуправа не може да се реализира се она што го зацртал овој закон.

Бидејќи проблемите кај нас се јасни, јас го следев излагањето и на министерот со големо внимание, поготово околу тоа која е целта на законот. Бидејќи министерот беше многу јасен, во поглед на концентрацијата на популацијата во РМ во поедини делови, поготово што се однесува на Западниот дел на Македонија каде на еден квадратен километар живеат околу 700 жители, а во источниот дел има, можам да кажам места каде еден жител живее на толкава површина. Тука се гледа дека во врска со овој проблем кој не е денешен а не можам да кажам дека направено нешто за последните 10 години, тоа е проблем кој има корени од поодамна па затоа со овој проблем треба посериозно да се позанимава и Владата и Парламентот. Во контекст на ова прашање изгледа Парламентот многу малку е загрижен односно му посветува внимание, а тука е грешката на нашата досегашна политика и како сега ќе го оправдува Владата, на пример инвестирање, да се формира една општина во испразнетите места на Република Македонија, во оваа ситуација, таму на пример каде што се формира една општина со 4.000, дали може тоа да влијае позитивно во иднина. Јас мислам дека е

II/7.-

направен грешка, а кога велам дека е направена грешка, мислам дека е тешко да се исправи таа во овие услови. Но, кога се во прашање овие работи Владата треба со поголемо интересирање да ги анализира. Експертската група која се занимава со овој проблем во западниот дел на Македонија и незадоволствата кои ги предизвикал овој закон, поготово во Тетово, Струга, Гостивар и Кичево, треба овие проблеми да се надминат во согласност со месните заедници таму кои веќе изразуваат едно големо незадоволство и ако сакаме во иднина да имаме еден закон кој ќе отвара нови патишта, кој ќе овозможи една нова перспектива на развојот на тие делови, тогаш е неопходна и потребата да се консултираат и овие месни заедници.

Што се однесува до проблемот за поедини општини, поготово за општина Куманово јас немам никакви забелешки.

На крајот сепак сакам да кажам некои работи во врска со предлогот на г-динот Стојковски кој и предложи на Владата во наредниот проект на законот за територијална поделба селото Лопате да се приклучи кон општина Куманово. Не знам по која логика го направи тоа г-динот Стојковски, бидејќи јас како нивни пратеник не би се осудил да предлагам нешто без да се консултирам со нив, знаејќи претходно дека граѓаните од село Лопате, согласност за приклучување кон иницијативата за формираше на општина Липково ја давале во првото барање доставено до Министерството аз правда во 1992 година и истото барање сите села во состав на општина Липково и село Лопате го повториле и во 1995 година. Мислам дека не е коректно да создаваме конфузија и ред други" проблеми таму каде Владата одлучува во согласност со изразената желба на населените места, како што е случајот со липковскиот крај.

Индивидуални реагирања знам дека има и во општина Липково, не само од село Лопате туку и од други села, но јас сум свесен дека законите не се прават само за индивидуи. Ние треба да ги имаме предвид глобалните интереси на едно населено место, а не да се занимаваме со индивидуални реакции.

**ХИСНИ ШАКИРИ:(**Продолжение)

Јас не сакам ниту можам повеќе да кажам во врска со овој закон, но би сакал уште еднаш да повторам законот како прв проект мислам дека не треба да се гледа парцијално, туку во глобала. мислам дека не ги исполнува сите критериуми што се предвидени и со законот за локалната самоуправа, поготово уште еднаш повторувам незадоволството на западниот дел од Македонија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Пред половина час утврдивме кворум и почнавме со работа, но изгледа дел од пратениците ги нема во салата, па молам да се повикаат да можеме нормално да продолжием со работа.

Има збор г-динот Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре. Предлогот за донесување на закон за територијална поделба на Република Македонија и утврдување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа е еден од малкуте закони кој побуди голем интерес кај граѓаните и во јавноста. Дури би потенцирал и со право бидејќи со истиот длабоко се навлегува во остварувањето на основните интереси и потреби на граѓаните во единиците на локалната самоуправа и тоа од два аспекти.

Прво, во функција е на подобро задоволување на секојдневните потреби на граѓаните во локалните единици и

второ, во функција е на поквалитетно остварување на основните демократски принципи, а тоа е непосредното одлучување за прашањата

од локално значење утврдени со Уставот и Законот за локална самоуправа.

Во прилог на оправданоста од донесувањето на овој закон се и упатените барања на многу месни заедници за формирање на единици на локална самоуправа во нивните подрачја. За мене има оправданост од донесување на овој закон тргнувајќи од потребата за остварување на нова територијална поделба во Републиката согласно новата уставна положба на единиците на локалната самоуправа, како и од делокругот на работите ставени во надлежност на единиците на локалната самоуправа Нормално, согласно Законот за локалната самоуправа.

Сметам, исто така, дека е пожелно овој закон да се донесе во две фази со што ќе се искористи во време за спроведување на потребните активности за претстојните избори во единиците на локалната самоуправа, а што се однесува до времето потребно за учество на граѓаните од населените места во концептирањето на конечната содржина на овој закон, мислам дека времето оставено за оваа намена меѓу двете фази од донесувањето на овој закон е доволно за да граѓаните можат квалитетно да обезбедат учество во конечното конципирање на текстот на законот.

Како и поголем број пратеници и јас имам забелешки на самата содржина на Законот и тоа во однос на утврдувањето на подрачјата на новите единици на локалната самоуправа, бидејќи сметам дека предлагачот на законот овде направил очигледни пропусти кои не можат да издржат една објективна анализа. Пред да ги конкретизирам моите предлози и пропусти би сакал да истакнам дека, во основа, се согласувам со направениот пристап на подрачјето на сегашната општина Кочани да се формираат три нови општини и дури со една отворена

можност за формирање на четврта општина.

Што се однесува до конкретните забелешки тоа се однесува на следните населени места. Населеното место Цера кое сега припаѓа во општина Кочани е ставено во новата општина Македонска Каменица ова нешто не е во ред од повеќе причини и тоа: традиција, школуваше, изградба на комунална инфраструктура, користење на здравствена заштита, а што е најбитно е спротивно на интересите и желбите на граѓаните од ова населено место искажани на состанокот на сите граѓани одржан во текот на месец април. Би спомнал дека ова се коси со принципиелниот став на министерот изнесен во воведното излагање дека ќе се настојува што помалку делови од одредени постојни општини да бидат во нови општини .

Населеното место Прибачево кое со предлогот е ставено во новопредложената општина Зрновци предлагам да биде во новопредложената општина Оризари од селените причини:

Подобра сообраќајна поврзаност со Оризари, школување на учениците во Оризари, близина на двете населени места, немање квалитетна сообраќана поврзаност со населеното место Зрновци, а исто би споманл најбитно е дека ова е израз на желбите на граѓаните од оваа населба.

Населените места Горни Подлог, Долни Подлог и Мојанци во предлогот се поместени во новопредложената општина Облешево, јас предлагам тие да припаднат во општина Кочани од повеќе причини. Традиционално овие граѓани од овие три населени места своите секојдневни потреби ги задоволуваат односно остваруваат во Кочани, комуникацијата на општина Кочани е извонредна со овие населени места, близината на овие населени места со општина Кочани е два километри во однос на осум до Облешево, школувањето на децата е

III/4.-

претежно во Кочани, вработеноста на голем број граѓани од овие три населени места е во Кочани, а исто и овде би спомнал дека е најбитно што граѓаните на овие три населени места не двосмислено искажаа желба и барање да бидат во состав на општина Кочани.

Населеното место Грдовци во предлогот е поместено во ново предложената општина Зрновци што мислам дека е пропуст, бидејќи ова не одговара на една објективна состојба . Тука спаѓа вработувањето, школувањето, близината на Грдовци со кочани, традицијата , тука се задоволуваат секојдневните потреби и на крајот би спомнал што посебно дава мотив да биде прифатено е причина, а тоа е дека граѓаните од оваа населено место Грдовци бараат да останат во сегашната општина Кочани. Од тие причини предлагам ова населено место да си остане во општина Кочани.

Населеното место Рајчани и овде е излезено од рамковната односно принципиелниот став е дека секое населено место тежнее да остане во постојната општина така што е направен пропуст, веројатно е техничка грешка во предлогот Рајчани е ставено во две општини Злетово и Облешево. Ова нема никаква оправданост бидејќи не може да парира воопшто на мојот предлог да остане во Кочани од аспект на сообраќаната поврзаност со Кочани, школувањето, здравството, традицијата, вработувањето наспроти ова дека со Злетово ништо не го поврзува немаат ни добра сообраќајна поврзаност, а со Облешево ќе треба да се помине низ Кочани односно да се поминат 20 км. за да дојдат во општината Облешево.

Што се однесува до предлогот седиштето на општината за подрачјето на 13-те населени места во општина Кочани и тоа

III/5.-

Новоселани, Жиганци , Лепопелци, Врбица , Соколарци, Чешиново, Вовилчево, Кучино, Теранци, Чифлик, Станчево, Бања и Уларци седиштето да биде во општината Облешево. должен сум овде да кажам дека за овој предлог има различни мислења и забелешки како и јазични претензии околу седиштето односно присутна е поделеноста на граѓаните од овие населени места и таа поделеност е многу голема дури во последно време конфликтна, бидејќи некои од нив како Чешиново, Жиганци, Новоселани, Лепопелци и Уларци се седиштето на општината да биде во Чешиново наспроти граѓаните од населените места Спанчево, Теранци, Бовилчево, Бања и Облешево кои бараат нормално седиштето на општината да биде во Облешево. Јас не би сакал да преземам функција на судија или мериторно да одлучувам или предлагам кое од овие две населени места односно две различни желби и претензии се оправдани за да не бидам инволвиран во оваа расправија долу на теренот би сакал само да предложам на предлагачот уште еднаш да го преиспита хомогеното решение во смисла да оствари поголема соработка со сите 13 населени места заради можен договор евентуален каде да биде седиштето на новата општина или ако е израз на желбите на граѓаните и ако има стручна и економска оправданост и ако е во прилог на една поголема демократија односно остварување на правата на граѓаните и задоволување на нивните секојдневни потреби, тогаш вреди да се размислува и за исполнување на барањето за формирање на уште една општина на месната заедница Чешиново.

Целта на овој мој предлог е да се избегне најмалата можност за конфликтна состојба во овие региони чии последици не би ги предвидел , а што е нешто крајно спротивно на досегашната добра соработка и сожителство меѓу овие 13 населени места.

На крајот сакам посебно да го истакнам фактот дека сите овие мои искажувања се резултат на искажувањата и реагирањата на граѓаните од

населените места , овде не внесувам ништо лично, туку ги презентирам нивните барања и желби, бидејќи на крајот на краиштата ја сум репрезент на овие граѓани.

Би скал да го истакнам и ова секој закон е добар закон кој е одраз на една објективност, стручност, научност и ако е реален одраз на желбата, потребите и интересите на граѓаните односно ако ги респектира овие работи.

Бидејќи моето излагање се засниваше на искажаните желби, интереси и потреби на граѓаните од спомнатите населени места во општина Кочани како и фактот иако не скромно ќе го кажам дека во себе содржеше една објективност во поглед на респектирање и вклучување на факторите територија, население, патна мрежа, природна и географска поврзаност, гравитација на населението што всушност беше дел од содржината на образложението на предлогот на законот значи гравитација на населението кон определено населено место во центар на нова општина сметам дека Владата како предлагач и надлежното Министерство ќе имаат разбирање и ќе ги прифати овие мои предлози со што ќе ги отстрани, јас би рекол, не намерните пропусти во Предлог законот.

Што се однесува до вчерашното обраќање од оваа говорница на мојот колега Каров дека Собранието на општина Кочани немало адекватен однос спрема населените места од општината сега бараат формирање на нови општини и дека е тоа резултат на овој однос , јас би рекол само дека ова нешто не одговара на вистинската состојба и е речено не знам со кои други цели, а граѓаните од општина Кочани се најголеми сведоци на односот на Собранието на општина Кочани спрема сите населени места во општината па во тој контекст и спрема спомнатите места, па тие нека расудуваат.

III/7.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници, почитуван министре со соработниците. Нешто општо за законот мислам дека со овој закон на~крајот ја заокружуваме сферата од локалната самоуправа, мислам дека територијалната поделба можеби требаше да претходи на Законот за локална самоуправа бидејќи ако следеше така полесно и попрецизно би ги определиле надлежностите и функцијата на единиците на локалната самоуправа. Сега сме ставени во друга состојба да одлучуваме за територијална поделба, а веќе начелно со Законот за локалната самоуправа ги имаме утврдено рамките во кои ќе се движат компетенциите.

Лично сметам дека многу поважен факт е колку локалната самоуправа и територијалните единици ќе имаат компетенции отколку границите каде ќе бидат. Мислам дека клучното прашање е колку тие ќе придонесат тие луѓе во таа територијална единица ќе можат да си ги решаваат проблемите на локално ниво. Во еден случај многу од овие територијални единици ќе бидат месни заедници и ќе ја играат функцијата на месните заедници како до сега и дека не ќе имаат никакви компетенции, а не ќе има ни кој да ги спроведува сите обврски кои произлегуваат од надлежноста на една локална самоуправа. Кадровски и технички за мене е неизводливо, ќе покаже периодот кој е пред нас. Ова не значи дека не го поддржувам овој закон, го поддржувам нормално. Уставот гарантира локална самоуправа, под локална самоуправа се подразбираат мали единици каде директно граѓанинот ќе може да ги остварува своите права.

III/8.-

Во однос на градот Скопје, градот Скопјево однос на територијалната поделба е многу конфузно даден. Во разговорите со моите колеги од Градот, од општините сеуште не можеме да дефинираме кој дел кај припаѓа, која е намерата, но јасно е дека се растеретуваат општините, се формираат нови општини, јас го поздравувам тоа со тоа ги растоваруваме гломазните општини кои сега постојат и со тоа го решаваме првото начело кое го спомнав, да можат граѓаните да бидат поблиску да си ги решаваат секојдневните потреби.

Што се однесува до општина Карпош ќе бидам конкретен, се согласувам со решението на Министерството да се формира нова општина Сарај со сите набележани населени места кои припаѓаат еве и предлог кој дојде од месната заедница Горче Петров, Ново село, Волково, Кучково и Никиштан со што се бара формирање на нова општина под име Горче Петров, таа идеја која и официјално е доставена до Министерството ја поддржувам, не сакам да бидам досаден, ќе кажам тоа дека Горче Петров како една урбана целина и во претходниот период била општина ги има сите функции, да не ги набројувам, се што е потребно за една општина за да бидат задоволени сите потреби, ја поддржувам иницијативата на месните заедници и мислам дека тоа ќе биде добар потег, се залагам за уште една општина со седиште во Ѓорче Петров, тоа го заслужуваат луѓето и со тоа би завршил.

Сега би сакал да пренесам официјално мислеше на граѓани кои потекнуваат од Иоречјето од сега набележаната општина во Законот Самоков го пренесувам нивното мислење, тие живеат во голем број во општина Карпош од каде сум пратеник и не само што го пренесувам, туку и се согласувам со нивното размислување.

III/9.-

Во новиот закон е предвидено Самоков , тоа го знае и министерот, тој крај често го посетува, кога не зборувам точно ќе знае за кои места зборувам, предлагам во членот 8 точка 11 од Законот да се изостават селата Белица покрај^прекрасната река Белица и Брезница да се поместат во точка 12 односно во новата општина Самоков. Образложение: Овој предлог е во согласност со основните начела цели и критериуми што се содржани во 11-та и III-та глава од образложението на овој закон и ќе наведам неколку од нив. Просторот на воие три села гледано географски и економски функционално припаѓа на долниот слив на реката Треска односно заедно со селата од котлината на Мала Река. Тоа претставува една територијална целина. Според тоа со овој предлог, а не со предложеното решение во законот се задоволуваат основните начела што се содржани во овој предлог за донесување на закон. Овие села од секогаш припаѓале на бамоковска општина. Без овие населби новата општина Самоков го губи територијалниот интегритет, основните економски ресурси и минимумот население што треба да го има една локална единица.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ**: (продолжение)

Граѓаните од овие три села дури и ако припаднат на општината Брод, сите управни, здравствени, комунални, поштенски, образовни, трговски, занаетчиски и други услуги од секојдневниот живот мораат да ги остваруваат во општината Самоков поради близината на овој општински центар. Дури тогаш за населението од овие села ќе се појават проблеми и тешкотии што ќе мораат дополнително да се решаваат. Граѓаните од овие села кои сега живеат во Скопје пројавуваат одамна голем интерес за враќање во родните места за нивната ревитализација, иако во Самоковската општина која што гравитира кон Скопје и во блиска иднина целосно ќе се отвори кон главниот град на Републикава, односно ќе стане негово предградие.

На крајот јас на следната фаза ќе донесам и географски карти и графички тоа ќе го прикажам. Реков дека министерот точно знае и тука пред себе има географски карти. Ова што го предложив со овие три села и Сушица кои требаат да бидат во општина Самоков претставуваат навистина географска целина и Самоков доаѓа во центарот на сите тие населени места.

Другиот предлог кој беше уфрлен по не знам кој пат, по некои божји патишта, а овој предлог кој го изнесувам е и предлог мислам на стручните луѓе, на комисиите кои учествуваа, предлагаат општината да се подели и сосема општината Самоков да биде поделена и се создава една неприродна географска целина. Така што Брод се провлекува како некое слепо црево скоро до Скопје, до општината Кисела Вода. Во тој поглед ако така дојде до решение мислам дека нема никаква оправданост да постои општина Самоков. Тогаш тоа е нарушен еден географски, економски, еколошки и друг аспект. Мислам дека предлогот кој го поднесов ќе биде разгледан, јас сум сигурен дека ќе биде

разгледан и дека ќе биде почитуван.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, јас чувствувам само должност во врска со овој проект што го имаме денес, еве трет ден на оваа седница да искажам само некои забелешки во врска со Предлогот за донесување на закон за територијална поделба на РМ во делот каде што дел од граѓаните од населени места се обратија до мене и да изнесам некои свои кратки размислувања во врска со конструкцијата на законот. Мислам дека овој закон треба да го поддржиме во намерата за неговото донесување и да се акцептираат сите аргументирани забелешки кои се изнесуваат во текот на процедурата за неговата постапка на донесуваше искажани во оваа прилика во Собранието, во расправата. Од аргументираните обраќања нашоделни населени места од РМ кои се доставени до ова Собрание и евентуално до предлагачот на РМ и мислам дека само на таков начин ќе донесеме конзистентен закон кој ќе може во практиката повеќе поефикасно да се спроведува. Неговата поддршка веројатно треба да произлезе и од нашата обврска која ја имаме преземено во овој Парламент со донесувањето на Уставот на РМ и нашите определби во врска со поддршката на уставните определби за формирање на локална самоуправа во РМ и во врска со донесувањето на законот за локална самоуправа во РМ. Определбата овој закон да се донесе во две фази, исто така мислам дека е добра определба од причини што ние поради сложеноста на материјата и интересот кој го предизвикува со оглед дека се тангира за судбината на сите граѓани во РМ. Исто така, ја поддржувам од причини што се работи за факторот време за кој исто сметам дека на некој начин ние сме во една поодмината фаза на закаснување за носење на овој закон од кој

ќе произлезат нови обврски пред се за собранијата на општините од локалната самоуправа и за другите државни органи за неговото спроведување.

Веднаш би кажал во врска со некои забелешки што ги имам во врска со законот за кои сметам дека предлагачот треба да ги има во вид кога ќе го достави конечниот предлог за донесување во ова Собрание, а тоа се следните. Со оглед дека овој закон покрај тоа што го определува подрачјата на единиците на локалната самоуправа, исто така во членот 1 определено се определуваат имињата, седиштата и границите иако за границите на катастарските општини во образложението е видно дека предлагачот моментално се ограничил тие да не ги дефинира со оглед на тоа што постојат многу во Предлогот за донесување на закон алтернативи кои допрва треба да се издиференцираат и во однос на аргументираните забелешки од бројните субјекти кои треба исто така треба да се имаат во вид. Но, во секој случај јад би ги истакнал и тие некои забелешки кои очигледни се присутни во текстот, во делот онаму каде што можев јас да ги забележам. Тоа е во членот 8 точката 31 каде е општината Демир Хисар, со седиште во општина Демир Хисар, предлагам предлагачот да го консултира Собранието на општината Демир Хисар во однос на името за седиштето на општината со оглед на фактот дека во минатиот период постоеја некои иницијативи во врска со промена, или измена на името на самата општина, не знам во која фаза е тоа сега направено и дали постојат некои иницијативи во таа смисла. Мислам дека треба притоа да се обезбеди задолжителна консултација на постојното Собрание на општина Демир Хисар, дали во таа смисла има преземено некои активности и дали тие иницијативи сеуште виреат на теренот, или не виреат.

IV/4.-

Второ, во определувањето на населените места исто така во членот 9 во точката 31 за општината Демир Хисар населените места Радово, и Суво Грло се ставени во општината Демир Хисар нужно по критериумите што произлегуваат од Законот, а и по самата фактичка состојба што е на теренот истите населени места и по барање на граѓаните, истите населени места треба да се предвидат во ново предложената општина Сапотница. Значи станува збор за селата Радово и за селото Суво Грло каде што овде е именувано како Расово, а всушност се работи за с.Радоцо. Исто така, во точката 31 во општина Демир Хисар именувано е едно село Гариште, веројатно се мисли на селото Граиште, а исто така едно населено место е именувано како Загорче, а веројатно се мисли на населено место Загориче кои коригирани со нивните вистински имиња треба да останат онака како што е и во Предлогот на законот.

Во новоформираната општина под точка 32 предлогот за Сапотница населеното место Простране треба да се именува како Прострање, а предвидените населени места онака како што се предвидени овде во текстот на законот Мало и Големо Илино заедно се стекнува впечаток дека се работи за едно населено место, треба да се одвојат: Мало Илино, Големо Илино. Исто и за селата Мало и Големо Црско, Мало Црско и Големо Црско и за селото Цероф треба да стои Церово. За населеното место Лесково кое моемнтално е предвидено во новоформираната општина Сапотница во која миграцијата е до крај изведена поради познатите околности поранешни што постоеа на теренот и поради настанатите и изменетите комуникациски врски во меѓувреме и голем дел на населението кое мигрирало најголем дел е лоцирано во населбата Демир Хисар и населените места Суводол и Котретино, а имаат свој недвижен имот во населеното место Лесково, истите бараат и предлагаат да останат во општината Демир Хисар со

оглед на тоа што новината комуникација со нивните имоти евентуално би била многу поле на во врска со новата комуникација која ја имаат преку селата Стругово до Лесково, преку с.Слепче до Лесково и евентуално преку уште една врска која оди преку Демир Хисар. И постои уште еден проблем во точката 8 став 1 точка 52 од општината Крушево по следните населени места кои се именувани како Кочиште и Растојца. Нивните граѓани кои по пописот во с.Растојца се некаде 20, а во Кочиште се 40 од последниот попис од официјалните податоци со висока старосна структура на населението во тие две населени места. Бараат при оваа прилика да се приклучат во општината Демир Хисар, всушност да бидат во точката 31 поради бројните факти и околности кои дефакто се присутни на теренот и кои во оваа прилика јас нема да ги набројувам и нема да ги образлагам во интерес на времето.Т ие факти и аргументи се доволно уочливи, не мора ни да се вагаат, да се ставаат на вага, доволно е само да се погледнат и да се утврдат дека постојат, да не се заобиколат и нивното барање на овие граѓани од овие две населени места е упорно да се изврши во оваа смисла, всушност се сведува само на едно. Да една постојна фактичка ситуација која егзистира долги години без разлика на нивното административно формално определување и со постојниот закон за определување на општините и населените места да биде и формално сега во процедура на носење на овој закон санкционирана со овој закон.

Јас нема да кажувам дека постои нивна љубов кон тоа тие да се одделат од општината Крушево и да се припојат кон општината Демир Хисар, ниту зборувам за љубовта на општината Демир Хисар дека сака да ги пригрне овие две населени места, со тоа ќе си создаде веројатно вишок на свои проблеми, било кое раководство во самата општина. Зборувам само за објективниот нивни страв на овие граѓани од овие две населени места со оглед на високата старосна граница дека се

напуштени од сите и дека сите потреби свои ги обезбедуваат преку општината Демир Хисар со која многу далеку, многу полесно комуницираат со оглед на познатите географски и природни фактори во кои се сместени во тој дел и се надеваат дека нивното барање ќе биде уважено од предлагачот во позитивна смисла и еве, во оваа прилика ме замолуваат јас да го пренесам тоа пред предлагачот, предлагачот да најде можност само да ги посети на едно 10 минути и без разговор да ги констатира тие факти онака како што постојат на теренот. Јас се надевам на природно нормално исходите за таквото решение и во име на тие граѓани изнесувам благодарност во оваа прилика.

**ДИМТИАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван потпретседаеле, почитувани колеги во суштина сега кога расправаме за законот за територијална поделба ние мислиме на реализација на Законот за локална самоуправа. Во суштина да реализација на еден мал Устав на автентичните права, слободи и стремежи и на изворните надлежности на човекот граѓанин, односно како да се реализира човекот граѓанин во целост како правно политички субјект што одговара на определбите на цивилното општество. Овој законски проект го сметам исто така и за една нова голема инвестиција на РМ за еден поголем инвестиционен проект за реализација на граѓанските интереси. Дали реализацијата на човековите права и слободи е поблиску до политичките интереси, или пак до автентичните стремежи на човекот ќе каже демократското јавно мислење како алтернативно на овој предлог. Меѓутоа важно е дека со Предлогот се проектира во суштина едно ново гледање и е на нова самоуправна епоха на локалната заедница. Се разбира притоа дека демократијата како политичка основа за реализација на автентичните стремежи на локалната заедница не е доволно, туку потребно е повеќе како што беше истакнато во бројните дискусии, односно потребна е и материјална сигурност, потребно е и традиција ниво на култура за обликување на

вакви модели. Македонската држава дефакто и дејуре веќе половина век има државно правна историја и традиција и искуство и по вакви проекти, се разбира често менувани, но и под извесна идеолошка супремација. Сега би требало да зборуваме за една по реална територијална поделба заради тоа што истата ја обавуваме во услови на уставни рамки на граѓанско општество. Па затоа сега во услови на граѓанско општество нема баш никаква потреба да мешаме поими на етникуми, на религии, или колективистички проекти и слично, а често провејува низ дискусиите до сега барем по ова прашање кое и е иманентно на едно цивилно општество. Зборуваме исклучиво за граѓани, не за етнички припадности. Битно е во која мера и колку ќе се проектира еколошки капацитет што ќе овозможи реализација на основната одредница, односно реализација на изворните надлежности, права, слободи и интереси на граѓаните. Задачата на предлагачот, а и нашата како законодавец да ја релаксира и задоволи во целост граѓанската волја е многу сложена. Ова и поради следното. Таму каде што постои живот и каде што постојат луѓе секогаш постои волја за самоодржување, емоции за загубените традиционални можности, постојат чувства дека нашиот нагон за автентично самореализирање нема да не изненади. Впрочем и на тоа го фундираме и овој проект на територијална поделба. Па нели сме опсипани со желби и стремежи за општини и не само сега, туку и порано пред десетина, уште пред десетина, петнаесет години. Немам сомневање дека за креацијата на понудениот предлог е вложен труд на потврдени стручњаци и експерти и намера да се наруши рамномерниот и хармоничен развој на РМ како државен интерес во прв ред и самоодржување на еколошките капацитети на просторот посебно на неразвиените. Свесен сум дека тешко и одговорно е да се критикува овој проект, но исто така е одговорно и ако некои работи се промашат.

V/1 РД/ЛБ

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**: (продолжение)

Мораме да бидеме свесни дека времето во кое го носиме овој закон е многу чувствително. Приватизацијата врши дисолуција на општествена своина и продуцира сиромашни слоеви. Тешко ќе се финансираат изворните надлежности слободи и надежи на граѓаните. Законот на пазарната демократија е немилосрден. Прилично голема е ерозијата на поедини еколошки капацитети, поготово популационата, Мариово, Дебарце, Малесија. Катастарот од расположливите природни ресурси не ни е доволно среден и секако имаме бројни интередисциплинарни студии. Времето бара секој денар да се лоцира на право место со поддршка на научно истражувачките проекти. Одржувањето на финансиската кондиција на локалната администрација и локалната инфраструктура, улици, простори за спорт ќе биде секако отежнато. Затоа имам убедување дека законот треба уставно да биде промовиран за две години, а тек после да имаме дефинитивен закон за територијална поделба.

Што се однесува до изборната единица од која што потекнувам, општината Луково, Долни Дримкол со сите населби што се номинирани во предлогот за територијална поделба, мислам е добра и таму се чувствува задоволство околу тоа, нема проблеми, веројатно ќе се јават проблеми околу тоа каде треба да биде центарот, меѓутоа тоа не е многу клучно.

Втората општина Лабуништа, Подгорцје , Боровац исто така нема некои вознемирувања во негативна конотација и таа е прифатлива. Вевчани како општина е добро решение, затоа што таму постои долг период на носталгија за пропуштените традиционални можности желба да се постои и уште во самоодржување на постојно еколошки капацитет. Секако дека попроблематично е прашањето со Октиси кое се спојува према општината Струга , што би рекол со речникот на г-динот Вангелов: "се носи преку вода"на два тринаесет км. а со Вевчани претставува една

географска и функционална целина на растојание од 1 км. ценам дека е потребно да се води дијалог во насока Вевчани како центар и Октиси со Вевчани. Има предлог од граѓаните еколошки деградираниот простор Малесија со селата Мислодежда и Богојци да бидат општина што мислам дека е добро, Мислодежди и Богојца се села во кои што живее албанска националност, другите се од македонскиот народ и мислам дека еден таков спој кога луѓето го бараат зошто да не им го дозволиме, ако се разбира и процентите на предлагачите и експертите се вклопуваат со ова гледање. При ова на крај сакам да кажам дека примерни се државните интереси на РМ , мора да водиме сметка кои локалните желби и стремежи да ги вклопиме во општите за да направиме нешто добро за Македонија во денешно време.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, воведното излагање на министерот за правда д-р Владо Поповски по Предлог за донесување на законот за територијална поделба на РМ го следев со посебно внимание. Мислам дека Поповски јасно ги кажа целите што треба да се постигнат со донесувањето на овој закон и што се со него ќе добие нашата држава на планот на побрзото решавање на прашањата што имаат локално прашање. Се разбира и преку активно ангажирање и на претставниците за кои се однесуваат сите тие прашања.

Според предлогот за донесување на овој закон се предлага нашава држава да се подели на 111 општини. Значи покрај сегашните градски општини да се формираат уште 77 селски општини. Фактот дека со овој закон Владата на Македонското стопанство му дава шанси за позабрзан развој и го става во еднаква положба со градските средини, кај многу мина пратеници во првата и во оваа расправа по овој закон предизвикаа коментари во кои може да се забележи некое жалење што ќе дојде до ова историско будење на македонското село. Се жали што и нашето селанство ќе добие право да се организира за побрз излез од

натрупаните тешкотии што му ги нанесе бившиот систем. Се жали што македонскиот селанец по тортурите што ги доживеа од стариот систем добива право да се организира во своја општина и јасно и гласно да побара решение за маките што го стегаат одамна. Се жали што нашиот селанец со овој закон ќе добие право да ја крене главата што досега како ној му беше закопана во песок и јасно да каже доста беше тоа што го доживеа во стариот систем со аграрните реформи, колективизацијата, селанските задруги, национализацијата, арондацијата, аграрниот максимум и кои не други мерки за остварување на програмите на бившата партија. Да каже дека е жив и во новиот систем и тој има право да биде организирам до каква таква општина, а не поттурнат настрана од секој насекаде. И на крајот се жали што и во селата ќе има општини. Се жали што македонското село со помош на својата општина ќе почне да го организира својот живот по примерите на европските селски средини во кои одамна се надминете разликите село - град. Се разбира,. со помош само на државата.

Почитувани пратеници од оваа говорница за да се спречи донесувањето на овој закон, на законот со кој јас велам дека е закон за будење на нашето селанство на адреса на законот и тие што го понудија овој закон беа искажани тешки обвиненија. Се стигна до таму дури поделбата на државата на нови општини да се поистовети со делбата на Македонија во далечната 12-та или 13-та година, со нашата за жал никогаш непрежалена трагедија. Јас знам дека кога се критикува нешто, не се бараат зборови. Меѓутоа, не знам дали некој има право на јавно искажување на таква оценка. Јас му замерувам од вчера на г-динот Петковски што не реагираше за тоа што беа искажани такви оценки на овој план. Што беше речено дека поделбата на нашава држава на нови општини е исто и како делбата на Македонија во 12-та година. Мислам никој нема право да каже дека делбите на државата на општини е нова делба на она што ни остана од Македонија на 111 според нив нови

V/4

држави. Не господо, јас сум сигурен дека и вие така не мислите. Јас мислам дека со новите општини полека но со сигурни чекори ќе дојдеме до вековната цел на Македонецот сите македонии Сепак еднаш да влезат во една Македонија. Секое фрлање на вакви камења на овој закон мислам дека е против на оваа вековна желба на македонецот.

Во изминатите дискусии нападите против Предлогот за територијална поделба на државата, беа исполнети со разно разни аргументи во наводници, со кои се докажува дека со формирањето на нови општини ќе дојде до создавање на нова бирократија во државата, дека ќе се зголемат давачките на селаните за финансирање на новите општини, дека ќе дојде до ново осиромашување на и така сиромашните селани, дека новата поделба на државата ќе создаде хаос во неа, дека сиромашните средства во државата наместо за развој ќе се трошат за финансирањето на новите општини и така со ред, со вакви напади, со политички бои се критикува и оспорува предлогот за создавање на новите општини.

Моето мислење на овој план е поинакво. Јас во целост го прифаќам образложението што за овој предлог го поднесе министерот Поповски. При тоа би додал и нешто друго. Со формирањето на 77-те селски општини а можеби и повеќе, бидејќи нашите пратенички клупи се преполни со барање за нови општини мислам дека низ нашите села ќе почнат да дуваат нови ветришта за поубав живот. И што е најзначајно за мене селото ќе стане самостојно и независно за се и сешто од градот. Само ќе се бори за неговото подобро утре, и тоа ќе има право на едно парче од буџетската погача на државата. Во делбите на буџетските средства што се наменети за финансирање на сегашните 34 гломазни градски општини ќе учествуваат и новите селски општини. Значи делот од државниот буџет ќе оди и во селото. И селото ќе има право на негово користење. И селата господа пратеници учествуваат во создавањето на државниот буџет и тие по донесувањето на овој закон ќе добијат поголемо право во неговото користење.

V/5

Почитувани пратеници , нема потреба од сеење на страв дека со формирањето на предложените 77 селски општини заради нивното финансирање ќе дојде до зголемување на давачките на селаните кон државата. Мислам дека оваа теза што сега ја шират некои општински раководства , па и пратеници неможе да фати место меѓу селското население. Потврда за тоа се бројните барања на селата за добивање на законско право за формирање на општини. Досега, освен во селата нема ниту едно барање од градските општини за формирање среде градовите на една две или три општини, посебно надвор од нашава столица.

Господо новите општини нема да предизвикаат ново зголемување на селските давачки. Не, туку сегашните давачки на селаните кон државата како што се давачката за данок од земјоделска дејност персонален данок, данок на имот, данок на куќи и придружни објекти данок за патнички возила, данок за тракторите и комбајните, даноците од вршење на разни дејности низ селата, даноците на прометот,данокот на промет со земјоделско земјиште и кои не други давачки ќе останат во новата општина. Ќе се трошат таму каде што се создаваат овие давачки. Денарот од селото ќе се троши за потребите на селото и тоа прв пат после создавањето на нашава држава. Досега не беше така. Со овие надуени давачки на селаните располагаа сегашниве градски општини. Тие не враќаа во селото ниту скршен денар. Може ли некој да каже дека таа и таа општина на тоа и тоа село му даде парични средства за да купи една сијалица за улично осветлување , или му даде на некоја месна заедница да купи хартија за своите потреби. Не господо, сите овие средства досега се трошеа за потребите на градовите, а тие богами не се мали. Ете затоа сега градските пратеници не го прифаќаат овој предлог за донесување на закон за новата поделба на државата, посебно и тие што се пратеници и градоначалници. Од есен господо штом се донесе овој закон, јас се надевам дека ќе се донесе, овој срам,

оваа неправда кон селото ќе ја снема. Со господ напред по примената на законот за нова поделба на државата на нови општини, по две три години ќе видиме како и на кој начин новите општини се борат за ревитализација на соите селски атари. Колку градски селани ќе му се вратат на селото. Што се направиле или прават во обласна на решавањето на огромните селски комуналии. Значи ќе видиме дури по две три години.

Почитувани пратеници, со предлогот за донесување на закон на територијална поделба на државата во VIII-та изборна единица што се простира на стотина должински и 50-тина широчински км на 60 и неколку најсиромашни села в6 битолскиот дел на Пелагонија им се дава шанса да се организираат во три селски општински центри. Се предлага формирање на општини во селата Новаци, Добрушево и Старабина. Новаци и Добрушино треба да бидат општински центри за 20-тина полски уште толку села во ридиштата на Селачка Планина, а Старабина седиште на општина за 10-тина села од подрачјето на Мариовската област што им припаѓа на сегашната битолска општина. Предлогот на Владата на РМ во овие реони на полето и ридот и испуштениот дел од Битолско, Мариово да се формираат општински центри е добар и оправдан од сите аспекти на животот и работата на селата и јас како нивен претставник во Собранието на РМ го поддржувам. Го поддржувам со една забелешка за тоа каде , во кое село да биде центарот на Мариовската општина. Во Старабина или во Макрово. Ова го велам затоа што пред вас господо пратеници се наоѓаат барањата од селата на месната канцеларија Маково, во кои селата Маково, Ратеж, Орле, Брнек, и Ибени бараат седиштето на мариовската општина да биде во Маково. Жителите од овие села сметаат дека не постои оправданост седиштето на идната општина да биде во Сарабина и тие да патуваат за било каква потреба во ова село по беспаќе. Или како што велат тие од асфалтот во Маково, Ратеш и Орле да се вратат на калдрмисан пат дури 20 км до

V/7

Старавина. Жителите од Маково, Орле, Ратеш, Ивени и Брник бараат ако седиштето на Мариовската општина не биде во Маково, сите да бидат приклучени кон општината Новаци. Велат дека тој е нивниот сегашен правец на движење а не враќање назад. Ако овие барања не бидат задоволени се предлага повик за граѓанска непослушност од страната на месната канцеларија во село Маково. Од овие причини мислам дека владината комисија што работеше на утврдување на предлогот по Старабина да се формира општина , треба да го разгледа ова барање на Маково и останатите села и да предложи соодветно решение. Инаку добро што Битолско Мариово ќе добие своја општина, а тврдењето на некои дека државата точно се сврте кон овој дел на Мариово и дека не треба да инвестира во подрачја на стари и доодени селани, во подрачје кое долго време нема школи, свадби и кршевки се злонамерни за овој дел од нашава држава.

Во Битолско Мариово наскоро ќе стигне со векови чеканата вода за пиење. Владата на овој план инвестира околу милион германски марки, со господ напред на Илинден сигурно во Старабина што потече водата. Значи Комисијата што работеше на проектот за териториjаланта поделба на државата ќе мора да го преиспита својот став за тоа каде да биде седиштето на Мариовската општина, во Старабина или во Маково. Мислам дека не ќе згреши ако и во двата центри кои еден од друг се оддалечени до 20 км. се формираа две општини. Една во Старабина друга во Маково. Само така би се излегло од сегашниве тешкотии и расправии што настанаа меѓу мариовските села. Старабина како центар на мало Мариово и Маково како центар на другите мариовски села од левата страна од кањонот на Црна Река, треба да добијат свои општини. Двата центри се мали и сиромашни. Тие ќе му одолеат на пустошот ако добијат општина. Во Маково по една ипол деценија на есен ќе почне да работи училиштето што некој пред 15 години им го затвори.

Сигурно наскоро ваква радост ќе доживее и Старабина. Се надевам дека ова барање ќе биде прифатено и Старабина и Маково ќе добијат свои општини. Државата нема да се осиромаши ако издвои свои средства за финансирање на два градоначалника во овие села.

Почитувани пратеници пред малку реков дека во осмата изборна единица што зафаќа простор повеќе од половина од селата и просторот од сегашнава Битолска општина се предлага формираше на три општини, во Новаци, Догушево и Старабина. Овој предлог не дава целосна и праведна поделба на ова подрачје на општини. Ова подрачје мора да се формира со седиште во село Бачи како селски центар на селото од Кајмакчалан и селата што се наоѓаат крај меѓата со Грција мора ако сакаме ова подрачје да му одолее на пустошот по подолго време да добие општина. Впрочем во сите досегашни разговори и предлози на Комисијата за територијална поделба на државата токму беше влезено во списокот на новите општини. Им беа одредени и села и општински граници. Денес го нема во овој прв Владин документ за поделба на државата на општини. Прашувам зошто? Зошто е отфрлено мислењето на нашите експерти од разни области на науката за формирање на општина во с. Бачи. Кој од министерските кабинети го избриша Бачи од списокот на нови општини.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Луѓето што го повлекоа овој потег мислам дека не знаат каде се наоѓа Бачкото подрачје и од кабинети му го одзедоа правото на општина и предлагаат како подрачје да се приклучи на новата општина во селото Бистица.

Во оваа прилика, во името на сите селани од селата Бач, Живојно, Гермијан, Брод, Добровени, Скочивир, Сливица, Полог, Велесело, Добровени, Сович и Кременица, морам господата што на Бач не му дозволуваат да добие општина да ги поканам да ја посетат ова подрачје, а потоа да размисли дали во Бач треба или не треба да има општина. Ако таа господа нема време од столицата на Македонија да дојде во овој испустен крај на државата, што од Битола е оддалечен околу 50 км. и да ја погледне вистината аз оправданото барање за формирање на Бачката општина, еве од оваа пратеничка говорница ќе се обидам да ги презентирам основните податоци за ова подрачје. Со нив се надевам дека предлагачите на законот за поделба на државата на нови општини, а и пратениците што ќе гласаат за овој закон, ќе немаат дилеми за давање виза за формирање општина во с.Бач.

Бач е селски центар за 10-тина Кајмакчалански села, кои од Битола се оддалечени над 50 км. Сите села се наоѓаат крај меѓата со Грција. Гермијан од таа гранична линија е оддалечен околу 300 м., Живојно 100-тина метри подалеку, а Сович е до самата линија. Во Бач, Живојно, Добровени, Скочивир, Сливица, Полог, Брод, Велесело, Гермијан, Сович, во над 600 домаќинства живеат околу 1.500 жители. Некој ќе рече дека малку жители за општина има. Да, малку се, меѓутоа пред 2 децении беа многу повеќе. Тогаш во овие села имаше дури до 3 - 4 илјади селани кои во секое време со пушка в рака да го бранат ова катче од нашата

држава. Меѓутоа, миграцијата и емиграцијата го сторија своето и еве денес на кое дереџе го донесе и ова подрачје на државата. Остана празно со стари, но способни селани за да го спречат неговиот натамошен пустош и да не дозволат подрачјето да ја менува својата национална слика. На овој план од државата, покрај се она што таа може да го стори, како и за сите други раѓани, се бара да му дозволи да формира своја општина. Да формираат општина на ридско -планинско и погранично подрачје. Мислам дека во другите села ги нема овие карактеристики. Овде сите села во списокот на ридско - планински подрачја, за чии развој Владата води посебна грижа. Би кажал само дека овдешните селани за 20-тина месеци од својата држава добија: Живојно доби современ водовод, во сите села се добиени над 200 телефонски приклучоци, Бач доби водовод, за Илинден Брод добива и вода и пат, а наскоро асфалт ќе стаса и во Скочивир. Со еден збор речено, преобразбата на подрачјето е започната и раните од минатото почнуваат да се залекуваат.

Бач и околните села со предлогот за поделба на државата на општини се предвидува да биде во состав на општината Бистица, односно жителите од овие села по разни општински потреби треба да патуваат од Кајмакчалан на Пелистер, преку 50 км., мислам од една до друга планина. Досега ваква далечина на едно село до својата општина дали го решава проблемот. за било каква општинска потреба од Скочивир до Бистрица треба да< се минат 50 км., од Живојно до Бистрица над 50 км., од Бач до Бистрица над 40км., и од Брод до Бистрица нешто повеќе од 40 км.

Господо пратеници, донесувањето на законот за локална самоуправа и најавата на законот за територијална поделба селаните од

VI/3

Кајмакчаланските села ги очекуваат со нетрпение. Се знае зошто. Се надеваат дека преку овие закони со формирање на општина во Бач ќе бидат прекинати 50-годишните маки за општински потреби. Ќе бидат прекинати маките за било каква општинска потреба да патуваат под 50 км. до сега во Битола, а од сега до Бистрица. Меѓутоа, оваа желба на нашите жители сега е исправена пред големи пречки. Имено, наместо општина во Бач, а не во Битола, се предлага Бачкото подрачје да се приклучи на општината Бистрица. каква неправда!

Господа пратеници, селаните од Кајмакчалан оддамнина имаат длабоко чувство за правда. Поимот за правда е длабоко всаден во нивните души. Тие неправдата ја мразат и веруваат дека во Министерството за правда ќе се најде правда за остварување, односно за отворање на општина во селото Бач. Бачката општина, така се надеваат селаните од ова подрачје, ќе биде општина која ќе го стопира натамошното раселување на селата и за кусо време во нив ќе израснат нови млади чувари на овој погранични крај на нашата држава.

Владата на РМ на овој план овде во годината што мина како што реков, вложи многу непогодни средства. Подрачјето го измени ликот. Овде колку што е вложено минатата година, нема вложено половина век. Сега останува преку општината да се решаваат другите проблеми што стојат пред 10-те села. Бачкото подрачје е сиромашно. Со општина само знае како ќе излезе од сиромаштијата, заостанатоста и заборавеноста од стариот систем. Системот што го градиме е систем кој бара од селото, не само да се бара, туку да му се даде нешто. Да му се даде нешто што е неопходно потребно на оние кои постојано се осудени да даваат, а тие се знае кој се - селаните и никој друг. Ако е така, тогаш и на Бач сакале или не ќе мора да му се даде право на формирање на сопствена општина.

VI/4

Како што реков, Бач е центар на ова подрачје. Сите села минуваат низ Бач, сите патишта минуваат низ Бач. Во Бач има централно осумгодишно училиште ќе добројувам и јас како што набројуваат сите досега - Здравствена амбуланта, пошта, месна канцеларија, ветеринарска амбуланта, во селото делуваат пресметковна единица и откупен пункт за селско стопански производи на земјоделската задруга "Кооперанти" - пресметкован единица на комбинатот Пелагонија, откупна станица на битолски Југотутун. На подрачјето делуваат уште една пресметковна единица на ЗИК "Пелагонија" со седиште во Кременица, делува сепарација за песок и чакал во Брод, фабрика;, за кисела вода, шумско претпријатие"Кајмакчалан", рудникот за јаглен "Живојно" што чека во секое време да се отвори неговата јама и на крајот Бач е ретко претставништво на нашите граничари што ја чуваат нашата граница.

Бачкото подрачје, иако се наоѓа во ридско - планинското и погранично подрачје, што постојано е на удар на сушата, секоја година на државата и дава 5-6 милиони килограми пченица, милион килограми сончоглед, над милион литри овчо и кравјо млеко, илјадници грла прочуено Кајмакчаланско јагне.

Се надевам, господо пратеници дека овие аргументи се доволни за исполнување на барањата на селаните од Кајмакчаланските села за формирање на општина со седиште во село Бач. Се надевам дека ќе дадете поддршка за тоа господа пратеници, а Министерството за правда сигурно ќе ја исправи сегашнава неправда и нема да дозволи Бач да остане без своја општина.

На крајот чувствувам обврска на овој план да го кажам и тоа дека во Бач од разно разни причини општина формирала и туѓата монархија

што владееше со Македонија, а монархот изградил и свој двор во селото Бач. Зошто ние да не дозволиме денес во слободна и суверена Македонија Бач и околните села заради некоја политика да формираат општина. Бач и околните села од денес до втората и конечна расправа по предлогот за донесување на овој закон, за поделба на државата на нови општини, благодетите на локалната самоуправа ќе ги бараат во Бач а не во Бистрица како што беше во изминатите 50 години во Битола. За да не дојде до тоа, во името на селаните од овие села ве поканувам господа пратеници, пред да дадете глас за овој закон, да го посетите ова подрачје и да се уверите во тоа дека давате навистина исправен глас аз добивање на општина.

**БЛАЖО ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господин потретседател, дами и господа, мислам дека денес на дневен ред е законот за територијалната поделба на Македонија на локална самоуправа односно поинаку речено на општини. Мислам дека вака законот како е даден може да има забелешки, меѓутоа, мислам дека ние во изминатите неколку дена не зборувавме за измени и дополнување на законот, туку повеќе од име на теории како се создавале општини и како се работело во минатото, а не гледаме по законот и во иднина. Сигурно дека има некои забелешки на законот, но треба да бидеме конкретни, да зборуваме за законот. Законот е во I - фаза. Во 11-та фаза ќе уследат и амандмани и тоа што е реално и можно сигурно ќе биде прифатено, а тоа што не е, нема да биде прифатено.

Мислам дека концепциите што беа порано дадени, за мене можеби беше многу подобро што јас сфаќам би требало 6 до 8 општини кои имаат урбана целина, кои имаат урбанистичко решение, кои личат на град, кои имаат приходи и кои ќе можат да опстанат и понатаму како општини. Меѓутоа, се плашам за другите за да не дојде ден кога ќе кажеме дека не можат да опстанат ваквите општини поради тоа што има многу работи кои не се решени во тие општини. Имено, изградени капацитети за општина, за функционирањето во овие 34 општини, сега треба да градиме такви слични капацитети на други места. А што бива со овие капацитети кои ги имаме? Тие така ќе останат на страна, а ќе градиме други капацитети, со нови инвестиции и дали сето тоа би можеле да го издржиме.

Понатаму, општината, односно локалната самоуправа треба да биде заокружен целосен процес на производство, услуги на граѓаните, да учествуваат, управуваат, да создаваат, поблиску до граѓаните да се остваруваат граѓанските права. А дали тоа така ќе биде? Ако биде така, ќе бидеме најсреќни сите што сме овде. Меѓутоа, нема ли да се појави нешто да се каже, па сега имаме технолошки вишок, имаме стечајни работници, имаме многу невработени - ајде појдете таму да се вработите во таа општина. Од оваа општина вие сте првиот технолошки вишок што треба да помине во вашата општина која ја имате. Вие баравте да се формира општина, сега работете таму. Дали нема да можеме да продискутираме да се донесе некако да се заштитата работниците кои работат, сега се наоѓаат на работа, да не биде тоа, да не настане евентуално после неколку месеци, некоја година - значи, да не настанат вакви аномалии. Ако настанат, тогаш ќе имаме социјални потреси, многу поголеми и полоши. Значи и на тоа да се мисли. Сите ние бараме да имаме што повеќе општини.

Меѓутоа, дали се сме осмислиле што треба да биде. Сигурно можеби не. Поради сите тие работи што би настанале, јас саскам да скратам не сакам да одолговлекувам, туку да бидам конкретен, сигурно пратениците од другите општини кажаа доста за состојбите во одделни општини, јас би скал нешто да додадам, иако беше кажано, за општина Кочани.

Во општина Кочани се предлага да има општина во Оризари, немам забелешки на тоа. Општина Кочани, во Зрновци исто така, во Облешево исто така, со исклучок што беше кажано населбите Горни Подлог, Долни Подлог, и Мојанци да припаднат во Кочани, заради тоа што е поблиску комуникацијата. На другата страна што се појавува поради ваквите состојби и населба Сколарци, која е предвидена со регионалниот план порано пред 10-12 години да биде една урбана населба најголема во Кочанско, после Кочанско да биде Соколарци една урбана средина и таму да се градат капацитети и да се населуваат некаде до 2010 година да има над 6 илјади жители, заради тоа што таму има неискористени природни ресурси што би можеле да се користат. Имајќи ги предвид патиштата, комуникациите што ги имаат побрзо би дошле во Кочани отколку да одат во Облешево, можеби е и оправдано кога имаме и на други места вакви општини, формирани со многу помала територија, помалку жители и сите компоненти кажуваат дека би можело да дојде и Соколарци предвид на размислување за создавање на општина.

Ова го предлагам и го кажувам поради тоа што граѓаните сакаат и бараат во Соколарци да има општина со населбите Жиганци, Уларци, Лепопелци, Рајчани и така и така, РАјчани може да биде и во Кочани, а што е поправилно во Кочанската општина да остане Рајчани заради комуникација, а можеби заради целината да биде и во Соколарци. Понатаму, Спанчево, условно можеби и Чешиново.

**ТЕОДОСИЈА ПАУНОВ: (**продолжение)

Значи, би била една заокружена целина и географски и гранично и се и има ресурси за развој, особено за развој на сточарството на оваа територија. Некојпат, некаде 1946-1948 година имало над 20 илјади овци. Денеска може да се избројат колку има, значи нема. Така што може и треба да се размисли да поддржиме, ако веќе вака одиме расцепкано што мислам дека ова ќе биде поиздржана општина на оваа територија.

Во колку не се формира општина , подготвени се да останат во Кочани, затоа што патот кој од Соколарци, Жиганци, Лепопелци, Новоселани побрзо стигаат во Кочани отколку да стигнат во Обелешево. Не им е сигурна иднината во Облешево, повеќе отколку што во Кочани.

Повторувам, треба да обрнеме доста внимание и онаму каде не се изјасниле граѓаните, јас мислам дека е потребно да се изјаснат. во иднина самите да ја носат судбината, да не речат - еве Собранието на Република Македонија, Владата, Министерството не формира општина или не ни формира општина. Еве ги граѓаните, нека се изјаснат дали можат да опстанат или не. А, како што реков, најголемата опасност за мене, немој да настане, да се вратат работниците од градовите, од центрите поново на село, што би работеле, кога во изминатото знаеме се граделе фабриките и другите објекти само во центрите" на општините додека на село не се градеа ниту патишта, ниту вода, ниту струја, речиси селата скоро беа запоставени.

Сега, со овој закон, верувам дека нешто ќе се подобрат состојбите. Меѓутоа, да немаме и влошување. Што се однесува лично до мене, мислам на стручната служба, таа што законот го предлага, немам забелешки. Може би имам забелешки во политиката, дали така може

да биде од тие причини, додека стручната служба го изготвила Предлогот онака како што барале поедини населби, поедини општини, а што пропуштив и за проблемот, имаме доста општини на ниво на општина што со Законот досега не разговарале, не го ставиле на дневен ред во општината ред одборниците кои имаат мандат, да видат што мислат и одборниците.

Ако би можеле да ги скратиме дискусиите, да одиме конкретно по законот, да ја донесеме првата фаза на законот, а во втората фаза да разговараме во општините, постојни сега што ги имаме, да разговараме во новоформираните и со конечниот предлог, на некоја од наредните седници кога ќе биде готова Владата, да разговараме, па ако треба и амандмани да поднесеме. Тогаш да биде и завршната фаза на законот.

Благодарам.

**БЛАГОЈ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Причини за донесување на овој закон неспорно постојат и се со дебело образложение, аргументирани и издржани и реални. Се согласувам со прикажаната во Предлогот за донесување на законот образложение за состојбата со територијалната поделба на подрачјата на локалната самоуправа односно претходно општините во РМ, се согласувам со прикажаното во образложението како цели што се сакаат да се постигнат со донесувањето на овој закон и заклучна констатација од сите тие оценки е дека има потреба од донесување на овој закон, што е цел на оваа фаза на донесување на истиот.

Јас ќе бидам конкретен. По однос на новата поделба територијална на постојната општина Кавадарци, во Предлогот за донесување на закон се предлага формирање на три општини, општина Кавадарци и како нови општина Росоман што го опфаќа тн. подрачје и реон Црноречие и општина Конопиште која гравитира кон Мегденско-рожденскиот предел на територијата на постојната општина Кавадарци.

Предлогот од постојната општина Кавадарци да се формираат три општини, по моја оценка е адекватен и се совпаѓа со интересите, барањата и потребите на граѓаните кои живеат во населените места на овака напред искажаната нова територијална поделба на постојната општина Кавадарци.

Ќе отпочнам со општина Росоман, како нова општина. Таа опфаќа неколку населени места со поголема бројчаност од реонот Црноречие во Кавадарци и се оценува, ќе го истакнам само овој момент дека е вековна и историска работа и цел овој реон, таа територија и тоа население да добие општина во предлогот, како што министерството го предлага. Посебно е изразено расположението во седиштето на општината, Росоман, каде што од најмала до најстара популација еднодушно е барањето и интересот за формирање на оваа општина.

Зошто е тоа така? Тоа е така затоа што, како во Кавадарци така и во другите општини претпоставувам реално гледано еден подолг период има запоставување на решавање на проблемите и потребите на населените места од рурален карактер, селското население. Оваква територијално подрачна распореденост односно разместување со која што одредени селски население места се формираат како нови општини, како нови локални самоуправи фактички е една природна логична реакција на така запоставуваниот третман на овие села во однос на постојните градови, дека со формирање на сопствена општина сите потреби од функции и права на локална самоуправа порационално и поефикасно ќе

ги остваруваат своите права и непосредни интереси. Исто така, ова подрачје по големи на на територијата, по бројот на населението, по обезбедената инфраструктура , по објектите од општествен стандард ги исполнува сите услови ако што е предлогот за формирање посебна општина. Целта е дека со оваа општина поефикасно на таквата територија на подрачје каде што се предлага за општина Росоман, дека правото на граѓаните на локална самоуправа ќе се остварува по непосредно и по ефикасно, сите функции од локална самоуправа што сега ги има според Законот за локалната самоуправа, исто така ќе се остваруваат поквалитетно и порационално. Многу ќе се добие на планот на развојот на овие села и на крајот на краиштата тука се опфаќаат со формирањето на локални самоуправи како што се Европските и светските стандарди за локална самоуправа.

По однос на општината Конопиште и во претходни консултации со министерот и непосредно со него е да се добие ефект како развојна целина Конопишката општина во која е еден ридско - планински и пограничен поредел за поставуван 50 години до сега и целта е како развојна целина, во формата на локална самоуправа да се добие ефектот на третман на таа територија, третман на потребите и интересите на тоа население и крајната цел, постигање на сите потреби од развојните цели за една стандардна норма на живеење во локална самоуправа во таа идна нова општина.

Сметам дека на овој план една забелешка треба да се има предвид од страна на предлагачот, бидејќи во вакви општини каде што е мал бројот на населението, а каде што е многу големо пространство на територијата и каде што се очекува ефект од враќање на граѓаните веќе иселени во градот Кавадарци заради решавање и на станбеното и прашањето на вработувањето во оваа општина ако развојна целина, да се има во предвид во почетниот период бидејќи постои една реална

опасност, заради незаживување на месната самоуправа, заради неможноста со постојните извори на средства да се покријат и најминималните потреби за функционирање на една локална самоуправа како што е случајот со Конопиште, ако се остави без интервенција од државата, да се девалвираат и функциите во таа локална самоуправа, функцијата на бираните органи, на раководството на идната општина како и функциите и целите од овластувањата и надлежностите што би ги имала таа општина, мислам дека предлагачот како во овој случај во општина Конопиште каде што исто така се потенцира неспорната потреба како развојна целина ова подрачје да добие третман на општина како локална самоуправа, но една реалност во делот на тоа што во вакви случаи кога имаме такви општини каде што реално гледано во еден догледан период кога ќе се постигнат стварните цели поради кои што се предлага општина во вакви подрачја, што на планот на обезбедувањето на материјално - финансиската основа зад бираните лица и материјалната основа за остварување на основните функции на таквата локална самоуправа. Ова со цел да не се доведе до преголема зависност на тие општини од страна на државата. Тогаш се окрнува и самото право на локална самоуправа што се дава со ваквата нова територијална поделба и исто така да не се потцени, да не се девалвира и остварувањето на функциите во таквите општини.

Со сето ова давам поддршка, бидејќи сум пратеник од овие населени места што се опфатени со две нови општини од постојната општина Кавадарци, давам поддршка на предлогот за донесување на Законот за нова територијална поделба на РМ, и посебно на делот кој се однесува за општина Кавадарци.

**БЛАГОЈ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор, г-дин Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, Сакајќи да застанам до Предлогот за донесување на закон за територијална поделба односно парцелисување на државата не од тоа што сум убеден дека големиот број општини ќе го реши болното прашање како граѓанинот поефикасно ќе биде услужен од администрацијата и како побрзо да дојде до остварување на граѓанските права, туку од причина што било кое понудено решение за ова, за мене многу сложена материја, не е можно да се постигне максимумот на реалноста.

Од тие причини и од не можноста односно ускратената можност за непримена на членот 15 од Законот за единиците на локалната самоуправа ќе пренесам мислења на неколку месни заедници и свое мислење на предложената поделба во општината Струмица, поконкретно во изборната единица број 70.

Имено, анализијќи ги критериумите при изработката на Предлогот на законот со кој локалната власт треба да се приближи до оние делови на земјата кои имаат физичка дистанца од центарот било тоа да е општински или републички и конкретно критериумот реалност и традиција на постоењето на новите единки на локалната самоуправа, чувствувам за потребно да кажам како препорака следно:

При предлагањето на конечниот текст во втора фаза, бидејќи се залагам законот да го гледаме во две фази, да се имаат предвид просторните урбанистички членови на постојните општини од причина што примерот на општина Струмица накажува дека истите не се доволно консултирани односно земени во обѕир.

Знаејќи ги предложените надлежности дадени од Законот за локална самоуправа во смисла на уредување на просторот преку нови детални урбанистички планови што сами по себе повлекуваат и зафаќање на нови земјоделски површини, заради потребата од заштита

VII/7.-

на земјоделското земјиште ќе го спомнам законот за заштита и користење на земјоделско земјиште како добра од општествен интерес. Има потреба од заштита, имајќи предвид дека во понудениот закон е кажано дека земјиште од I до IV категорија земјиште не се пренаменува од земјоделско во градежно земјиште. Сакам да дадам акцент на овој дел, бидејќи се стекнува можност за производство на храна. Во моментов ние сме производители на храна во доволна мера. Меѓутоа, со вака големиот број општини ќе се доведе во прашање производството на храна.

Сакам посебно да обрнам внимание на овој дел од Законот.

Конкретно би кажал за неколку населени места во изборната единица бр.70. Тоа се населените места Чепели, односно Менеште, Дорломбос и Орманди, населени места кои по предложениот Закон се пред- видени да патуваат во ново предвидената општина Куклиш. Преелагам овие населенеи места да не бидат во ново предложената туку да останат во општина Струмица од едноставна причина што, за да дојдат до Куклиш треба да патуваат низ Струмица па потоа да одат во Куклиш. И, од една друга едноставна причина што овие места се исклучиво со турско национално малцинство, и потребите за остварување во општина Струмица преку општинските органи, во општинските подрачни единици присутни се референти од турското малцинство. Овде, таа можност во предложената. нова општина не ќе можат да ја остваруваат.

Исто така во тој дел е и селото Костурино, кое -за да дојде до Куклиш треба исто така да ја помине Струмица па потоа да се вклучи во Куклиш, и, од една друга причина, што на територијата на населените места, катастарските општини на населените места Чепели и Мемешли, припаѓаат сега во предлогот на општина Струмица. Овие катастарски општини припаѓаат на селото Костурино. Водоводот изграден за тивка вода се наоѓа точно во овие две населени места. Во овие две населени места нема луѓе. Тие опстојуваат само како катастарска општина. Тие

две катастарски општини се откупени од селото Костурино и сега фактички работењето на Костурино е во овие две катастарски општини. Значи, како заклучок би дошло каде ќе одат тие две населени места однос но катастарски општини треба и Костурино да оди. Предлогот за овие две населени места е да бидат во Струмица, а не како што е предлогот за Костурино во Куклиш. Тука веројатно има направено една грешка, населеното место Раборци претставува една целина со селата Попчево, Рич, и Белотино а тие се предвидени во Струмица а местото Раборци е предвидено на Куклиш. Значи, работици да биде бришано од Куклиш да остане во Струмица, затоа што претставува една целина со овие населени места Рич, Белотино и Попчево.

Би рекол уште за две други населени места што се на другата страна према Радовишка општина тоа се населените места Радичево и Дукатино. Тие две населени мета се предложени да бидат во општината Радовиш. Населението не се слага со овој предлог од причина што тие се од Василево оддалечени околу 8-9 км. За да стасаат до Радовиш, Радовиш-Василево е 30 км. Значи, треба да поминат додатни 20 километри да дојдат до Радовиш.

VIII/1.НН/МЛ

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Друг податок за кој треба да се размисли е податокот што во последните неколку години општина Струмица во село Радичево и Дукатино изгради културни домови, и тоа нови, изгради школо, изгради водоводи а сега во моментот се гради пошта за овие две населени места која што само во моментот само чини повеќе од 10 0 илјади германски марки. Значи Струмица има доста вложено во овие две населени места за да бидат во општина Радовиш.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Потребата од донесување на овој закон произлегува од член 116 од Уставот на Република Македонија. Со формирањето на повеќе единици на локална самоуправа на територијата на Република Македонија можеби ќе се придонесе одделни подрачја во Република Македонија да се обликуваат и да се формираат во функција на задоволувањето на секојдневните потреби на граѓаните од подрачјето на единиците на локалната самоуправа. Меѓутоа изработката на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определувањето на подрачјата на единиците на локалната самоуправа без претходна добра анализа за економската оправданост на овој предлог, реалната можност за формирање и егзистирање на волку голем број на општини мислам дека ќе донесе дополнителни тешкотии во практичната примена на овој закон. Голем дел од новопредложените општини заради финансиските проблеми не ќе можат да профункционираат, односно ќе бидат додатен терет на Буџетот на Република Македонија.

Почитувани пратеници, веќе два дена се сменуваат дискутантите на оваа говорница и секој од свој аспект ги изнесува забелешките и предлозите кон законскиот предлог за територијална поделба што ни се

нуди, но основна моја констатација е дека пратениците останаа ускратени за поопширен и поиздржан Предлог на закон кој секако во себе требаше да содржи една детална анализа за економската моќ на новопредложените општини, нивните ресурси како можни идни центри за самофинансирање, а исто така потребно беше да добиеме како прилог кон овој закон и карти со територијална поделба на новите општини како би можеле да добиеме јасна претстава за територијалното протегање на истите.

Исто така, сметам дека овој закон е претежно кабинетски работен, така да во одредени подрачја се случуваат низа нелогичности при дефинирањето на рамките на новите подрачја на општините. Така на пример на територијата на општина Кичево се предлагаат пет општини а притоа се јавуваат одредени нелогичности.

Населените места Остој, Раштани и Кнежино претставуваат една географска и економска целина која природно гравитира кон општинскиот центар Кичево. Овие населени места се поврзани со градот, т.е. тие се сраснати со него па не можат да се дефинира точно реска граница каде завршува градот, а каде почнуваат тие. Овие населени места се и инфраструктурно поврзани со градот. Кога овие места би се приклучиле кон новоформираната општина Зајас, како што е планирано, жителите од овие места, т.е. приградски населби Остој, Раштани и Кнежино би морале да доаѓаат прво во Кичево, а потоа да користат превоз за Зајас, што сметам дека е непрактично.

Исто така, би ја спомenала и желбата на граѓаните изразена преку разни состаноци на месните заедници и политичките партии за што се поседува мноштво записници, а исто така и најголемиот број на граѓани од овие населени места сакаат да останат во општината Кичево. Од сите овие причини сметам дека се објаснува оправданоста на оваа моја забелешка дека населените места Остој, Раштани  и Кнежино треба да

останат во состав на општината Кичево. На крајот би заклучила дема го поддржувам предлогот за донесување на овој многу важен и суштински закон за понатамошниот развој на РМ да се донесе во три фази како би имало доволно време за да се слушне гласот на базата, а во едно да се подготват и неопходните анализи за економската моќ и оправданоста за формирање на новопредложените општини што е основа за нивното опстојување за да не ни се случи овој закон да биде донесен за еднократна употреба.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Само една минута како интервенција повеќе бидејќи се повторува една теза за која што и сега ја слушнав и се повторува од една пратеничка група. Од тие причини си опростувам што сатанувам после г-ѓата или после самата бидејќи би било некавалерски да интервенирам на нејзината теза, не е нејзина теза тоа е теза на една парламентарна група која што смета дека големиот број на предложени општини од 111 ќе западнат во финансиски тешкотии, не ќе можат да ја издржуваат својата администрација и ќе бидат дополнителен товар на Буџетот. Притоа имплицирајќи заклучив дека нужно треба да се оди на помал број. Јас повторноке кажам дека ние до тој број дојдовме аналитички, во таа анализа можеби погрешивме и сме отворени на аналитички забелешки и сме подготвени на корекции доколку има аргументи за тоа. Во таа насока она што се однесуваше на Кичево го прифаќаме и сметаме дек таму е направен превид и ќе направиме измени. Меѓутоа информацијата е следната. Сегашните 34 општини 50% се издржуваат или функционираат на база на буџетска поткрепа. Во согласност со забелешката од г-ѓата и од другите пратеници на Парламентарната група на Либералната партија како на при,. и од г-динот Слободан од вчера и од г-динот Соколовски, исто така вчера би требало најлогички да се предложи во Македонија да има 15 општини, бидејќи само 15 општини не се на буџетска издршка.

Ако се земе од друга страна дека тие 50% зафаќаат една огромна територија од територијата на Република Македонија, значи половина од Република Македонија не може да се издржува тогаш логички би требало една општина да биде односно да биде само Скопје евентуално како општина и на крајот радикално логички само држава, не треба да има никаква општина за да нема никакво оптеретување на Буџетот, а државата да има свои територијални подрачни единици бидејќи и така било природно нив да ги финансира Буџетот, бидејќи се буџетски потрошувачи и тогаш Буџетот не би имал никакво оптеретување. Имено, да укажам Буџетот се средства што се создаваат по различни линии од сите граѓани на Република Македонија.

Второ, Буџетот е сосема уставно природно а и препорачано од повелбите на Советот на Европа да биде еден од изворите на финансирањето на посиромашните општини, меѓутоа тоа е Повелбата за локална самоуправа од Советот на Европа. Сите посиромашни општини треба да бидат поткрепени од Буџетот, заради нивното издржување. Се разбира, за да се постигнат други корисни цели низ услугите на општината за кои вреди Буџетот да дополни.

Само ова сакав да го појаснам дека и денес 50% од општините се буџетски поткрепени и дека никаква новина во таа смисла нема да се создаде а ниту можеби мислам поголеми буџетски средства отколку што се денешните.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Мислам дека господинот министер не ме разбрал добро.

Пратеничката група на Либералната партија се залага не за 115 туку за 250 општина бидејќи сите нозонастанати општини ќе бидат сиромашни, така да не им се ускрати правото на сите барања, а имаме

300 барања. За тоа се залага Либералната партија. Не слушнавме и во овој момент како ќе се финансираат општините. Кажано е дека ќе бидат во контекст на Буџетот, со кои средства како ќе се обезбедуваат да не ни се случи она што се случи во Словенија. Во Словенија е хаос а тоа го познава министерот бидејќи не може да профункционираат новонастанатите општини. Нека потврди министерот дека не е така.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се разбира дека Буџетот не е единствен извор за финансирање на општините и дека најприродно е општините да се финансираат од другите извори што ги предвидува Законот за локална самоуправа. Во Законот за локална самоуправа, на пример еден од изворите е и процентот од Законот за промет на стоки и услуги. Со Законот за реорганизација на Република Македонија на општини ќе биде точно предложен точно конкретен процент од Законот за промет на услуги и стоки некаде на ниво 30% зафаќање од тој закон за средства на општината а поделбата на тие 30% како маса индекс 100 со една шема во однос на општините зависно од нивната големина и слично.

Има и други извори, тие конкретно се забележани во Законот за локалната самоуправа и треба да се респектираат. Ние проценуваме дека со тој систем на извори на финансирање на општините од Законот за локална самоуправа и со конкретизацијата на Законот за спроведување на реорганизацијата на општини дека ќе се покријат потребите на општините и таков хаос претпоставуваме нема да дојде.

Исто така изразувам сомневање дека во Словенија е хаос. Прво изразувам сомнение бидејќи тоа не е општо позната работа. Тоа е на некој начин познато само на некои.

Второ, изразувам сомнение со оглед на критичноста на изворот од каде што доаѓаат такви сознанија. Претпоставувам дека тие информации доаѓаат пред се од општинските функционери или од државните функционери. Претпоставувам дека раководителите на единиците на локалната самоуправа како нови субјекти во областа на управувањето со дел од работите не учествуваат во таквите проценки и конечно треба да се провери еден систем, исчека едно искуство кое што треба да се покаже во едно разумно време, така да се каже, а не да се антиципира негативен крај или перспектива на една институција на база на хипотези кои што евентуално имаат некоја искуствана поделба за некоја друга средина.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

За да не биде на теории и претпоставки, мислам дека како Парламент ќе се обратиме до почитуваната господа од Словенија, ќе ни испратат, па Вашиот колега ќе ни испрати писмена информација која ќе ја поделиме на пратениците. Заложбата е да се оди на двостепена локална самоуправа, што е влезено во постапка, во процедура, а ние знаеме дека во Македонија е едностепена. За да се докажеме дека не е хаос ќе ја добиеме информацијата, има време за месец дена, ќе ја поделиме пред пратениците, ќе го видиме искуството во Хрватска, ќе го видиме искуството во Словенија, така да не остане во Македонија секогаш да се експериментира и секогаш да биде пропадната работа.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Гопсодине потпретседателе, господа пратеници, јас ќе бидам доста краток во својата дискусија, затоа што овие денови колку што трае расправата по Законот за територијална поделба се изнесоа доста теоретски видувања по законот, се изнесоа доста видувања кои што

можеби беа и надвор од теоријата, туку од практиката што се случува. Ми се чини дека нас како Парламент крајно време е да ја конституираме и четвртата власт во Републиката. Покрај законодавната и извршната и судската власт која што веќе е во крајна фаза пред конституирање, со конституирањето на основните судови по градовите треба да ја конституираме и локалната власт, односно локалната самоуправа.

Дали Законот е адекватен или не е адекватен, дали Предлогот на законот ги погодува барањата и желбите на граѓаните на Република Македонија треба малку да се излезе надвор од канцелариите и да се појде на терен, како што прават поголем дел на пратениците и да се разговара со луѓето, затоа што поголем број од луѓето во своите дискусии се за тоа помалите општини се вистинскиот пат за да се заштитат интересите на граѓаните. Бидејќи во една отина каде што пред се сите работи кои што се прават се однесуваат на градот, запоставени се нас8елените места, а додека со создавање на помали општини ќе можат сите луѓе да ги заштитат своите интереси, односно и оние сега најзафрлени краеви од нашата Република, најзафрлените населени места ќе можат преку свој претставник во советите на општините да ги бранат своите права и да ги остваруваат своите права. Затоа мислам дека еден ваков концепт на Законот дава можност граѓаните многу понепосредно да си ги заштитат своите права и преку бројот на општините кој што се нуди. Дали со крајниот предлог ќе биде тука или некоја општина повеќе или помалку, мислам на одреден начин претставува вистинска формула за оваа Република, ако земеме од европските или светски искуства каде што од прилика општината по големина брои околу 20 илјади жители, нашите општини во просек би дошле некаде околу 18 до 18,5 илјади жители. Затоа многу е невкусно кога се што ќе се обидеме да направиме овде во оваа наша држава

веднаш го споредуваме со некои други. Зошто еднаш ние да не направиме нешто оригинално, туку да мислиме дека идеите на другите стално се подобри од нашите идеи. Да видиме како и на кој начин ќе функционира ова. Јас единствено можеби гледам големо противење од страна на некои политички партии на локалните избори, само можам да го оправдам тоа противење во немање на вистински аргументи од страв на излегување на избори, бидејќи некои од политичките партии се неспремни за да излезат на избор на есен. Тоа сакаат со оддолжување на Законот што повеќе да го пролонгираат времето. Но, овој закон сакале или не сакале поради многу состојби мораме да го донесеме во предвидениот рок бидејќи веќе втора година општинските собранија функционираат надвор од Уставот на Република Македонија, односно веќе се преминати сите норми кои што можат да се поднесуваат и затоа мораме до есен да ја конституираме локалната власт, со тоа што да им дадеме еден легитимитет на општинските собранија.

Во однос на она што е понудено како поделба во прилепска општина грото од граѓаните на прилепска општина немаат поголеми забелешки, бидејќи тоа е што на одреден начин се почитувани желбите на граѓаните од прилепска општина и четирите нови општини кои што се нудат со Предлог законот за новата територијална поделба на одреден начин претставуваат географски и политички целини, така да се рече, и мислам дека ќе може да функционираат. Тоа се однесува и за понудената општина Тополчани и Кривогаштани и Долнени и посебно Мариовскиот дел, кое што нормално дека по бројот на жителите не би можел да биде општина но нејзиното стратегиско значење и нејзиното влијание во однос на одбранбената политика на Републиката дава едно поинакво светло на формирањето на оваа општина.

Јас би додал една работа која што со министерот ја дискутиравме и на Комисијата за политички систем. Има една мала нелогичност во

однос на двете населенн места, Мало и Големо Коњари, кои што се на четири до пет километри далечина од Прилеп, а треба да одат во општина Кривогаштани. Тие од еекогаш на одреден начин претставувале приградски населби на општина Прилеп и мислам дека таа мала грешка ќе се корегира и ќе се почитува барањето на жителите од овие две населени места и тие ќе останат во атарот на општина Прилеп. Додека другите немаме некои поголеми примедби, и јас само би рекол дека определени пратеници не треба да се мешаат во ингеренциите на Прилепска општина и да привлекуваат со лажни ветувања, да привлекуваат од населените места во општина Прилеп, дека ќе направат пат или амбуланта, или што и да било и да ја остават фактичката состојба да биде онаква каква е. На крајот, само да кажам дека го поддржувам овој концепт на закон. Ја се надевам дека Предлогот со некои мали забелешки кои Министерството ќе може да ги согледа во крајна фаза ќе биде подготвен и ќе може да го донесеме до крајот на идниот месец.

IX/1.- СП-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Дами и господа пратеници, предлогот за донесување на закон за територијална поделба односно за организирање на единиците на локалната самоуправа е од својот зачеток едно од прашањата кои побудуваат големо внимание помеѓу граѓаните а се разбира и политичарите. Сметам дека при давање оценки за овој закон треба да се истакнат неколку моменти односно да се направат согледувања од неколку аспекти.

Прво, би се осврнал на уставниот концепт на локалната самоуправа и на уставно - правната позиција на локалната самоуправа дефинирана со Уставот и со законот за локална самоуправа. Сметам дека уште на почетокот е направена една грешка која тешко може сега да се исправи со територијалната поделба односно со законот за територијална поделба на Република Македонија. Имено, уште при самото донесување на Уставот и при дефинирањето на уставната позиција на локалната самоуправа од разни места беше укажувано дека на овој концепт му недостасува вториот степен. Да не зборуваме за евентуално друг степен. Сметам дека ова е и понатаму една сериозна забелешка на Уставниот концепт на локалната самоуправа, а на самото тоа и на идната позиција на општината во државата. Освен ова сметам дека важно прашање кое треба да се обидеме сите да го премавнеме со тоа што ќе прифатиме одредени забелешки и ќе ги тргнеме политичките мотиви кои евентуално влијаеле да се направи една ваква територијална поделба со што сметам дека битно би се придонело да се избегнат постојните незадоволства кои се пројавуваат. При ова, пред се, мислам на забелешките кои се даваат по однос на тоа дека намерно се прави расцепкување односно маргинализирање на одредена категорија на граѓани по етнички основ и нивно сегментизирање односно префрлување во рурални центри.

IX/2.-

Понатаму, сметам дека важен момент кој треба предлагачот на законот да го има предвид е тоа а и при донесување на законот за локалната самоуправа го укажувавме дури и со амандмани се обидов јас лично да влијаам да не се случи ова што се случи. Имено, со новата територијална поделба да не се наруши битно етничкиот баланс во новоформираните општини и во општините кои остануваат. Сметам дека е ова еден многу битен момент на кој предлагачот на Законот треба многу да поработи за да се избегнат сите незадоволства кои се присутни.

Понатаму, сметам дека со овој концепт тоа што предлагачот на законот го има во предвид односно непосредно учество на граѓаните во одлучувањето по прашања од локален интерес дефинирани со Законот за локална самоуправа нема да се постигне. Нема да се постигне од една единствена причина што и самиот концепт на почетокот во кажа не го дозволува. Имено, ти можеш околу урбаните центри, околу поголемите општини да формираш безброј мали рурални општини, но самиот центар на градот никако не можеш да го разбиеш тој останува како една голема единица на локална самоуправа што како концепт сметам дека е голема пречка за да се оствари намерата на непосредно учество на граѓаните во вршењето на работите од локален интерес.

Понатаму, сметам дека и самата физиономија на идната општина вака како што е дадена со оваа територијална поделба и самата концепција на локална самоуправа каде општината со закон е дефинирана како монотипна и едностепена иако Законот дозволува, со одредени интервенции, одредени општини да ги немаат сите содржини кои се предвидени со законот односно државата да интервенира со доделување на одреден број ингеренции од сферата на државата, сепак сметам дека физиономијата на идните општини во голема мера е нејасна и не може да се согледа како ќе се одвива развојот на идните општини.

IX/3.-

Тука мислам на тоа дека на овој начин со самиот концепт на утврдување на единиците на локалната самоуправа уште во самиот закон беше сугерирано дека идните општини мора да претставуваат урбани центри односно да располагаат со доволен квантум на инфраструктура и се што претставува неминовност за прераснување во една општина односно на урбана средина. Сметам дека на овој начин непотребно и неприродно се туркаат идните општини да се обидат можеби неприродно да станат урбани центри и таму каде што нема да имаат кој знае каков интерес тоа да станат. Мислам дека со законот треба да се предвиди во иднина и да се дозволи општините да бидат повеќе типски и да може само одреден дел од потреби да остваруваат од сферата на локалниот интерес. Знам дека со законот тоа е дозволено, но на некој начин со овој концепт на локална самоуправа сметам дека општините ќе ги тераме да се натпреваруваат да приграбуваат што повеќе ингеренции за да можат да остваруваат што повеќе власт во својата општина.

Мислам дека ова како забелешка треба да се има предвид и да се размисли за идната концепција на локалната самоуправа.

Понатаму, мислам дека како забелешка ја искажав на почетокот а и од многу други дискутанти е кажано мислам дека многу сериозно треба да се земе во предвид и ако не може уставниот концепт да се смени, тогаш сметам дека со одредени интервенции во законот за локална самоуправа може да се надмине оваа ситуација во некоја мерка иако сметам дека многу сериозно треба да се размисли за промена на уставниот концепт.

Имено, имајќи го предвид фактот дека подрачните единици и многу други органи кои се однесуваат на работите од локален интерес ќе бидат концентрирани во еден центар и од тој центар ќе се одвиваат за повеќе општини, јас сметам дека сакал некој или не да го утврди тој втор степен на локална самоуправа тој дефакто ќе постои.

IX/2.-

Предлагачот треба да најде ефикасен начин како таков да го промовира и сметам дека на овој начин ќе се зачува тој историски географски и економски и не знам какви други атрибути на таа целина која дефакто постои како таква во нашата држава и историски опстојуваме. Сметам дека на некој начин треба да се изнајде форма оваа заедница во вршењето на работите во поширок круг да се изнајде и промовира ако не во овој закон тогаш со одредени измени во Законот за локална самоуправа има простор тоа да се направи. Во оваа насока сметам дека неприфаќањето на нашите обиди да се дозволи здружување на општините со свои органи на регионално или околиско ниво беше грешка која час поскоро треба да се исправи односно да се дозволи општините каде ќе најдат интерес да се здружат меѓу себе со свои органи и со органите кои ќе се бават со одредени работи од заеднички интерес.

Понатаму, сметам дека едно прашање точно кога се однесува на градот Скопје непотребно, неприродно се развива. Имено, незнам од која причина дали од тие причини градот Скопје да остане само како град без никакви рурални центри,што сметам дека како концепт за мене лично е неприфатлив, неприродно се одвојуваат некои населби со формирање на нови општини се одвојуваат од градот Скопје. Сметам дека токму во градот Скопје нема никаква причина и понатаму да не бидат дел од градската заедница на пример Арачиново, Петровец, Сарај и други општини и сметам дека сите други општини кои се формираат околу Скопје и понатаму да бидат во градската заедница односно да припаднат на градот. Сметам дека и историски и економски и со сообраќајни врски и на сите други начини овие се поврзани и припаѓањето кон градот Скопје е идентификацијана тие жители на тие места кон градот Скопје. Сметам дека на овој начин концептот на градот нема да изгуби поготово што сепак многу од овие општини поради тоа што нема да можат да ги развијат сите содржини што им се потребни на граѓаните ќе бидат упатувани во соседните општини на градот Скопје.

IX/5.-

Оваа забелешка треба сериозно да се разгледа затоа што оваа општина неприродно ќе се издвои од градот, а целиот живот пак ќе им биде поврзан со градот.

Понатаму, сметам дека предлагачот на законот со одредени корекции кои би ги направил имајќи го предвид ова што го кажав, пред се, тука мислам на некои конкретни забелешки кои беа кажани од страна на пратениците кои доаѓаат од одредени средини би можело да се придонесе значително да се подобри овој закон. При ова мислам, пред се, на тоа што од разни страни се слуша дека некои населби неприродно се врзуваат со некои многу подалечни центри. Вакви примери има повеќе, јас не сакам да ги истакнувам сите тие затоа што пратениците кои доаѓаат од таму подобро го кажаа, но само ќе набројам дека такви примери иам доста од контакти со граѓаните има во Карпош, Крушево, Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и Струга. Сметам дека за сите овие места треба стручна екипа од Министерството да излезе на терен и во контакти со граѓаните да се обиде да изнајде најдобро решение кое би било во интерес на одвивањето на животот на граѓаните во одредена средина.

Понатаму, сметам дека со одредени корекции ова што го кажав за нарушување на етничкиот баланс и тоа за битни нарушувања кои настануваат во некои средини со мали интервенции што би ги направил предлагачот на законот мислам дека би се надминале сите овие незадоволства кои се појавуваат и законот би бил прифатлив и за нас како Албанци затоа што сметам и за другите националности евентуално ако имаат забелешки, бидејќи туак се чувствува дека на некој начин е замешана политиката во некои игри. Сметам дека со ова непотребно се оптоварува законот и има добар начин и можност за надминување на истото со мали корекции.

На крајот мислам дека е неминовно имајќи го предвид и тоа што го упатува самиот Устав и законот за локална самоуправа граѓаните таму

каде постојат недоразбирања дали центарот ќе припадне на едно место или на друго, дали една населба ќе припадне кон една општина или кон друга, неминовно треба да се спроведе референдум и да се консултираат граѓаните и тоа само по пат на референдум затоа што секое друго консултирање преку собир на граѓани и незнам што секогаш може да остави доволен простор да се спорат резултатите односно укажувањата од едни такви моменти и како такви да бидат причина за натамошен развој.

На крајот би кажал дека овој закон и покрај тоа што од сите страни можеби се напаѓа на разни начини доколку предлагачот на законот изнајде сили да прифати одреден број на забелешки кои навистина сериозно држат тука ќе го истакнам етничкиот баланс и поврзувањето на можноста за поврзување на повеќе центри во регионално или околиско ниво, тогаш законот можеби би ги надминал сите овие забелешки и би бил еден закон кој би бил прифатлив за сите.

Уште еден момент кој сметам дека заборавив да го истакнам е следниот: според мое мислење формирањето на поголем број општини при постоење на втор степен ан локална самоуправа нема да оди на штета на интересите на граѓаните, туку спротивно. Немам ништо против да се формираат повеќе општини, но неминовно тврдам дека треба да се воспостави вториот степен на самоуправа.

Понатаму, што се однесува до финансирањето на овие идни општини, тука сметам дека предлагачот на законот треба да оди со едни свои согледувања навистина колку кое бидат сите тие трошоци за идното функционирање на овие општини сматам дека не е тешко да се направи една приближна прогноза на пример една идна општина не со сите структури ќе има 5,6,7,8,10 вработени колку тоа ќе чини, колку од тие средства ќе можат да се прибираат во самата средина во која ќе постои општината, колку евентуално државата ќе треба да се вклучи

со една ваква анализа сметам дека во многу предлагачот на законот би можел да ги избегне овие тврдења кои еве можат да се спорат на разни начини.

Инаку, сметам дека треба да се изнајде добар баланс помеѓу можностите и интересите на граѓаните, но уште еднаш повторувам најважно е да се воспостави тој втор степен на локална самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Со благодарност за многу корисни сугестии, само една интервенција во однос на еден поим кој во повеќе варијанти беше употребуван како оценка за законот и како аргументација на неговата слаба страна. Имено, поимот етнички баланс или забелешката дека овој закон ги нарушил меѓуетничките односи. Идеја која е варирана низ илјада фрази во смисла дека албанците се префрлале во селски центри и на таа основа се маргинализирале, се издвојувале од урбаните или градските центри се маргинализирале на таа основа, се раскинувало етничкото ткиво на албанците на просторот и на тој начин се создавал генератор на меѓуетнички тези.

Прво, ќе го повторам податокот од воведното излагање дека овој закон воопшто не го намалил процентот на општините кои со својот режим на општини со значително присуство или со мнозинско присуство на националностите ги негуваат нагласено преку единците на локалната самоуправа односите на етничката рамноправност или на стимулирање и организирање на оние етнички колективни права кои ги има признато Уставот на Република Македонија и укажав дека според сегашната поделба на општините на РМ 32,35% од општините се двојазични и дека тие се исклучиво двојазични во врска со албанската националност и нивниот јазик и писмо.

IX/8.-

Новиот предлог закон од вкупниот број на предложени општини предвидува 44 двојазични општини од кои 36 општини се двојазични со јазикот и писмото на албанската националност што изнесува 39,64 во однос на претходната општа маса има зголемување за добри 7% од што со албанската националност се 32,43% што изнесува задржување на бројот на општините со односниот режим со извесно мало зголемување на тој процент во стотинки. Но, со стекнување на 6 други општини како двојазични на база на присуство со значење на турската националност и на две други занчи вкупно 8 на српската националност со заклучок дека овој закон практично не само што не го наруши балансот на меѓунационалните односи туку го подобри и го демократизира заради тоа што во Република Македонија покрај албанската националност која е најбројна од националностите живеат и други националности па со овој закон дојдоа до израз и за првпат 6 општини со турска националност и 2 општини со српска националност што не беше и не е случај во сегашната територијална поделба.

Второ, со овој закон не се врши никакво преселување на албанското или турското или српското население ниту разместување, бидејќи е невозможно разместување на населбите на еден крај во друг крај или од една општина во друга општина, туку спротивно секој во своите населени места или во своите населби.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

И односот меѓу селото и градот останува комплетно ист, градот и понатаму како градска агломерација со сите свои функции ќе служи еднакво на сите граѓани без оглед дали живеат во градот, или во селските населени места околу градот. Граѓаните сите оние потреби минус потребите што ќе ги врши како своја надлежност единицата на локална самоуправа и понатаму ќе ги задоволуваат во градот. Нема никаквава напросто ѕидови, или прекини, или создавање на вакум меѓу функциите на градот и потребите на граѓаните од селските населби, или од руралните населби. Забуната доаѓа од дефиницијата или поимањето на поимот општина, или на единица на локална самоуправа од напросто претврдото сеуште упорно по инерција сфаќање на општината како комплетна заедница, не само како локална заедница, туку и како политичка заедница и како државна заедница од сфаќањето дека општината е во исто време стопански субјект, дека е главен фактор во носењето на регионалниот, прво на локалниот, па понатаму на регионалниот, или на некој општ, глобален економски, просторен, или севкупен развој. Таквата општина која што познаваше општински инвестициони фондови на пример, која што претставуваше дел од државното тело, која што ги извршуваше непосредно општинските одлуки републичките закони, сојузните закони, општина во која не постоеше републичка администрација, ниту сојузна администрација паралелно на општинската администрација не постои, не само кај нас што не постои од 1990 година. Фактички ќе почувствуваме во еден подолг период дека се повеќе и повеќе ќе почувствувавме дека таквата општина не постои. Во Европа не постои таква општина никаде. Секаде општините постојат како единици на локална самоуправа во рамките на една сегментарна надлежност, или во надлежноста на прво место во

урбанизацијата и тоа во делот на основните и деталните урбанистички планови, во делот на комуналните работи широко земени како комунални работи како непосредни, реални интереси за граѓаните. Постои општина која што многу повеќе припаѓа на структурата на цивилното општество, а не на политичкото , или на државното општество Во сите тие општини постои втора матрица, или втора мрежа на државата која што има регионални, подрачни единици кои што се дел од државните органи. Персоналниот состав на тие регионални единици е локален, потекнува од луѓето кои што живеат на односниот локалитет, но функциите на таа регионална заедница се други , типични за функциите на државата. Постои една трета шема која што функционира, а тоа е стопанската структура, пазарот и принципите на слободното претприемништво, слободниот пазар и веројатно во догледно време, многу брзо во догледно време најголемиот број на приватни стопански субјекти кои што тешко веројатно ќе дозволат еден општински совет да им ја крои капата, односно да им ја крои перспективата, туку таа перспектива сами како стопански субјекти ќе ја носат низ елементите на системот, а државата ќе биде таа која што преку глобалната економска политика, монетарната политика, кредитната, или друго ќе создава едни или други рамки, а пред се стопанските субјекти преку својата асоцијација Комората, или друго ќе вршат притисок врз државата тие да бидат погодни за развојот на сето тоа. И веројатно една четврта мрежа која што ќе се развива во сите тие општини, а тоа се јавните претпријатија, јавните установи, јавните организации кои што можат да бидат и државни и општински и меѓуопштински и регионални. На ова ниво, на овој старт во развојот на единиците на локална самоуправа и на локалната самоуправа воопшто како концепција во нашата земја ќе се обидеме во рамките на Уставот и уставните можности на типот на локалната самоуправа како

едностепена, меѓутоа во смисла на членот 10 од Законот за локална самоуправа за меѓусебна соработка да извлечеме максимално што е можно да се востанови можност за институционализација на регионално ниво на заедничките потреби на граѓаните во областа на урбанизмот, комуналните потреби или во областа на надлежностите што се типични, што се децидно , или јасно одредени како надлежности на општината. И во таа смисла во наредната средба со еден нов закон ќе Ви понудиме варијанти колку што ние сметаме дека се максимални што ги дозволува нашиот уставен концепт и моделот на територијална самоуправа. Дебаланс законот не прави, намерата воопшто не беше, напросто основната концепција е растеретување на градот од селата и ослободување на селата од притисокот на градот кој што досега во 40 години покажа дека не е способен да ги реши до крај своите потреби,а е малку способен да ги решава основните реални, урбани и комунални потреби, па дури и во основната здравствена ако сакате, претшколска, или друга сфера реалните потреби на тие средини. Се смета дека со посебни совети , или со мрежа и на тие заедници самите тие ќе ги промовираат и ќе ги носат поуспешно тие свои потреби врзувајќи ги за средствата за вкупната финансиска моќ на државата која што и ден денеска е извор на пример на финансирање на одредени инвестиции во областа на урбанизмот, или комуналните работи преку различни фондови на погранични и ридско - планински неразвиени подрачја, а стопанските субјекти ќе инвестираат во секој случај на просторот според мотивот на профит и на успешна работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Министерот елабурираше некои аспекти на прашањата кои што 5еа покренати од повеќе пратеници, само не ги апострофираше.

X/4.-

Ако инсистирате , реплика.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

По однос на тоа дека не е нарушен меѓуетничкиот баланс јас многу би сакал да е така , но со неколку примери ќе укажам дека е малку поинаку. Имено во Крушево каде што албанците се значителен број во моментов со ова префрлување во соседната општина и со формирање на нова општина го губат статусот кој што го имале. Мислам дека ова е едно прашаше кое што може да се реши било со формирање на нова општина Житоше со центар во Житоше и со околни некои села, но во секој случај има простор за подобрување. Сметам дека е ова едно нешто кое што е многу вистинито . Понатаму сметам дека за Гостивар другите зборуваа и сметам дека има доволно конкретни забелешки кои што треба да ги има во предвид предлагачот на законот. Имено со овој Предлог на закон се прави битно нарушување на тој баланс и ова не може да се спори. Од над 50%, имено 70%, или незнам колку е сега општината Гостивар се доведува под 50%, над 46%. Сметам дека има доволно простор со одредени корекции да не го изгуби статусот на општина со мнозинско албанско население. Додека јас мислам дека на министерот не треба јас да му објаснувам дека постои квалитетна разлика помеѓу можноста за употреба на албанскиот јазик во општина со мнозинска и со значителен број. Сметам дека постои квалитетна разлика. И мислам дека треба да се има ова во предвид и со мали напори може да се исправи ова што е направено. Имено со приклучување на неколку приградски населби, барем така имам информации ,тоа е токму политика, треба да се избегнат овие некои политички забелешки. Политичари сме тука, не сме експертите си го кажаа своето. Понатаму сметам дека исто и во Кичево и Гостивар станува збор за значително

нарушување на етничкиот баланс. Јас би прифатил некое нарушување кое што пак горе, доле ги запазува тие односи. Но сметам дека со таа поделба која што е направена во Кичево и во Струга значително се нарушува тој баланс и се доведува на граница од 20%. Мислам дека и тука предлагачот на законот има доволно простор да согледа некои моменти и да не ги доведе состојбите вакви какви што се, туку да ја задоволи и потребата од формирање на нови општини и нова територијална поделба и да не се нарушат битно овие соодноси. Сметам дека тоа што се однесува за новите општини особено, тоа како ќе функционираат идните општини, какви содржини ќе имаат, јас мислам дека во овој поглед не би можел да се сложам со г-динот министер. Иако тие ингеренции кои што ќе бидат на ниво на општината , ќе бидат , еве и јас се согласувам многу малку, но ќе бидат доволни да бидат предмет на аспирација за формирање на бројни реферати и други работи по општините. Така што сметам дека за ова прашање е многу поцелисходно и во интерес на државата да воспостави таква форма на организација која што ќе има одредени органи за повеќе општини. Само на овој начин може да се намали желбата на многу новоформирани општини да формираат повеќе .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас Ве молам, немојте да злоупотребувате сега сите да се прпознавата, по втор пат да се јавувате за дискусија. Г-динот министер интервенираше веднаш после дискусијата на г-динот Тахири. Па сите ќе се препознаете што дискутирал.

Г-динот Руфи Османи реагира од место).

X/6.-

**РУФИ ОСМАНИ**: (Зборува од место)

Г-динот Владо Поповски повеќе пати излезе на говорница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е негово деловничко право. Пишува во Деловникот на Собранието: министерот може во секое време да стане и да го брани законот.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре и почитувани колеги пратеници. Можеби немаше да дискутирам по ова прашање доколку не дојдоа некои измени од првата верзија која ја исфрли ресорното министерство односно Владата. Во почетокот би сакал да го потенцирам глобалното слагање бидејќи сето она што е дадено во најголем ред со сите свои слабости и пропусти кои секој од нас за овие два дена ги потенцираше го прифаќам, затоа што покрај горките искуства што ги имаат соседните наши земји и од претходниот систем и т.н. со повеќе општини носи пропусти, но мислам дека во овој момент за Македонија ќе носи повеќе позитивности. Па затоа би сакал во почетокот, глобално се слагам со оваа верзија што ја дава Министерството, односно Владата.

Имено зошто се јавувам. Се јавувам затоа што општина Радовиш која брои околу 40.000 жители во првата верзија имаше три компактни целини што и географски и демографски и економски и од социјален аспект точно тоа се поклопува спрема оние критериумите кои ги даваше ресорното министерство, а тоа е првата компактна целина градот Радовиш со одредени населени места и месни заедници како една компактна целина со сите тие аспекти што ги реков.

X/7.-

Другата компактна целина е новосоздадената општина Конче која била порано општина, сега повторно . И третата компактна целина е една останата трета, односно повеќе месни заедници,а тоа е поранешната општина од 1965 година Подареж, Злеоло, Ораовица, Покрајчево, Јаргулица, Смиљанци и т.н. беше во првата верзија прифатено барањето, односно не барањето, туку првата верзија од ресорното министерство дека како компактни целини, три комактни целини општина Радовиш ќе бидат три посебни општини. незнам од кои причини во првата верзија оваа компактна целина, реков сите аспекти од географски аспект, демографски, економски, социјален аспект ги исполнуваат критериумите што е уште побитно има традиција, дури од 1965 година оваа компактна целина била посебна општина со седиште во Подареж. Беше во првата верзија на ресорното министерство, незнам од кои причини сега остануваме со верзија со две општини. Јас во усмениот разговор во една прилика со почитуваниот министер Поповски разговарав дека било најголема причина сообраќаните, односно комуникациите меѓу месните заедници. Јас од ова место би сакал да кажам и како одговорен субјект, као пратеник на тие месни заедници ако е во прашање 10 км. пат ние до 1 септември, односно до октомври ќе ги направиме тие. Од ова место најодоговрно зборувам како пратеник. Ако ние сега формираме нови општини, градиме една современа држава со 116, 120 општини мислам дека еве, обврска без буџет, без Влада, без држава, тоа ќе го направиме. Затоа барам како пратеник и како ваш колега овде уште еднаш да ја преиспита можноста ресорното министерство со сите критериуми , принципи, мислам принципиелно да имаме еден приод да оваа компактна целина месните заедници Подареж, Злеово, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево, Смиљанци и може и други населени места и месни заедници да биде под лупа ставена од ресорното министерство и да и се даде можност да бидат општина, затоа

што имаше еден тренд на развој на оваа компактна целина до 1965 година, од 1965 до 1995, односно 1996 година повеќе од три децении тие останаа на исто ниво. Сметам ако имаат статус на посебна општина сигурно ќе одат со едно поголемо темпо на развој. Затоа ја барам уште еднаш да се преиспита ресорното министерство и Владата општина Радовиш да добие трета, како трета компактна целина дали ќе биде седиште Подареж, Ораовица, Злеово, тоа нека го кажат стручњаците, експертите од Владата и т.н. Затоа и дадениот приговор од одреден број на месни заедници што бараат општина мислам дека држи место. Би сакал уште еднаш да се преиспита можноста , па не би било на одмет и усмено да одговори министерот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги. Очигледно многу работи ги разјаснуваме најобјективно, најконструктивно затоа што првата верзија и воопшто првите визии дека треба да донесеме еден закон за територијална поделба не беа доволно сфатени ниту од граѓаните, па морам да речам дури не беа сфатени со сета сериозност и од нас и како пратеници дека сите општини ќе бидат меѓу себе рамноправни и дека сите практично ќе комуницираат со државата, со власта. Оттука можеби и преголемата амбиција да се бара општина, да се бара локална самоуправа бидејќи практично со тоа ќе се создаде услови да се биде град, да се биде урбана средина. Откако почнаа овие дискусии, откако почнаа и медиумското актуелизирање на оваа проблематика реалноста почна да доаѓа до сите сегменти, до сите чинители и до сите граѓани. така што сега веќе верувам дека по завршувањето на оваа седница ќе имаме една пореална слика и нашата задача ќе биде малку поедноставна.

XI/1 РД/ЛБ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Можеме на граѓаните да им објасниме дека не можеме селото да го направиме град со оваа територијална определба. Можеме да го направиме само единица на локална самоуправа. Тој што седи во Битола ќе си биде во Битола тој што предлага некој бач да биде ќе се остане бач. Тие работи мораме најобјективно да ги согледаме, тие што се села ќе си останат села , Тетово си е Тетово, Гостивар си е Гостивар. Со тоа да расчистиме и да не ги доведуваме до заблуда луѓето кои што не избрале и не изгласале. Не заради тоа што ние не сакаме тоа така да биде , имаме ние модел на таква територијална поделба, имаме модел на таа т.н. едностепена локална самоуправа. Што јас гледам како визија, што јас гледам како позитивно во овој закон. Пред се јас имам малку подолгорочни согледувања дека овој закон ако го прифатиме објективно, непристрасно, коректно дека ќе ја оправда својата улога. Ако почнеме ние во законот да бараме сите дека сме оштетени, кој добил кој изгубил, законот никогаш не ќе може да профункционира за жал на граѓаните кој што од него очекуваат. А и ние треба да очекуваме кога веќе донесуваме некој нов закон. Во спротивно зошто ни треба нова територијална поделба. Ако таа нова територијална поделба не придонесе одредени работи квалитативно да бидат подредени. Сите ние се повикуваме на граѓаните и во името на граѓаните велиме дека ние и локалната самоуправа и државата сме сервис на граѓаните. Ако сме сервис на граѓаните нашите размислувања треба да одат како на тој граѓанин треба да му ги скратиме маките пред бирократијата од секој вид , како да му ги скратиме проблемите пред шалтерите и на крајот на краиштата како што кажаа многу колеги, искажаа примери на нелогичност нема резон граѓаните да поминуваат повеќе пат сега и да бидат повеќе

малтретирани од колку порано. Тетово има 175 или 180 илјади жители и после Кисела Вода е најголемата општина со најгуст процент на население во Европа, равен во оној во Белгија или слично. Објективно сегашниот модел и статус не може воопшто да ги задоволи потребите на граѓаните. Објективно и тие луѓе што се челници, градоначалници што сакаме да ги наречеме објективно не можат да пружат повеќе. Да може да се контактира со граѓани од Вратница, Јажинце, на границата со СР Југославија до гостиварската општина, до скопската општина, до Македонски Брод, тоа е еден огромен потег кој што објективно градоначалникот не може ниту во својата свест да го прими, а не да го посети. Визијата моја за нова територијална поделба е малку поразлична. Од сето што тука го искажуваме и од сите изнесени ставови со кој помалку или повеќе се согласувам. Мојата визија е да се биде градоначалник на една помала општина, на еден помал простор, па навечер тој градоначалник со видни советници што ќе ги избере народот, видни граѓани ако сакате, видни стопанственици да помине навечер низ таа локална самоуправа да види каде треба да се интервенира за улично осветлуваше, каде по улиците, каде по патиштата, каде се случуваат непријатни работи кој се тие мести жигосани да ги речеме каде што има спротивставување на законот од работно време до она што значи криминал и криминални дејствија и слично, па дури овде ми даваат сигнали од каде пари, па и парите ќе се видат, тој ако работи до два часот после полноќ а не плаќа воопшто данок , утредента ќе се повика тој што е задолжен за таа работа и ќе рече таму тој работешеноќеска до два часот, да видиме дали тој плаќа данок и така ќе се присоберат тие пари за да може да се алиментираат потребите на граѓаните. Сето тоа во сегашните услови господо не е можно.

Вториот елемент или сегмент кој што неминовно ќе дојде или во законот да биде вграден, или самите единици на локална самоуправа ќе го наметнат досегашниот модел подрачни единици што би рекле

директен контакт со власта засега останувaат само овие 34 општини. Никој неможе да забрани утре некоја локална самоуправа да направи договор во интерес на своите граѓани , па на пример Управата за внатрешни работи од Тетово во некоја единица од локална самоуправа еднаш неделно да собира документи, молби и сл. и еднаш неделно готовите документи да им ги подели на граѓаните. Никој тоа неможе да го забрани. Јас ја гледам таа перспектива. Инаку ако граѓаните исто толку пати одат во градот или во општината прашање е дали оваа територијална поделба ќе ја постигне целта. Рековме едно министерство. Ништо не е помалку атрактивно министерството за финансии, за порезите за давачките, водниот придонес и сите други давачки. Мора тоа да се сведе на една пониска гранка за да може да биде сето тоа ефикасно, затоа што сега владее кај сите нас, ајде бре што има да даваш кога од тоа нема фајда. Не ги гледаме тие средства, одат во Скопје и во Тетово. Вака треба да се објасни дека колку повеќе од тие средства ќе се соберат, а тие се веќе во локалната самоуправа ќе им користат на граѓаните и за култура и за спорт, и за уметност и за образование. Сите тие права што со законот за локална самоуправа ние ги дадовме, без оглед дали е тоа град или село. Не прифаќам тука премногу манипулирање со образовни и други установи. Ако направиме сега повеќе единици на локална самоуправа нема да направиме ние сега барикади па учениците нема да одат да се школуваат каде што оделе денеска. Тие текови ќе си продолжат, учениците ќе си одат да си учат, луѓето ќе се лечат таму каде што има квалитет, со што веројатно ова треба да создаде сега една конкуренција, особено во приватниот сектор за да барам она што значи превентивна заштита, она што значи секојдневна заштита да им биде пристапна на граѓаните, со тоа што приватната лекарска пракса сите велиме дека ќе ја изедначиме, она што значи специјалистички услуги, она што значи врвни услуги рековме ние

формиравме центри еден или два во РМ. Така да сето ова треба да даде една визија дека треба да бидеме заинтересирани таму каде што живееме да ни биде подобро, а не сите проблеми да ги бараме да ни ги разрешува некој друг или не дај боже дека проблемите ќе бидат поинакви, ако националниот состав е поинаков. Неможам да прифатам таква теорија најмалку можам да прифатам од оваа говорница загриженост ве молам, која се граничи со параноја дека ќе биде катастрофа ако во Вратница како локална самоуправа биден мнозинство македонското население. Во македонска држава некој да биде загрижен затоа што во една локална самоуправа ќе имало повеќе македонци а помалку албанци. Што е тој етнички баланс. Што мисли Македонија да ја направиме ли друга држава. Албанска ли држава да ја направиме. Кој е тој баланс. Сите ние тука остануваме. Ни ваму одиме ни таму, нити имаме возови без возен ред. Што е тоа пореметување дека имаме некоја комогенизација, дека имаме некоја деградација и тн. Може и обратно да дискутираме дека некој е деградиран значи целиот овој период. Еден од колегите рече дека водена е погрешна политика. Точно водена е погрешна демографска политика. Никој не водел сметка за наталитетот, кој каде и во кој процент е присутен . Тие работи ги оставаме на страна и сега сме загрижени ако некое село припаѓа природно географски таму, а сега може да биде пореметено. Во општински рамки ништо не може да биде пореметено. Станува еден дискутант и рече, пофлексибилни решенија дека новите самоуправни единици ќе зафаќаат населени места од две или три сегашни општини. Но засега тој концепт не е вграден и нека остане ќе видиме утре можеби и ќе наметне такви решенија.

Јас морам да дадам поддршка на она што и министерот и јас што во читањето на законот го согледувам неоптоварено. Во што се состои таа моја неоптовареност. Се состои во следното дека ние зборуваме за

урбани целини, зборуваме за екологија, зборуваме за социолошки аспекти, зборуваме за проблеми на вработување, сите сакаме тоа да го решаваме во овие 34 општини. Невозможно е тоа. Ние во сето ова се бориме во Тетово со огромен проблем на паркиралишта. Никој неможе да го реши тој проблем, ако не се навикнеме дека некој треба во градот да оди за секоја потреба, а тоа ние треба да го подготвиме со оваа локална самоуправа. Максимум што можеме ингеренциите да ги пренесеме таму каде што и со законот за локална самоуправа треба да се пренесе. И уште нешто многу беа посочувани како примери за пореметување на некои односи на сили Тетово, Гостивар и сл. Не гледам никакво пореметување. Во Тетово албанците се 7 3%, другите се други, што сега? Кое може да биде пореметување што може да биде толку значајно. Ниту значителен број ќе се промени ниту мнозинскиот број ќе се промени. Зошто правиме политички проблеми таму каде што ги нема. Јас многу солидно и совесно го разгледувам законот. Законодавецот водел сметка во тие нови единици на локална самоуправа да бидат поблиску до градовите. Зошто? За да луѓето кога ќе тргнат во таа единица на локална самоуправа, ако не ги завршат сите тие работи да отидат и во градот, да не би оделе наопаку што велат старите. Сепак овие општини остануваат како центри, таму се архивите, таму се управите за внатрешни работи, таму се катастарите, таму се оние институции кои што се градени со години, со децении, со векови, тие ќе си останат. Веројатно ќе треба да се размислува понатаму растоваруваше на тоа што значи државност и нејзини ингеренции во сето ова, меѓутоа, едно оптоварување сега дека се случува нешто значајно на тој план неможам да го прифатам. Може да се дискутира дали седиштето на локалната самоуправа треба да биде во Камењани, во Боговина или во Пирот дискутираа многу луѓе ќе се чујат граѓаните, тоа е таа втора фаза ќе одат екипи сега веќе и населението е припремено за

едни дискусии. Се наметнува прашањето зошто? Затоа што два три месеца кога беа комисиите, комисиите си беа оспособени со стручни лица, нормално знаат што бараат, граѓаните колку сме успеале да ги оспособиме,дали сме ги нашле правите луѓе за контакт или се илустрира да кажам непријатна работа. Зборуваме во име на граѓаните, сите им ги пишуваме петициите на граѓаните. Во раце ми дојде забораville некои колеги дека некој ги читал овие материјали па повторно и со партиско име од три месни заедници ми дојде тука. Зошто се лажеме? Нема потреба од такво застапување на интересите. Не е тоа застапување на интересите. Тоа е практично манипулирање со граѓаните а застапување на нашите интереси. Дали овој закон оди во две или во три фази? Обавезно да оди во две фази ако сакаат и некои парламентарни групи да бидат принципиелни. Имаше заложби за предвремени избори ако ние одиме во три фази, локалната самоуправа ќе остане уште една година две каква што е сега, без нова територијална поделба. Да бидеме ние принципиелни. Мораме ние оваа есен да имаме нови локални избори, нова територијална поделба за да создадеме платформа и основа за да потоа дојдат следни парламентарни избори. Дали ќе бидат предвремени или не веројатно оваа територијална поделба ќе посочи многу работи, ќе наметне многу работи кои што објективно очекувам дека ќе ги забрзаат следни трети парламентарни избори. Тоа е природа, тоа е дијалектиката, тоа е животот, и дајте ако сме принципиелни овде дискутираме, наметнуваме фрази дека треба три четири фази да поминат, за да нашата фраза опстане алние да останеме челници во тие собранија. Ние да останеме челници а другите луѓе да ги промениме. Да бидеме коректни. Ако сме коректни коректноста е таа. Две фази, втората фаза веќе во овие примерни наши расправи, можеби ќе бидат уште еден ден, тоа е веќе една многу солидна фаза, аргументирано од сите субјекти и во таа фаза овие забелешки дали едно населено место треба да припадне

до Сараќино, Групчино, или треба да оди во Тетово, но тоа се мислам работи за следна наредна фаза. Не треба воопшто сега да бидеме оптоварени дали имаме некоја планинска општина во Тетово, каде што природно припаѓа, тоа се мислам работи за следна наредна фаза. Таа планинска општина и сега е во Тетово. Ако смета дека таа нема да се разбие така не би поднеле барање со аргументација. Јас лично сметам дека сите нови единици на територијална поделба имаат шанси за поусогласен порамномерен и подинамичен развој, отколку сегашните услови. Да бидеме објективни, ако ние како луѓе пратеници имаме проблеми во комуникација со градоначалници, со извршни одбори, со министри нека не ми замерат, што да речат обичните граѓани.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господине претседателе, драги пратеници, го поддржувам предлогот на законот за територијална поделба на РМ и определувањето на подрачната единица на локалната самоуправа. Предлогот на овој закон доби широка расправа во целата држава и во најмало населено место, тоа е и нормално што желбите на секое населено место е да сака или тоа да добие општина или да се најде во општина во која најдобро му одговара. Сум привrзаник на многу општини без разлика дали ќе бидат многу мали, и сметам дека граѓаните ќе можат да ги реализираат основните демократски принципи и ќе учествуваат во одлучувањето за прашањето од локално значење.

Во текот на овој изминат временски период наназад пет или десет години па и повеќе, мечтаењето на поголем број месни заедници да станат општини ќе биде стварност. Не треба тие општини да се натрупаат со голема администрација, нивниот број да биде сосем минимален , бидејќи со предлогот од 111 општини, секако дека покрај дел што од буџетските средства ќе се трошат и од други намени, меѓутоа

некаде 20 до 30% трошоците ќе се зголемат. Во овие новоформирани општини секако дека многу битно е значењето, посебно во оние општини кои што досега беа, правилно распоредот да биде на сите населени места.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ**: (Продолжение)

Да се изработи овој предлог секако е вложено доста труд од еминентни стручњаци од повеќе области, како и стручњаци од повеќе министерства. Што се однесува до предлогот на општината за Битола од досегашната една општина, заедно со Битола, ќе бидат 8 општини, колку што беа во периодот пред поранешна Југославија. Мојата изборна единица број 9 со 36 населени места со новата територијална поделба, од која сум избран и како пратеник, ќе биде застапена во 3 општини и тоа Бистрица, Цапари, и добар дел во општина Битола. Од сите 376 населени места има доставено записници во Собранието на РМ од 2 населени места и тоа с.Кравари и с.Крстоар, кои саката да бидат наместо во општина Бистирица во општина Битола. Овие две села се соседни села на општина Бистрица, каде оддалеченоста е само до 1 километар, а во општината во која сакаат да одат оддалеченоста е 5-7 км., а тоа е општина Битола. Нивната желба секако треба да се има предвид. Меѓутоа, јас мислам дека со оглед на тоа што селото Кравари е поголемо село од селото Бистрица и нивната забелешка главно е во тоа што седиштето наместо да биде село Бистрица инсистираат да биде с.Кравари.

Денес имав контакти и со едната и со другата месна заедница и постојат можности, доколку се најде седиштето во однос на ова да се најде решение, Бистрица како Бистрица, без разлика седиштето како ќе биде, меѓутоа општина Бистрица да остане и како таква со сите населени места да биде во рамките на територијалната поделба на Републикава.

Беше дискутирано од страна на пратеникот Тантаров во смисла на она со новоформираната општина во с.Бач која што е влезена во село

Бистрица, нормално доколку се даде, јас не сум против - добро, треба Министерството за правда и другите кои ја изработуваат оваа проблематика да не дојде да се наруши постоењето, односно формирањето на бистричка општина за сметка на општина Бач. Тоа мислам треба да се има предвид.

Инаку, другите општини кои се предложени, да речам и Цапари, нема проблеми и исто така во Битола оној дел од селата кои припаѓа во општина Битола.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ајдарага има збор, но не е тука.

Реплика има г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека ако Бач го оствари својот сон за формирање на сопствена општина, во ништо нема да наштети на формирањето на општина во Бистрица. Бистрица има доволно села да биде општина и Бистрица неможе да се меша на друго подрачје односно да го приклучи кон себе и Бач. Бач е сопствена географска целина и Бач мора да добие општина.

Инаку, пред малку и еден друг пратеник кажа некои зборови од оваа говорница, дека некои пратеници од Битола ги лажат селата од прилепска општина да се приклучат кон Добрушево. Пратениците од Битола не ги лажат прилепските села, туку прилепските села сакаат да бидат кон општината Добрушево. Зошто - самите знаат тие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Славчо Чапов.

XII/3

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, колегата Чифлиганец во својата дискусија ги кажа главно проблемите околу законот за територијална поделба, што се однесува на ниво на општина Радовиш, меѓутоа, за жал овде не е министерот, би дал неколку забелешки на министерот.

Прво да дадам објаснување на пратеникот Ристо Трајков од Струмица. Вистината не ја кажа пред колегите, бидејќи граѓаните на с.РАдичево и Дукатино со своја желба дојдоа во Собранието на општина РАдовиш да се приклучат кон Радовиш. Ние ги вративме во општина Струмица, така што Струмица даде виза за тоа и откако беше постигнато виза двете села се прифатија во радовишка општина и сега во територијалната поделба се во општина Радовиш. Тоа е стварноста.

Инаку, би упатил малку забелешки и критики до министерот. Интимно, сам по свое видување, не по партиска линија, очекував од овој закон дека цирка 60 општини ќе бидат доволни за Македонија. Тоа слободно можам да кажам за Источна Македонија беа потребни 5-6 општини, кои целосно инфраструктурно, географски, организационо и од сите други аспекти би ги исполнувале условите за целосни општини. Тоа би биле се разбира Пехчево, Каменица, Дојран, Богданци и тн. Меѓутоа, нека ми извинат колегите, западот послабо го познавам и за него не би можел да дискутирам.

Откако веќе се оди на поголем број на општини, тогаш зошто да не ги исполниме барањата на сите граѓани од кои еве куп материјали пристигнаа кај нас кои барат општини и бараат решавање на нивните проблеми, а секако нивните проблеми се дали да се приклучат од една кон друга општина, дали се поблиску до постојната општина или до новоформираната. Меѓутоа, не би сакал да повторувам, бидејќи веќе

поминувам и во здодевни и како пратеник и пред гледачите, би рекол зошто и би дополнил околу општина Радовиш. Општината Радовиш бараше формирање на 2 општини и тоа една општина на компактно заостанатиот терен, Лакавичкиот терен ако ви е познат, со седиште во Конче, а тоа се селата од Лакавичкиот терен Горни и Долни Липовик, Ракипец, Габревци, Дедино и уште неколку помали села и ненаселени места. Меѓутоа, географски оддалеченоста од општина Радовиш е над 20 км., навистина има отежнати услови кои би требало да добијат иако финансиски многу слабо стојат.

Меѓутоа, раз лика од новоформираната општина Конче, имаше поднесено барање и неприфатената општина Подареш. Според зборовите на Чифлиганец дали ќе биде седиштето во Оравица, Подареш или Злеово, тоа не е толку битно, меѓутоа, тоа се полски села, побогати, има поголеми услови, инфраструктура и се останато од сите аспекти за добивање на нова општина. Тоа с селата Оравица, Злеово, Јаргулица, Дукатино, секако и двете села од Струмица кои поминаа во Радовиш, Радичево и Дукатино.

Мојата забелешка се состои во тоа исклучиво до Комисијата и Министерството за правда дали заборавија дека во Радовиш постои Собрание, општина, дали заборавија дека од Радовиш има двајца пратеници и не извршија никакви консултации ни со пратеници, ни со собранието, ни со претседателот на Собранието, а сигурно ние можевме да им бидеме од корист за да ги расчистиме полесно односите со овие села. Воопшто не се консултирани останатите села кои припаѓаат спрема новоформираната и кои припаѓаат спрема неформираната односно одбиената општина. Тие забелешки ги упатувам до министерот и во втората фаза, кога ќе оди барам од него консултации, ако не може референдумски изјаснување на селата каде ќе припаѓаат, и каде ќе

бидат општините, да им помогнеме на овие села кои бараат општина и испратија писмо до Парламентот со барање за формирање општина, меѓутоа не е исполнета, да им помогнеме, да создадеме една нова општина и мислам дека ќе ги исполниме барањата на граѓаните а финансиски можат да издржат бидејќи се богати и полски села.

Да не должам повеќе, но да напоменам дека и селото Конче кое е новоформирана општина и општината Подреш која бара да биде општина, биле општина до 1965 година и затоа бараат сега, тоа се две најголеми села во општина Радовиш, опфаќаат поголем терен од општината, од полските села и од ридско - планинските села во Лакавичкиот терен.

Мислам дека е неминовно донесување на овој закон и ќе бидам за донесување на овој закон, меѓутоа, ако овие забелешки од страна на пратениците и граѓаните на месните заедници постојат, Министерството за правда треба да ги увидат и Министерството за правда да ни понуди еден пречистен текст во 11-фаза за да можеме исклучително да ги исполниме барањата на граѓаните за подобро утре.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседател, почтиувани пратеници, почитувани претставници од Министерството за правда, вклучувајќи се во расправата околу предлогот за донесување на закон за територијална поделба и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, веднаш на почетокот на кажам дека истиот го прочитав со

внимание, како делот на законот така и образложението по него, а со нужно внимание сум ги следел натписите и мисленњата во средствата за јавно информирање

Веднаш на почетокот да кажам дека во моето 6-годишно пратеникување не постоел предлог што го понудила било која Влада во овој период, кој предизвикал таков број на негодувања, па од тука може да се заклучи дека оваа Влада односно надлежните министерства ќе треба како што вели народот "три пати да испечат, еднаш да речат", пред да го предложат нацртот на законот, односно предлогот на законот.

Драги пратеници, познато ви е дека доаѓам од Дебар, град со позната културно - историска економска традиција, створена со векови пред нашата и во нашата ера. Со предложеното решение Дебарско доживува трето цепење по ослободувањето од фашистичкиот терор. Границите на Дебарската околија по ослободувањето се протегаат до Маврово, односно до Луково на оваа околија и припаѓаат познатите сточарски села Лазарополе и Галичник, селата од Горна и Долна река и селата од Долни Дримкол. Впрочем, Дебар освен што бил познат по галичкиот кашкавал, бил познат и по дебарскиот симит што го подготвувале познатите фурнаџии од селата -Селце и Буринец кои се наоѓаат во Малесија.

Со поделбата извршена некаде во 1956 година, Дебарска околија престанува да постои, а Дебар постои како општина во состав на Охридска околија, како резултат на што и ден денес дебарските возила носат охридска регистрација. Во тоа време се створени и некои нови општини од составот на Дебарска околија како што е општина Ростуше и општина Маврово.

Општина Ростуше некаде од 1.01.1964 година се укинува и при таквата поделба се спојува кон општина Маврово, која што со подоцнежните прекројувања односно со укинувањето на околиите,

нејзината територија се припојува кон општина Гостивар, што всушност претставува второ прекројување на Дебар и Дебарско. Резултат на таквите поделби - селото Скудриње кое што е далеку од Гостивар околу 55 - 60 км., а од Дебар е се на се 10 км., а познатиот Манастир "Свети Јован Бигорски"се вели дека е во Гостиварско, иако е вообичаено, тој секој пат се наоѓал во Дебарско, Дебарски резбари го работеле, т.е. го работеле резбари од позната Дебарска школа.

Му престојува ли на Дебар и на Дебарско ново прекројување? Останува да видиме. Еден мој сограѓанин, сега покоен, инаку првоборец, при една седенка меѓу другото рече: "Ако сакаш да знаеш кому му припаѓа селото Жировница е многу лесно. Исфрли го коњот на крстопатот кај Жировнички мост и врзи му ги очите., а тој инстиктивно ќе оди спрема патот што го познава, тоа е Дебар, бидејќи постојано таму одел на пазар". Тоа беше малку историја, а сега нешто за она што е понудено со предлогот за донесување на закон.

Општината Дебар со околу 26 илјади жители и 25 илјади хектари или 252 км$^2$. припаѓа при досегашната територијална поделба во групата на мали општини. Таа како таква претставува целата во себе една целовитост како од аспект на природните и географските, така и економските услови. Новата поделба, предложена со Предлогот за донесување на закон, предвидува во досегашното подрачје на општина Дебар да се основа уше една општина центар Жупа. Предложеното решение кај Дебарското население воопшто, а посебно кај тие населени места кои се предвидува да припаѓаат во новата општина наиде на негодување и ревлог. Скоро сите месни заедници одржаа собири на граѓани, на кои се изјаснувале против оваа поделба и одлучиле да бараат референдумско изјаснување.

Како прво, на сите им е јасно дека со предлогот за новата поделба се нарушени критериумите на членовите од 12 до 15 од законот за

локална самоуправа по однос на основање на нови единици на локалната самоуправа. Се смета дека за овие жители сегашната територија на општина Дебар е единствено подрачје во кое граѓаните се поврзани со заеднички интереси и потреби и на кои постојат услови за нивен материјален и општествен развој, како и за нивно учество во одлучувањето за локалните потреби и интереси. Граѓаните сметаат дек евентуалното формирање на нова општина воопшто не е во духот на член 12 од законот за локалната самоуправа, туку напротив би претставувало повреда на овој член.

Втората забелешка на предлогот аз донесување на закон, на која најмногу приговараат жителите на населените места предвидени да бидат опфатени со новата општина Центар Жупа е во тоа што е погрешна оценката на условите од член 13 од Законот за локалната самоуправа. Имено, подрачјето на новата општина Центар Жупа не претставува природна, а најмалку географска и економска целина, а за инфраструктурна и други објекти од општествен стандард не може ни да стане збор. Така на пример, селото Могорче, потоа Гари, и Осој се соседни села со еден географски редослед со заедничка комуникација со гравитација кон градот Дебар. Предлогот аз донесување на закон овие села ги издвојува механички, ако не и политички, така што с.Могорче го припојува кон новата општина Цента Жупа, а с.Гари и Осој ги припојува кон ново предложената општина Ростуше. Да напоменам дека с.Могорче нема ни природна, ни географска, ни економска врска со селата од Центар Жупа. Дури да кажам дека нема ни роднинска врска. Селаните од тоа село исклучиво гравитираат односно се интегрирани со градот Дебар. С.Могорче од Центар Жупа го дели планинскиот врв низ кои нема ни козји патеки за комуникација, а жителите на тоа село, за да дојдат

во Центар Хфпа прво треба да се упатат за Дебар, т.е. низ територијата на општина Дебар и кај Мелнички мост наместо да продолжат за Дебар, кој е оддалечен од наведената месност 3-4 км., треба да свртат за Центар Жупа, т.е. да патуваат уште 8 км.

Од друга страна пак с.Осој и с.Гари, иако со векови биле поврзани со Дебар, сега се припојуваат кон новата општина Ростуше.

Поради наведените околности, сите месни заедници од односните населени места се противат на предложеното решение и одлучиле предметното населние да се изјасни на референдум.

Во предлогот за донесување на закон се вели дека во состав на општината Дебар влегуваат Дебар со населените места Баниште, Долно Косоврасти, Горно Косоврасти, Кривци, Отишани, Рајчица, Селокуќи, Спас, Татарелеавци, Хаме, Џепиште - не Џепчиште како што е речено, Бомово, Власиќи, Конари и Трнаниќ.

Од наведените таканаречени населени места повеќе не претставуваат населени места, Бомово, Власиќи, Коњари и Трнаниќ, па незнам како се наведени како населени места. Можеби при нивното броење се сакало да се задоволи условот за образување на општина, предвиден со критериумот на европските стандарди) за средно голема општина.

Слична е состојбата и со предложената општина Центар Жупа, каде што не претставуваат населени места Осолница, Кочишта, Евла, Пареша, и Горно Мелничани, бидејќи во тие места не живее ниеден човек.

XIII/1//СС/лј

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА**: (продолжение)

По однос на воведното излагање на г-динот министер за правда дека е респектирана желбата на населението, наведувам дека тоа не стои во случајот на Центар Жупа, бидејќи не постои барање на населението. Може би тоа е желба на Министерот.

Второ, по однос на тоа дека постоеле традиционални врски, и овој критериум не стои во случајот на Осој и Гари. Тие од секогаш ; биле поврзани со Дебар а не со Ростуше.

Трето, дека е почитувана географската и комуникациската поврзаност како критериум можам да кажам дека и тоа не е почитувано при одредување ан селото Могорче да биде во состав на спомнатата нова општина Центар Жупа.

На крај на моето излагање да кажам дека досегашниот закон за подрачјата на општините на СРМ, Службен весник на СРМА број 2/65 18/65. 44/68 и 16/87 се пропишува дека називите на општините се определуваат со закон, односно се менуваат со закон, додека називите на населените места, селата, се менуваат со одлука на Извршниот совет на 6РМ.

Со понудениот Предлог за донесување на закон за територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа со член 5 е речено дека имињата на општините се утврдувањата со закон. Владата на РМ, може да го промени името на постојното место утврдено со закон како и да одреди име на ново населено место по претходно прибавено мислење од Советот на општината.

Во вркна со член 11 точка 3 од Вамковсната конвенција за заштита на националните малцинства предлагам кон член да се додаде нов став 3 кој гласи:

XIII/2.-

"Не се сметаат за менувани називите на општините и населените места ако истите во јазиците и писмата на националностите кои живеат во Република Македонија се употребуваат во други јазични форми, а поради инакви фонетски и морфолошки и синтаксни особености на тие јазици".

Практично, следново би значело Скопје, би било и Шкупи и Скуп, Битола и Манастир./ Беч и Виена, Белград и Београд, Тетово Тетова и Калканделе, Дебар-Дибр-Дебре, Флорина - Лерин, Личенас во Република Албанија Шусшац итн. Благодарам.

**БЛАГОЈ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-дин Сулејмани дали е тука?( Не е тука)

Има збор Ѓорѓи Атанасовски.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. И покрај тоа што интересот околу расправата по Законот за територијална поделба на Република Македонија спласна, што се гледа и од бројот на присутните во оваа сала, сепак сакам да нагласам дека чувството на одговорно по овој закон не ме напушта бидејќи ова е зафат кој има суштинско значење и кој оправдано предизвикува голем интерес кај граѓаните.

Основа на законот е Законот за локалната самоуправа и потребата од неговата операционализација, во кој се дефинирани критериумите по кои се формираат единиците на локалната самоуправа, на кои би го додал член 17 од Законот за локалната самоуправа, кој според мене е основен критериум, бидејќи дефинитивно ги определува надлежностите и го руши досегашниот статус на општината, која беше синоним за држава во држава, синоним за политичка и економска моќ.

Токму затоа и ќе повторам едно мое видување кажано по тој повод дека граѓаните на Дојран или Богданци сигурно многу подобро ќе знаат и попрактично ќе се организираат да ги исчистат улиците и уредат парковите, отколку тоа да се прави од Гевгелија и обратно сигурно Гевгелија ќе има почисти улици и поуредени паркови, доколку се растовари од грижата за улиците и парковите во Богданци и Дојран.

XIII/3.-

Од тука, можеби сум еден од ретките пратеници кој го поддржува концептот на Владата, дури и повеќе од тоа дека со оглед на интеренциите секое поголемо место може да добие статус на единица на локалната самоуправа, иако не сум сигурен дали начинот и времето во кое се пласира овој концепт е најдобар, иако искуството досега покажува дека по правило секогаш кога се менуваат внатрешните граници, секојпат имало негодувања и реагирања.

Единствено малку сум разочаран од тоа што сеуште, веројатно по инерција, барем во јавноста се повикуваме на аргументи кои играа за концептот на општините од минатиот период, тешко се ослободуваме од фамата власт, некако уставните определби за единиците на локална самоуправа, Законот за локалната самоуправата а јас би додал и изминатиот петгодишен период, тешко обезбедуваат право на граѓанство на локалната самоуправа.

Почитувани пратеници!

Предложените законски решенија за територијална поделба, ја раздвижија и општина Гевгелија и внесоа видливи бранувања не сам во политичкиот живот туку и воопшто во атмосверата меѓу граѓаните.

Со предлогот за донесување на Законот покрај Гевгелија, единици на локална самоуправа стануваат Богданци и Дојран, алтернативно и Миравци.

Тоа и се очекуваше, дури да бидам искрен тоа беше и едно од моите ветувања во предизборниот и изборниот период, со констатацијата дека тоа е потреба и интерес на граѓаните.

Меѓутоа, околу прашањето кои населени места треба да бидат во составот на новите единици на локалната самоуправа, се јавија реакции кај граѓаните од одделни населени места, кои реакции прераноа и станаа актуелен проблем, проблем кој своите корени ги влече од едно минато свршено време,проблем кој ги загрозува односите на сегашните генерации, генерации кои барем до предлогот на Законот, направија многу за да нема локални граници, и сега одеднаш се паѓа во вода.

Веројатно не е тешко да се претпостави дека станува збор за граничниот премин Богородица за кој со посебно чувство на одговорност, бидејќи сум и актуелен претседател на сегашнава општина Гевгелија, укажував на неговото стратешко значење за земјата, заради

неговата атрактивност, укажував на можноста, без оглед на тоа што граничниот премин е јавен интерес, дека може да прерасне во случај и дека јавниот интерес нема да ги отапи желбите за тој премин.

Јас уште на почетокот ќе кажам дека треба да се вагаат аргументите, како што бараат граѓаните, треба да се почитуваат традициите, но, пред се интересите на Република Македонија.

Ќе набројам некои од аргументите кои се во прилог на владиниот предлог, кои мислам дека ми е должност да ги кажам, иако сум свесен дека многу е тешко да ме разберат оние кои ги застапувам како пратеник и граѓаните на општината чиј претседател сум.

- Во светската карта, досега Гевгелија се апострофираше и го изгради својот имиџ како гранична општина.

- Целата инфраструктура за вршење на оваа пред се државна функција на граничниот премин, е лоцирана во Гевгелија и на самиот премин.

- На пределот меѓу градот и граничниот премин е утврдена локација за безцаринска зона која преку АД "Евро-Мак" започнува да функционира со учество на странски компании.

- Во сиот изминат период досега Гевгелија, морам тоа да го потенцирам како нејзин претседател, својот развој и концепција уредување го поврзуваме со преминот.

Сето тоа многу ја разви приватната иницијатива, а по укинувањето на ембаргото ги збогати и деловните врски меѓу градовите Гевгелија, Солун, Кукуш и сл.

Со еден збор Гевгелија својот имиц го градеше неделиво поврзано со граничниот премин Богородица и се поставува прашањето дали и на кого му е потребен случај, на Македонија и на граѓаните од овој регион, најмалку.

Не би сакал да го оптоварувам овој Парламент со се што се случуваше во овој период а е поврзано со кампањата за припојување на Богородица кон Богданци.

XIII/5.-

Јас жалам што оние мои избирачи кои ми ја дадоа довербата и уште во првиот изборен круг ме избраа во овој Парламент, сега тој поради овој случај водат кампања против мене,  ми се чини единствено затоа што не сум од Богданци.

Почитувани пратеници, вие добивте во врска со ова и други алтернативни материјали, кои единствено не се упатени на моја адреса

Јас жалам за тоа меѓутоа мислам дека суштината на проблем е во граничниот премин околу кој не смее да има импровизации.

Со најголема почит спрема аргументите, и одговорноста за целината на тој регион, спремен сум да разговорам со сите граѓани и со оние кои имаат поинакво мислење, но не можам да прифатам нешто што ќе нанесе штета не само на сегашната општина туку и на државата во целина.

Околу другите предлози за Дојран сметам дека конечно граѓаните преку оваа единица на локалната самоуправа освен за локалните проблеми ќе можат да ја проверат својата способност околу се што е поврзано со Дојранското Езеро, а за Миравци кој алтернативно е пред ложен за општина имам писмена забелешка и предлог што е одраз и интерес на граѓаните, а не желба на Гевгелија. Нормално како што истакна и Нано Ружин, и тука постојат реакции кои мислам дека треба да се решаваат со дијалог.

На крај, чувствувам потреба да кажам дека овој заков е заради граѓаните, закон кој ќе обезбеди конечно тие да почнат да ги решаваат сопствените проблеми, закон кој ќе ги зближи а не отуѓи луѓето меѓу себе. Дали во моментов кога се залагаме за влез во Европа без граници, ќе ставаме меѓи меѓу себе.

Овој закон отвори еден сериозен процес кој мора да се одвива но мислам во една подруга атмосфера, во атмосфера на решавање на спорните прашања со меѓусебен договор, со разговори,со уважување на аргументи кои ќе бидат пресудни за правилно решение.

Токму затоа сметам дека оваа расправа треба да се искористи барем во втората фаза да имаме веќе поискристализирани предлози.

Сепак убеден сум во потребата дека и новите единици на локалната самоуправа се подредени и повикани на меѓусебна соработка и регионално дејствување кое ќе овозможи функционирање на македонската држава. Цртањето на новата карта на државата, покажува и оваа расправа, е тешка и сложена задача, но практиката треба да ја потврди оправданоста и успешноста на овој зафат кој не смее да биде оптоварен од никакви интереси освен постигнување на единствената "цел, јакнеше на локалната самоуправа и остварување на државниот интерес на територијалната поделба.

Благодарам.

**БЛАГОЈ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Талимџиоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ.**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитува министер.

Согласно член 116 од Уставот на РМ, е определено со закон да се изврши територијална поделба на Републиката и да се утврдат подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

со оглед на тоа што општините не се повеќе општествено политички заедници туку единица на локалната самоуправа неопходно беше да се изврши нова територијална поделба на Републиката на помали општини во кои граѓаните ќе можат да ги реализираат основните демократски принципи и да одлучуваат за прашањата од локално значење утврдени со Уставот и законот за локалната самоуправа, а тоа е во функција на задоволување на секојдневните потреби на граѓаните од подрачјето на единицата на локалната самоуправа.

За таа цел Владата на Република Македонија, врз основа на сето тоа, предложи Предлог за донесување на закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната само§гарава.

основните начела врз кои се заснива законот се многу јасни. Уставност и законитост, географска, економска и функционална поврзано заеднички интереси на граѓаните, меѓусебна соработка со единиците. Се разбира, на локалната самоуправа. Разгледувајќи ја територијалната поделба организацијата, општините во Републиката со населениете места, а почитувајќи ги членовите 13 и 14 од Законот, населените места, поточно кои досега припаѓаат во Прилеп, а тоа се Мало и Големо Коњари, револтирани од ваквиот предлог, двата собири на избирачи го одбиваат Предлогот за припојување на овие две села во новопредложената општина Кривогаштани и бараат да бидат во општина Прилеп.

Во членот 8, во точка 52 да се додадат населените места Мало и Големо Коњари^ а не, како што стои Големо Коњари I и II. Не знам зошто е и не ми е познато.

Во точката 62 да не постојат населените места Мало и Големо Коњари.

Што се однесува до новопредложената општина бр. 62 со населените места кои гравитираат кон Кривогаштани немаме забелешка и нема потреба од никакви манипулации.

Образложението чинам дека г-динот Настовски го даде, но сепак ќе го повторам. Населеното место Мало и Големо Коњари претставуваат една географска целина заедничко комуникативно поврзани кон Прилеп, аграрно - атарско неделиви од општината Прилеп, ниту разделеност во станбен и комунален јазол.

Овие населени места се инфраструктурно поврзани со Прилеп, станбено седат во Прилеп а работат во селото или обратно. Здравствена заштита, јасно, во Прилеп. Систем за наводнување - Прилеп, поштенски услуги - Прилеп, телефонски и електро врски - Прилеп, вработување Прилеп, школство - Прилеп.

Кога би се вклучиле во новоформираната општина Кривогаштани сите тие треба да се вратат назад за повеќе од 10 -12 км. Тогаш

XIII/8.-

повторно треба да се враќаат во Прилеп каде треба да одат 20-тина км. Ценам дека и вистина е, меѓу двете села разликата е стотина метра меѓу себе, а со градот не знам дали постои денес некаква разлика.

Откако постојат овие две села за себе знаат само дека припаѓаат на Прилеп а никогаш досега во историјата на нивното постоење не биле во Кривогаштани. Само да цитирам, од првата светска војна до 1947 година дури биле засебна општина со 10-те блиски села што гравитираат во Прилеп. Од 1948 до 1952 месен одбор. Од 1953 - 1955 повторно општина, а од 1955 месна канцеларија на општина Прилеп. Не бараат овие населени места да се враќаат и да преставуваат овие општини, но бараат да бидат таму каде што вистински им е местото.

XIV/1.-НН/МЛ

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Перспективно развојот и животот на населението е поврзан и неделив со Прилеп. Од сите овие причини писмени забелешки на граѓаните до Собранието и Министерството за правда е објасниво и оправдано и ценам дека тие никогаш нема да чекорат и не чекореле назад, туку секогаш ќе бидат во Прилеп. Нивните домови и денес се движат едни кон други Прилеп кон Мало и Големо Коњари, а Големо и Мало Коњари кон Прилеп. Тука е пазарот, тука е сето она што го имаме.

Втората забелешка што ја имам е поделбата да се разбере објективно од 8 јуни 1996 година, од саботата со едно писмо на д-р Митко Панов. Не би сакал да го цитирам до крај она што го изрази за сите оние населени места кои што имаа свое име и презиме, кои што денес постојат и не постојат оправдувајќи го на некој начин дека тука се родиле луѓе кои што знаат каде се родиле, тука умреле, кои што треба да знаат каде умреле, дека поседуваат атар, дека поседуваат некаква граница и дека поседуваат многу многу нешта. Можам целосно да го цитирам, но заради времето не е потребно.

Нека прости големиот географичар кој што вистински го ценам, но малку погреши. Вистински погрешил бидејќи во Прилепскиот дел во новоформираната општина Кривогаштани постои едно село измислено. Можеби војната, можеби, да не речам дека и Александар Македонски минувајќи тука ставил некој камен и некое име, досега не знаеме за нивни атар. Досега ниту најстарите не знаат кој е тука роден, а гробницата верувајте дека и не постои. Дали треба во нашите карти, во историските или географските карти на Панов и на сите нас да постои селото Караѓорѓево. Веројатно тоа е земено некаде од соседната Југославија, па нека си оди таму каде што му е местото. Имаме уште неколку села такви кои што ценам дека не би требало да постојат. Таков е случајот и со селото Заполжани, кое што незнам зошто се шифрираат

под 1 и 2, такво е селото Големо Коњари кое што носи шифра 1 и 2. Јас не знам, барем јас кој што сум токму од таму, незнам во која карта, многу карти претерав, веројатно некоја карта од пред дедо Адам ако постоела па тука е внесена. Веројатно некаде 1700 и некоја година. Би требало овие забелешки да ги примите.

Инаку сум за еден ваков закон, закон кој што навистина ќе придонесе да го изградиме она што навистински го почнавме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министер.

Јас ќе бидам краток и можеби ќе се разликувам од претходните дискутанти кои што, дел, остро го критикуваа Предлогот на законот за територијална поделба на Република Македонија.

Предмет на дневен ред е еден можеби најсложен закон, Закон за територијална поделба на Република Македонија. Започнуваме со расправа со донесување на закон за определување на подрачјата однос но единиците на локалната самоуправа. И претходните дискутанти рекоа дека овој закон е многу сложен затоа што задира во повеќе конструирани интереси и позиции, не само во определени подрачја, туку и на цели структури. Од тие причини многу е важно да се укаже на концепцијата на принципите од кои почна овој закон на очекуваните резултати кои што се очекуваат од исходот на ваквиот закон за територијална поделба на Република Македонија.

Непосредно по донесувањето на Уставот на Република Македонија во 19 91 година а особено по 1993 година од кога е започнат процесот на подготовка на Законот за локалната самоуправа во Владата на

Република Македонија, односно ресорното Министерство почна да пристигаат барања во почетокот од некои населени места за формирање на нови општини. Јас па и пратениците кои беа седнати во клупите на прво повеќепартиско бевме информирани со материјалите што ни беа доставени.

Да констатирам дека со прашањето на територијалната поделба и создавањето на нови општини граѓаните на РМ има време пет години доволно да се сензибилизираат во таа проблематика.

Законот за локалната самоуправа Собранието на РМ го усвои во октомври минатата година, јас па и моите колеги ги кажаа своите забелешки по повод расправата на Законот за локалната самоуправа.

Во Законот јасно беа поставени принципите на единиците на локалната самоуправа што беше депримирана концепцијата на територијалната поделба на Република Македонија.

Постапката се официјализира преку оглас на медиумите и во Службен весник. Тоа се остваруваше од посебната комисија формирана од пет органи на Републичката управа.

Тие комисии излегле на лице место да констатираат во кои локалитети постојат услови за формирање на нови единици на локалната самоуправа.

Оваа политика на територијална поделба е комплексен проблем кој вклучува не само политички> демографски, развојни вреднувања, туку и психолошки проблеми. Проблеми кои најеминентните претставници од науката во РМ, вклучувајќи ги тука демографи, географи, економисти, социолози и друго кои го изработеа работниот текст на Предлог - законот до крај не ги почитуваа горенаведените проблеми.

XIV/4.-

Овие проблеми, во дел региони што можеби ќе ги истакнам во мојата дискусија не баш толку се поткрепени во целите на територијалната поделба на Република Македонија кои добиваат во димензија не се за еднократна примена, туку се со стратегиско значење за развојот на Република Македонија.

Комисијата практично го изработила Предлогот на законот и го пуштила во владина постапка. Предлогот на законот за територијалната поделба на Република Македонија што е во собраниска процедура, Владата го утврди и предлага истиот да се донесе во две фази, денес како фаза на Предлог за донесување на закон, додека во наредната фаза како Предлог на закон. Јас лично сметам дека донесувањето на законот во две фази е доволно од причини дека има предлози од поедини пратеници на говорницата што истакнаа дека законот може да се донесе во две, три и повеќе фази. Јас мислам дека нема да добиеме ништо во конкретниот случај, може само масата да добие во интензитет, а конкретно за проблемот не ќе добиеме доколку тој ќе може да се донесе во повеќе фази. Значи, ние ништо не добиваме, само ќе се добие во интензитет од страна на граѓаните. Зошто некои претходни дискутанти во Собранието не дискутираа за реалните пропусти кои секако ресорното Министерство и посебните комисии на кои што им е доверено да го докрајчат овој проблем да ги прифатат, а јас сум сигурен дека у месните забелешки од сите дискутанти ресорното министерство и определената комисија ќе биде во состојба да ги прифатат а ние со наше излагање ќе можеме само да придонесеме во тој случај.

Членовите 11 и 15 во Предлогот на законот за локална самоурпава во дел на локалитети не е доволно реален. На пример, од општина Тетово село Врвеница е до градот Тетово. Тука се опфатени Стенче, Волковија, Радиовце, Милетино, Блаце, Теново, Челопек и други села.

XIV/5.-

Можеби би било подобро село Врвеница да остане со градот Тетово а за овие населени места би одговарало општинско место да биде село Радиовце и село Жеровјане. Јас мислам дека радиовце повеќе одговара на овие населени места да биде како центар на една идна локална самоуправа.

Јас имам и една друга забелешка која е уочлива и во предлогот од ресорното министерство. Селата кои што се до градот и веќе се вклопени како приградски населби да не се одвојуваат од градските населби. Таков е случајот и со Мала Речица, таков е случајот и со селата Порој, Џепчиште и други што се непосредно блиски до самиот град Тетово. На пример имаме и со селските населби што се околу градот Гостивар.

Мое мислење е доколку градските населби ги одвоиме сите околни селски населби, кои се во самата непосредна близина на приградските населби, по мое мислење ќе биде осиромашување на самата градска населба. Градовите доколку ги одвоиме од непосредно блиските селски населби ќе имаме чисти урбанизирани средини од една страна, а и во другата ситуација чисто селско рурална средина. Тука, мое мислење е во колку ги одвоиме од блиските селски населби ќе имаме чисти урбанизирани средини од една страна и во друга ситуација чисти селски рурални средини. Тука мое мислење е доколку ќе помага да се види и земе во предвид како реални локални заедници кои што традиционално се блиски и имаат меѓусебни односи. Примерот конкретно Неготино - Гостиварско. Таа географска целина ја има запазено. Таа претставува не само економска целина туку има компактни интереси. И селата Градец, Сенокосе, Горјане,Гурѓевиште, Лоница, Калиште, Неготино, Добри Дол е одземено само село Топлице кое секако на неготинското подрачје таа гравитира. Таа не само што гравитира кон неготинското подрачје туку

Комисијата го има предвидено тоа во идната локална самоуправа со Врапчиште. Таа ниту психолошки, ниту урбано, ниту од другите аспекти комплетно тоа село се одвојува од менталитетот и од населението на село Врапчиште.

Некои претходни дискутанти рекоа дека има политика при оваа поделба, има економска заднина за дел од населени места, јас не можам да апстрахирам дека во конкретните случаи нема и политика, меѓутоа и тоа е дел од животот, а можеби има и некоја економска заднина. Јас сум сигурен дека тука може да се укаже за конкретни случаи. Во тој однос ќе може да се помогне многу и тоа за многу други процеси кои заправо нас ни се неопходни за демократизирање на односите и тоа од аспект на меѓунационалните односи. Во овие локални самоуправни единици имаме таква можност, да се докажеме и до крај таа практика и таа политика да ја примениме. Можеби тука, јас со некои претходни дискутанти јас не се сложувам. Значи имаме поле, имаме можност тој принцип во практиката и да го докажеме.

Исто така имаме можност и шанса локалните интелектуалци, локалните луѓе кои имаат мозок, имаат допрва можности да се докажат во идните локални самоуправи. Брзо ќе се покаже неуспешната локална самоуправа која има политичка заднина или некоја определена економска заднина. Јас сум сигурен дека такви вештачки творевини ќе видиме дека многу брзо ќе пропаднат доколку дел од такви општини, идни, во Законот за локална самоуправа се предвидени. Јас сум сигурен дека тие брзо ќе пропаднат и моја констатација е дека нема да останат долго и ќе останат само еклатантен пример, доколку ги има во Предлогот на законот за локална самоуправа. Сепак тоа може да се коригира и истите нема да се стават на цедило, туку пак компетентната комисија и ресорното министерство ќе ги врати таму од каде што ги има оддалечено.

XIV/7.-

Уште нешто да кажам во врска со Предлогот на законот за територијалната поделба на Република Македонија.

Има прилика и голема шанса локалните напредни сили и способните луѓе да дојдат до израз и да го менуваат ликот на таа идна општествена заедница не само на економски план туку тие да станат утре градски урбани средини. Тоа ќе треба да биде основен интерес на граѓаните на таа локална самоуправа, не само урбанизацијата, комуналните работи, социјалната грижа, здравствената грижа, училишната мрежа поаѓајќи од предучилишни до средни образовни установи и тн. Тоа е и една§ од темелните тенденции што идната општина ќе треба да се носи со проблемите од таков вид. Јас со една таква солуција и прифаќам и гледам дека таа ми е блиска. За да може овој долг проект, мошне долг и деликатен проект на територијалната поделба на Република Македонија со овој предлог-закон започнуваме да оствaруваме еден концепт и структура на локална самоуправа кој е заправо помеѓу цивилното и помеѓу општеството и државата.

За да се увериме дека утре Република Македонија ќе има реална локална самоуправа за тоа ќе треба многу нешто да сториме на планот на трансформацијата на државата економска политика, програмско и функционално врзување на странски средства што стимулираат индивидуална приватна претприемливост во многу области во руралните подрачја, користење на фондовите за недоволно развиените подрачја и друго. Само тоа сепак ќе зависи од луѓето кои ќе бидат на чело на таа локална самоуправа. Со тоа ќе значи дека ни треба долг и макотрпен пат се додека не создадеме основа, локалната самоуправа да остане генератор на основните реални интереси на граѓаните. И со тоа да се застане на пат на таа негативна структура на населението

односно егзодусот кој што ги загрози елементарните функции и не само на економски, социјален, културен, туку и на стопански простор.

Населението господа пратеници на Република Македонија ни живее во 1/3 од просторот, пример како што е Полошката котлина од една страна и други региони во Република Македонија со крајно напуштени населени места, како што е на пример Горна и Долна Река, како што е Мариово, како што е примерот на Србиновскиот терен и многу слични вакви какви што во Република Македонија ги има.

И на крај, Предлогот за донесување на закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, ресорното министерство, Владата на Република Македонија, ние овде во Собранието на РМ должни сме да ја коригираме погрешната политика која е во многу негативна смисла изразена во Република Македонија.

XV/1.- СП-ВБ

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (продолжение)

Ненормалното и механичкото претрпување на центрите, одвојување на човекот како многу важен и единствен фактор од природни богатства. Во таа смисла човекот ако не можеме да го вратиме назад од кај што дошол во градовите, барем на останатите да им овозможиме услови за нормален живот. Позитивното искуство на развиените земји на тој план треба да ни биде поука за надминуваше на и онака многу тешките проблеми во локалната самоуправа од сите аспекти.

Имам една забелешка за што и Собранието на општина Гости вар, заклучоците што ги има направено, тие се тука и доколку може ресорното министерство и соодветната комисија да го корегираат бидејќи има оправдување. На пример за општината Гостивар околните населби како што се Дебреше, Равјан, Речане, Вруток,Горна и Долна Бањица, Беловиште, Мало Турчане, Валин Дол, Чајле, тие се непосредно сврзани со градот. Јас мислам дека тој предлог е умесен, а исто така два пати селската населба Дебреше еднаш е предвидена од комисијата со Врапчиште, а втор пат е предвидена со Долна Бањица. Дебреше е непосредно до село Врапчиште, а нема услови тоа да се припои на Долна Бањица. Долна Бањица како идна локална самоуправна и селата што ги опфаќа поготово Србиново, Страјане, Стрново, Куново, Лакавица, Ќафа, Равче маало, Граванец, Железна Река тие доколку би се определиле и би се прифатил предлогот на соодветната комисија тие треба да поминат низ градот бидејќи нема друг пат да дојдат до Долна Бањица освен низ градот Гостивар па низ фазанеријата па да одат во Долна Бањица. Затоа мислам дека предлогот на општинското собрание да биде Србиново центар на една идна локална самоуправа мислам дека повеќе одговараат, а Долна и Горн Бањица да бидат, бидејќи се мешани населби со самиот град Гостивар.

Имам и една друга забелешка од она што стручната комисија го има направено. Село Орќуше и село Дуф, тие се предвидени во идната локална самоуправа во Маврови Анови. Дуф и Орќуше гравитираат

спрема Вруток. Тие вртат спрема мавровскиот пат. Меѓутоа патот Маврово и Маврови Анови и по тој пат е подалеку отколку што спаѓаат во Вруток До Вруток повеќе им одговара отколку во Маврови Анови.

Оваа забелешка пред мене ја воочи еден пратеник од Гости- вар, тој ги прочита заклучоците на Собранието на општина Гостивар, тој предлог ние го прифаќаме.

Село Чајле тоа е непосредна градска населба до Гостивар и 1Телогично би било да не биде Чегране како алтернатива. Тоа нам ни одговара не нам, туку одговара на една идна локална самоуправа и во Чегране да се припои Тумчевиште, Форино и село Корита како алтернатива и јас мислам дека таа алтернатива повеќе одговара отколку она што е кажано од Комисијата во предлог-законот за локална самоуправа. Ја сум за предлогот и сите тие позитивни забелешки мислам дека Владата на РМ и ресорното министерство ќе ги земат во предвид.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Господиен потпретседателе, почитувани колеги пратеници, ќе инсистирам да бидам што пократок имајќи предвид дека претходните дискутанти кажаа се во врска со тоа, но имајќи предвид дека пред нас се наоѓа еден важен и сериозен предлог за донесуваше на закон во конкретниот случај за територијалната поделба на Република Македонија што по мое лично убедување треба да внесе еден нов квалитет кој во конкретниот случај ќе ги задоволува потребите и интересите на граѓаните за да можат демократски да одлучуваат и учествуваат во сите праша со меѓународни стандарди и вредности кои ги задоволуваат и другите демократски земји во светот.

XV/3.-

Тргнувајќи од причините дека Владата на Република Македонија и другите компетентни во државата опфаќајќи го и законодавниот дом треба на ова суптилно прашање да му се посвети посебно внимание. Убеден сум дека за овој закон не би требало да тргнуваме, како што често се практикувало во овој дом, само да се донесат закони едноставно само да се донесат без да се утврди во целост нивната целина, туку верувам дека е потребно, барем овој пат, понудениот закон да мине во три фази. Тоа го кажувам од причина што сами сме сведоци колку се натрупани незадоволствата, петициите, поплаките и жалбите токму за овој проект кој ценам иако е направен од една комисија експерти тврдам дека има потреба од измена и дополнување и од самиот факт дека предложениот закон оставил многу алтернативи кои се мошне потребни за да во целост се комплетира овој предлог-закон.

Втор битен елемент што е важен по мое убедување има посее но значење што понудената верзија во оваа фаза тргнува од максимум нови можни локални самоуправи, тоа се општини што до крај ја изгуби целта за која се формирани овие локални самоуправи, единици или општи- ни и едноставно ја изгуби одредената цел која во суштина треба да ја има оваа територијална поделба. Кај одредени пратеници имавме прилика да слушнеме дека со формирањето на новите општини ќе се овозможи со развој на малото стопанство земјоделието, сточарството, занаетчиството туризмот опфаќајќи ги тука и вонстопанските дејности разрешувајќи инфрструктурни проблеми кои се заостанати од поодамна па и до ден денеска како на пример изградба на патишта, водоводи и други останати недорешени проблеми со кои се соочува денешниот граѓанин во руралните населба. Убеден сум дека на Република Македонија повеќе и треба разум и реалност за да можеме да констатираме дека има реална локална самоуправа веројатно ќе ни треба уште нешто да сториме на планот на трансформацијата на државната економија и на планот на користење на фондовите за регионален и локален развој посебно на

ридско - планинските и пограничните недоволно развиени подрачја и во поглед на искористувањето Но средствата што ќе ги стимулираат индивидуалните и приватните претпријатија во сите тие области.

Што се однесува до концепцијата јас ќе се потрудам да кажам конкретно свое мислење и да дадам придонес во интерес на тоа што територијалната поделба е комплексен проблем кој истовремено вклучува во себе и политички и демографски и економски вредности. Во овој контекст исто така влијае еден многу важен сегмент тоа е психолошкиот дух кој во конкретниот случај многу ќе влијае додека се донесе овој закон. Уште поважно во овој правец е и фактот кој ја детерминира функцијата државна администрација и наместо да ги олеснува работите ценам дека уште повеќе ќе ги комплицира работите формирајќи нови локални самоуправи таму каде што не треба и таму каде што не е можно да опстанат и таму каде недостасуваат најелементарните услови без никаква инфраструктура и без никакви можности за скоро разрешување.

Конкретно, со предложената поделба ќе се создаде нова политичка структура која е именувана локална самоуправа и каде доаѓа во предвид некои нови аспирации и желби од еден субјективизам од локално ниво за да се формира без оглед на тоа колку ќе се прилагоди на потребите за ново локално самоуправување и мислам дека кон ова прашање ние мора да внимаваме бидејќи не случајно денеска имаме толку незадоволства од страна на граѓаните кои нормално понатаму ќе го користат своето право да се изјаснат со референдум за такви проблеми.

Морам да кажам дека функционалната поделба што се предлага не е во интерес на една умерена структура, туку во ослободување на урбанистичките подрачја од руралните, сведоци сме на многу ново предложени локални самоуправи во сегашните општини, па и во други земји кои ова го имале во пракса, но немале успех.

XV/5.-

Ке кажам неколку примери кои се предложени во овој предлог-закон и кои мислам дека би требало да бидат поинакви. Тргнувајќи од тоа дека на овој предлог-закон населените места на општина Куманово, Тетово, Гостивар, Кичево, Титов Велес и други убеден сум дека треба да има еден закон кој ќе ги почитува и критериумите кои ќе бидат еднакви за сите и во целина ќе ги сносат следните компетенции Верувам дека Комисијата тоа го имала во предвид, но има и разлики. На пример бројот на жителите, оддалеченоста од градот со кој и порано било поврзано населението, географската опфатеност односно териtор јата со која се поврзува и ред други работи што се важни за да се интегрира една локација од истото население или во истата локална самоуправа.

На мислеше сум законот да помине во три фази како би се потврдиле некои предлози кои ги спомнаа моите колеги претходно и кажаа дека има потреба да се решат додека да се освежат сите проблеми што се натрупани и да се почитува волјата на тие граѓани што се обрати до Собранието со аргументи.

Кога сум веќе тука директно ќе се поврзам со предложенио број 89 каде се планира да биде Шипковица со населените места Лисец, Гајре, Бродец, Бозовце, Вешала и Вејце. Јас ги познавам добро тие села верувам дека и Комисијата ги имала предвид тие работи дали се работи за техничка грешка најверојатно министерот ќе образложи туристичкиот центгар Попова Шапка воопшто не постои никаде или има друг третман за тоаили ќе се внесе на таа локација и подобро ќе се објасни, бидејќи знам дека гравитира на тој реон. И за село Вејце би рекол дека нема логика тоа да биде ставено во општина Шипковица која не е поврзана ниту со пат ниту граѓаните од село Вејце треба да поминат најмалку 25 километри за да стигнат во село Шипковица каде треба да гравитира, ако остане така, а за да стигне од село до Тетово треба да помине само 8 километри. Овој факт треба да го има предвид Комисијата и да предложи

нова верзија да се вклучи во Тетово. Во принцип тргнувам од тоа и сум на мислење дека треба да се прифатат предлозите на општина Тетово, бидејќи тие предложија наместо 8 предложени нови локални самоуправи да бидат само 5 и тие ги определија како реони. Мислам дека претходните дискутанти тоа ѓо кажаа и верувам дека на општина Тетово спрема регионите што ги предложи Собранието на општина Тетово на седницата одржана на 21 мај 1996 година имајќи ги предвид членовите 11 и 15 од Законот за локална самоуправа треба да бидат 5 локални самоуправи и тоа определени како реони на тетовскиот регион на регионот од село Теарце, регионот на село Боговиње, регионот на село Челопек и регионот на село Дервент. .Исто така сум на мислење дека и за Гостивар треба по нивните предлози што Собранието на општина Гостивар ги пред- ложи да биде така за да може во оваа фаза да се реализира и да се спроведува како што треба и тој закон да биде спроведен во пракса.

Инаку, во конкретниот случај, како што е предложено, мислам дека ќе има големо незадоволство во овие два града и нормално граѓаните понатаму сигурен сум дека ќе бараат други можности преку референдум да се изјаснат и да го кажат своето мислење, како што им одговара. Јас верувам дека и Комисијата и надлежното министерство ќе треба да го имаат предвид и да одлучат како што е подобро за да може понатаму овој закон да се спроведе во пракса.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господинот Давитковски? (не е тука)

Има збор г-динот Вревезовски.

XVI/1.- JM/OM

**ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ:**

Господине потпретседауеле,

Почитувани колеги иако е мал по обем само 11 челна Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа е сложен по своја та содржина и задира длабоко во непосредните интереси на граѓаните во Републиката. како потврда на ваквата констатација можат да послуважат реакциите и бранувањата во јавноста во последните неколку месеци како и големиот број на дискутанти кои учествуваат во распра- вата по Предлогот аз донесување на овој закон. Основот и потребата од донесување закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа се неспорни и се содржани во членот 116 од Уставот на Република Македонија како и во членовите 11 до 15 од Законот за локална самоуправа. Бидејќи добар дел од забелешките кои ги имав генерално беа изнесени во досегашната расправа, ќе кажам нешто и за реакциите по повод Пред- логот за донесување закон за територијална поделба од изборната единица од која доаѓам, а тоа е изборната единица број 50 во општина Охрид. Со Предлогот за донесување на закон за територијална поделба се предлага на дел од изборната единица број 50 основање на општина Косел со 17 населени места. реакциите на населението од овој дел на мојата изборна единица се различни и можат да се групираат во три групи. Прва тоа се оние кои го подобруваат ваквиот предлог и кои со симпатии го прифаќаат, тоа се оние чии што желби и барања се совпаднаа со предлогот на Владата.

Во втората група се оние кои се слагаат со предлогот и со подрачјето опфатено во границите на новата општина, но не и со седиштето на новата општина. Тоа се оние кои се поголеми, поразвиени, по средени и сообраќано подобро поврзани со останатите населби отколку предложената населба за седиште.

И третата група се оние кои се револтираниод ваквиот пред- лог и кои протестираат против истиот, а тоа се оние населби кои на некој начин фактички се споени со Охрид или преставуваат негова периферија и кои својата перспектива ја гледаат врзувајќи се за една развиена урбана средина каква што е Охрид заради сите овие причини сметам дека предложеното решение во законот треба уште еднаш да се преиспита со цел да се изнајде решение со кое ќе се задоволат интересите на граѓаните кои живеат на ова подрачје. Со оглед на тоа што законот ќе оди во две фази , има и место и време за преиспитување на понудениот предлог.

**МИТКО РИСТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници , во интерес на времето и долготрајната расправа околу законот за територијална поделба мислам , ме предупреди да бидеме пократки, ќе бидам што е можно најкраток пред нас се наоѓа предлогот за донесување на закон за новата територијална поделба кој е суштински доста битен проект во Република Македонија, имено со донесувањето на законот за локалната самоуправа нас не обврза како пратеници веднаш да пристапиме кон донесување на законот за нова територијална поделба на Собранието на Република Македонија. Морам на почетокот да кажам дека Комисијата која вложила најверојатно голем труд околу предлогот за донесување на

законот за територијалната поделба, а водејќи се од основните начела на законот даде свој придонес за истиот да се најде пред собраниска расправа пред нас сите пратеници тука. Не сакам да зборувам по тоа дали треба нова територијална поделба или не бидејќи кажав со закон за локалната самоуправа ние сме обврзани тој што поскоро да го донесеме, а со тоа да го избегнеме она што минатото време со Република Македонија се случуваше. Со формирањето на повеќе единици на локалната самоуправа на територијата на РМ се смета дека ќе се придонесе одделни подрачја на Републиката да се дообликуваат односно да се формираат и, да добијат функција за задоволување на секојдневните потреби на граѓаните на РМ. Имено законот се заснова врз четирите основи начела од кои првото не сакам да зборувам веќе доста беше дискутирано и како такво мислам не би требало уште да го експлоатираме бидејќи скоро од сите пратеници беше кажано дека законот треба да се донесе и е неопходна потреба за РМ и за граѓаните. Ценам дека законот треба да се донесе во две фаза, а со тоа сите овие забелешки кои беа истакнати пред оваа говорница да бидат земени во предвид до страна на Министерството за правда, Владата и Комисија- та која го предлага истото, а со тоа да бидат задоволени, или барем приближно задоволени овие сите забелешки на пратениците кои доаѓаме од непосредните единици каде што сме избрани. Во смисла на сето досега кажаното доста се дискутираше и во интерес на сето ова територијалната поделба на РМ мислам ќе го даде својот допринос по едно извесно кратко време, а со тоа и ќе бидат задоволени правата на граѓаните. Јас само неколку збора Е^кажам за местото, односно изборната единица од каде што доаѓам во кратки црти со цел да не останам должен спрема тоа население на кое и гравитирам. Имено се работи во предлог законот за донесување и формирање на нова општина Љубојно која се наоѓа во општината Ресен, а со тоа да гравитираат

XVI/4.-

населените места Брајчино, Долно Дупени, Наколец, Штрбово, Крани, Арбати и Сливница. Оваа  општина, се наоѓа на источната страна на Преспанското Езеро, со околу 3,500 жители , а во смисла на сето тоа се наоѓа на граничниот премин спрема Република Грција. Имено сите основни елементарни економск , географски услови на една локална самоуправа задоволена со сите инфраструктурни елементи Преспа преставува една заедничка целина , а нејзината географска положба дава уште поголема компакност за една таква општина како целина. Преспа е општина со околу 18.000 жители распространета на источната и западната страна на Преспанското езеро со средишен центар Ресен кој се наоѓа во средиштето на Преспа. Ценејќи ги природните богатства и ресурси пред се езерото кое е благо ан сите граѓани на Преспа, а посебно нејзината место положба која се наоѓа на тромеѓието на Република Албанија и Република Грција ценам дека истите ги задоволуваат потребите за една ваква единствена средина, а со нејзината патна мрежа поврзана до граничните премини со Република Албанија преку преминот во Стење и Маркова Нога кај село Долно Дупени со Република Грција даваат основни предуслови за развој , за сестран развој и целосен развој на Преспа. Исто така овде ќе напомнам само два основни аргументи кои навистина треба да се земат во предвид тоа е патната инфраструктура во Преспа која по- врзувањето е со средиштето на Преспа и гравитација преку истото со другите соседни општини, односно Битола и Охрид. Идејниот проект кој е во фаза на подготвување ќе даде основни предуслови за развојот на Преспа како компактна за заштита на Преспанското Езеро и со двата краци на колекторот кои ќе бидат од средиштето односно од центарот Ресен спрема источната страна до границата на Грција и од другата до село Стење, а со тоа мислам ќе бидат задоволени другите предуслов пред се

XVI/5.-

и системот за наводнување кој се наоѓа мешовито, мислам на двата локалитета, односно меѓу двете општини. Иако високо го ценам мислам барањето на граѓаните од село Љубојно во Предлогот на законот да бидат нова општина сепак мислам дека треба уште еднаш да се направи една анализа за оваа поделба, да се земат во предвид реагирањата и записниците кои се доставени од месните заедници кои гравитираат на ова подрачје. Имено писмено доставени се записници од повеќе месни заедници кои бараат да останат во постојната општина како заеднички интерес на сите граѓани, а проблемите да се решаваат заеднички. Писмено имаат доставено месната заедница од Долно Дупени месната заедница од Брајчино, Сливница, Наколец додека пак месната заедница од Крани која е најбројна во оваа сфера за Предлогот на законот е Крани кој иако мислам дава едно толкување дали да биде во склопот на една, или на друга, сепак доколку дојде до нова општина истата предлага да седиштето биде во Крани. Ценејќи ги сите овие забелешки, а пред се од месните заедници и присуството на субјекти како предлагачи на законот во таа смисла јас мислам дека сепак треба да се испоштува она навистина за кое граѓаните се задолжително и нивно право да располагаат со законот, односно да го користат благодетот од истите. За тоа ценам уште еднаш мислам овие забелешки што се земени по сите овие месни заедници кои гравитираат на подрачјето на општината да се земат во предвид,  да се процени уште еднаш структурата, нивото на културата, нивото на соработката, а со тоа и да се даде едно конечно решение за оваа територијална поделба во Љубојно.

Уште два збора мислам ќе завршам со тоа, сепак Преспа е една компактна општина која навистина од аспект на меѓунационалните односи, културните и традиционалните односи претставува една

XVI/6.-

географска целина која можеби и служи како еден пример како би требало да изгледа една локална самоуправа на ранг од 18-тина и 20-тина илјади граѓани кои ќе го дадат својот придонес за сестран развој на истите.

Јас уште еднаш Ви се заблагодарувам на сите овие забелешки и најверојатно ќе преовлада мислењето на луѓето кои живеат на ова подрачје, а со тоа и ќе кажат во законот, во изготвуваше на законот како и на кој начин ќе се определиме за формирање на новата општина.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре, предлогот на законот го поддржувам во целост, а потекнува од потребата од нова територијална поделба која не е само предопределена од уставната положба на единиците на локалната самоуправа, туку и од секојдневната потреба на граѓанството во сите свети на живеењето и опстојувањето. Одредени подрачја целосно би се дообликувале со сета инфраструктура, а тоа пред се најчесто е патот, струјата и водата. Кога го зборувам тоа не мислам дека треба да се отиде во другата крајност па секоја нова општина да формира и медицински центар и средна, или виша школа. Сигурно дека Владата тука преку своите министерства мора оваа работа до крај да ја искоординира. Не треба да се занесуваме дека новоформираните општини треба веднаш да се пополнат со целокупна потребна и непотребна администрација, напротив потребни се само неопходни услуги за кои граѓаните го губат драгоценото време. Првиот чекор во новата општина треба да биде развојната компонента што најбрзо може да даде производство, дислокација на погони во селата со цел задржување на миграцијата село град, а со тоа и интензивирање на земјоделското производство и сточарството. И конкретно идејата за барање на посебна општина во Македонска Каменица е постара од 15

XVI/7.-

години и во барањето секогаш беше вклучувано и селото Цера како сосед кој целосно гравитира спрема Каменица и во ниеден момент од жителите на селото Цера барањето не беше оспорувано. Владините комисии го констатираа истото вклучувајќи ја и последната која на предлогот немаше забелешки. Мојата дискусија е поттикната од одредени расправии и несогласувања чинам по мене непотребни од одредени поединци и граѓани од населеното место Цера кое според предлогот на законот за територијална поделба е ставено во составот на општина Македонска Каменица членот 8 точка 30 кое досега е во составот на општина Кочани. Ваквата одредба на предлогот се темели врз основ ана определбите од Уставот членот 115 според кој граѓаните во единиците на локалната самоуправа одлучуваат за прашања од локално значење особено во областите на урбанизмот, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита предучилишното воспитание, основно образование, основната здравствен заштита и други области. критериумите за припадност по општини на населените места јасно и недвосмислено се дадени во законот за локал на самоуправа врз основа на ваквите уставни определби особено во членот 12 и 13 каде единиците на локална самоуправа се дефинираат како природна, географска и економско поврзана целина со комуни- кации меѓу населените места и гравитација кон взаемниот центар, или простор на кој граѓаните се поврзани со заеднички потреби и интереси Населеното место Цера по сите овие основи природно гравитира спрема Македонска Каменица. Со пат е поврзано со Македонска Каменица и секоја друга патна комуникација на ова населено место води преку Каменица. Од Каменица е оддалечено 8 км. , а од досегашниот општински центар Кочани 38 км. Населението од Цера сите основни1 потреби и интереси ги остварува во Македонска

Каменица. Основното образование од 4 до 8 одделение децата од Цера го остваруваат исклучиво во Македонска Каменица и селото Саса. Основната здравствена заштита во амбулантата во Македонска Каменица, ветеринарната заштита исто така, а луѓето од Цера на пазар одат во Македонска Каменица. Зашто овде им е поблизу и тоа е сосема природно. Голем дел од луѓето од Цера се вработени во македонска Каменица, градат куќи, или изградиле тука. Изговорот дека Каменица ја бара Цера само поради изворите на вода што се наоѓаат во Горна Цера не држат, бидејќи водите па и овие извори и евентуално нивно зафаќање ќе се решава со посебен закон, односно ресорното министерство ќе одлучи дали ќе гради брана, зафат и на која општина ќе и припаднат изворите на користење. Впрочем тоа е и сега така. Браната Калиманци се наоѓа во општина Делчево, а со водата стопанисува Кочани. Оттука од една страна врз основ ана уставните и законски определби и од друга природната поврзаност и гравитација на Цера спрема Македонска Каменица сосема е логично и природно Цера да биде во составот на општина Македонска Каменица. Чинам дека во овој момент се непотребни и одвишни сите манипулации и политиканство.

И на крајот конкретна забелешка за членот 8 под реден број 30 ,грешно се заведени имињата на селата Косевица и Дуковица Во пред-логот стои "Ќосевица", а треба "Косевица" и "Дуковица", а треба "Луковица". Можеби се работи за печатна грешка, но мислам дека треба да се исправи.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со новата територијална поделба на РМ мислам дека ќе се постигне да се стабили-зира демографскиот фактор, просторот да заживее преку активирање на

неговите стопански, економски функции, да се постигне степенот на урбанизација и нивото на комунално уредување на единиците на локалната самоуправа, самите граѓани да се концентрираат врз решавањето на своите егзистенцијални прашања и проблеми.

Што се однесува до општина Титов Велес со новата територијална поделба месните заедници Градско, Богомила и Чашка добиваат статус на општини и ние мислиме дека овие месни заедници ги исполнуваат критериумите и треба да станат општини.

Во член 8 точка 9 3 општина Велес испуштено е населеното место Дурутовец, а направена е една грешка, мислам дека треба да стои село Отовица, а не Ортовица. Во меѓувреме пристигна барање од граѓаните на месната заедница Извор за формирање на општина во Извор Во склопот на оваа општина да влезат населените места Попадија, Крнино, Владиловци, Смиловци, Комненово, Степанци, Поморани, Мартовц село Стари Град, населба Стари Град, село Долно Врановци, населба Долно Врановци, Ново Село и Крајници. Мислам дека треба да им се удоволи на ова барање на граѓаните од Извор. Исто така е најавено барање од граѓаните на Горно и Долно Јаболчиште да се формира општина во Горно Јаболчиште. Јас овој предлог го поддржувам.

На крајот да заклучам, мислам дека во општина Титов Велес треба да се формираат 5 нови општини и тоа Градско, Чашка, Богомила Извор и Горно Врановци. На крајот јас сум за тоа овој закон да оди во две фази.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, го имам предвид вашиот замор па ќе бидам краток , ќе се обидам да не се повторам со

моите претходници, па ќе дадам само некои мои видувања во поглед на предложениот текст на законот за територијална поделба на Република Македонија. Веднаш да кажам јас сметам дека луѓето кои работеле, стручната екипа која работела на изготвување на овој закон не сум до крај убеден дека политички не биле континуирани, или со другите предрасуди. Кога го велам ова го имам предвид фактот дека прли оваа поделба воопшто не се земени предвид одредени критериуми пропишани со законот за локална самоуправа.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ**:(продолжение)

Каков е критериумот тоа да биде една локална самоуправа да чини една урбана средина, територијално поврзана средина и економ ски поврзана средина. Ова го велам од фактот што има драстични примери на префрлување на одредени села, или населени места, кои иако историски, територијално и географски се поврзани со години, со децении со одредени центри, денеска одеднаш се наоѓаат и префрлуваат во друга општина. Таков драстичен пример е со Крушево, за кој одредени мои колеги спомнаа , а има случаи и во другите места каде што се во Струга , во Гостивар и во Тетово.

Иако министерот се обиде да не убеди дека цела оваа работа има своја логика и смисла во тоа што денешната територијална поделба е сеуште во сила, дојде до концентрација на огромен број на население во многу мал број на центри, како што се Скопје, Битола и Охрид и останаа огромни површини ненаселени места. Јас искрено да ви кажам овој закон не можам да го сметам како антитеза на тој закон и не сум до крај убеден дека со оваа поделба ние ќе го постигнеме позитивниот успех.

Сето ова го базирам врз фактот дека една нова локална самоуправа која има амбиции да стане атрактивно и привлечно место со цела инфраструктура, како што е случајот да речеме со Сарај, не може во догледно време да биде такво нешто, со оглед дека се знаат изворите на финансирање. Прво дека се тоа сопствени извори, други дека се тоа по други канали, преку фондот за неразвиени, преку разни други фондови за погранични подрачја, но имајќи ја предвид ситуацијата во РМ која што е само со 7 00 долари по глава на жител, во РМ каде имаме над 20 0 илјади невработени, во РМ задолжена со милијарда и двеста милиони долари, тешко дека во една блиска иднина ќе имаме такви ресурси од кои ќе ги помагаме таквите нови општини во догледно време

да достигнат до одредено ниво со кои ќе бидат примамливи и прифатливи со кои ќе побудат интерес младината перспективата да ја гледа во тие средини, тие луѓе наместо да си бараат вода во своите домови ќе"■мора да одат во потрага по градовите како што е Скопје, тие луѓе што сакаат да живеат во уредни урбани средини, асфалтирани патишта и канализации ќе мора и понатаму да вршат огромен притисок во Скопје и другите центри, затоа што навистина не можам и немам никакви аргументи дека овие средини ќе останат привлечни и примамливи за живеење и понатаму.

Друга работа за која сакам да ви кажам, кога велам дека не се запазени критериумите од законот исто така имам предвид општината која се предлага да се формира каде се предлага дел од на- селените места селата покрај Вардар да ви ги кажам почнувајќи од Кондово па до Дворче, територијално не се поврзани со центарот Сарај и со други села од Сарај по патот Скопје - Тетово, бидејќи истите треба да поминат низ едно населено место наречено Дексијам Уште повеќе кога се знае во сите овие села нема ни најосновна здравствена заштита освен растурени пунктови кои работат неколку дена во неделата, или неколку часа во текот на денот. Таков еден пункт постои до Дексион и единствена можна комуникација и поврзаност меѓу овие два региона е токму патот кој поаѓа низ Дексион. Затоа е и забелешката која ја дадов јас предлагам Дексион да биде вклучен во општина Сарај и евентуално да се формираат две нови општини една со центар со Сарај а другата со центар во Кондово. Иако сум убеден дека овие општини само само со демаркациона линија ќе бидат поделени во една многу добро развиена општина, како што ќе биде или општина Карпош или како што предлага некој Горче Петров, и другата општина Сарај или Кондово со тотално неразвиена инфраструктура. Јас се прашувам дали ние навистина тоа што го предлага законодавецот ќе Го постигнеме. Јас на сета оваа работа песимистички гледам. Ова уште повеќе кога се имаат предвид

забелешките кои беа дадени од одредени групи експерти од Европа уште при донесување на првиот закон од пакетот на закони за локална самоуправа, тоа е законот за локална самоуправа во кои тие не убедуваат дека не треба да има само еден степен на локална самоуправа, туку треба да има два и повеќе степени како што е практика во западниот свет. Тогаш министерот образлагаше во една емисија на телевизија од чисто политички причини не можеме да прифатиме такво нешто , иако аргументацијата ја бараше и во Уставот на РМ. Ако е уставот и законот за луѓето , и ако тој устав и закон треба да му служи на граѓаните и ако бараме Уставот и законот да бидат применливи тие треба да бидат за граѓаните и ништо не е свето на овој свет, па и Уставот може да се менува. Во спротивно ќе бидеме во ситуација да учиме од грешките, а ако дозволиме да учиме од грешките, тоа значи ќе учиме со тешки казни.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, прво би се обрати до претседателот, сигурно заради свои обврски, подоцна дојде . Ние скоро цел ден работиме без кворум. Мене лично не ми смета но ако се дозволи понатаму да работиме против деловникот, мене лично не ми смета но ако ми дозволите иако е спротивно со Деловникот...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повелете не е спротивно од Деловникот, постојано некој влегува и излегува.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Сигурно дека поголем дел на дискутанти кој што досега беа и големиот број на реагирања на месните заедници, кој што ги имавме во минатиот период од кога излезе овој Предлог за донесување на закон за територијалната поделба, покажаа за колкаво големо значење се работи и колкав интерес предизвика овој закон и тоа го изнесов и претходните дискутанти.

XVII/4

На почетокот би рекол за да бидам добар спрема сите граѓани од мојата општина би рекол веднаш дека би требало да постапам да ги поддржувам и барањата на Кравари и барањата на Бистрица и барањата на Крстот, па и на Дедебалци и Добришево и сите и со тоа би рекол дека сум добар према нив и тие ќе речат ете овој се залага за нашите права. Но кога ќе почнам подетално да го анализирам тоа и кога ќе видам дека тие барања нивни се спротивставени, изгледа дека сум направил само еден блеф спрема нив и сум рекол дека ги поддржувам, а едното барање го исклучува задоволувањето на другото барање. Затоа ќе се обидам да бидам малку поинаков и дали тоа ќе му се допадне на некого или не ќе видиме подоцна. Јас ќе се обидам да изнесам неколку аспекти на овој закон.

Прво во образложението за донесувањето на законот беше речено дека при одредување на подрачјата на новите општини немало присутност на било каква политика, а не посебно полето на решавањето на меѓунационалните односи. Би сакал да верувам дека е така, но аргументите кои беа изнесени, а расправите кои што подоцна следеа не ми даваат за право тоа да го потврдам и навистина да верувам дека не е вмешана никаква политика и дека не е водено никаков аспект на тоа прашање. Јас морам да речам дека тука не ја сместува експертската комисија што работела при територијалната поделба, но сметам дека беше присутен и те како политичкиот аспект при територијалната поделба, што не значи дека сум и против. Треба да се признае и на јавноста да се каже дека тој аспект политички беше присутен при територијалната поделба и тоа на крајот на краиштата не е ништо срамно ако се каже, затоа што ние овде сме и како претставници на граѓаните, но и претставници на политички партии. Што значи дека во тој период ние штитиме и одреден политички интерес. И сметам дека на јавноста треба да и се каже дека е заштитен и политичкиот интерес.

XVII/5

Дали тоа од аспект на следните избори кои што треба да се локалните дали од аспект на меѓунационални односи, или од друг аспект, но сепак дека тоа треба да се признае. Во склоп на ова што го реков, сметам дека треба да се каже иследново. Во една од изјавите на министерот Поповски беше речено дека голем број од реагирањата на месните заедници и на граѓаните секако е резултат на однесување на одреден број на пратеници кои што ете така ја загреваат таа атмосфера и од свој интерес. Јас морам да кажам дека и тука ништо не е лошо направено ако еден пратеник присуствувал на состаноци на граѓаните од својата изборна единица и ако ги почитувал нивните барања за тоа што на крај на краиштата ние за тоа сме избрани.

Вториот аспект кој би сакал да го изложам во однос на овој закон е прашањето на предложениот закон и одредбите кои произлегуваат од законот за локална самоуправа. Уште кога го донесувавме законот за локална самоуправа, посебно сите истакнувавме дека основната цел на тој закон е да се доближи до граѓаните, одлучувањето по однос на прашањата кои што се од локален интерес. Ако е тоа така, а така е, Законот за територијална поделба е потребен да овозможи остварување на тие интереси. Заради тоа сметам дека изнесувањето на предлогот на денешниот закон, беше потребна подетална анализа и соработка што населението, односно месните заедници кои со новата територијална поделба се преместуваат од постоечките општини во ново предложените. Најверојатно дека Комисијата која работеше на овој закон и работните групи имаат таква анализа. На нас пратениците таа анализа не ни е доставена и ние треба сега овде да расправаме врз основа на некои наши сознанија и затоа често пати се доведуваме до слободно толкување на многу работи. Сметам дека се работи за еден суштински закон и пред неговото донесување треба да ни се достави една

XVII/6

поцелосна анализа врз основа на кои аргументи територијалната поделба е направена вака како што е сега предложена, посебно за оние населени места кои што не се согласуваат односно сме сведоци на оние приговори кои што ги имаат овде доставено и до нас и до Министерството за правда.

Сметам дека големиот број реагирања од населените места е резултат на начинот на кој што е вршена поделбата во затворени групи и кружоци, да не речам тајно. При тоа се поаѓаше од поднесените барања на одделни месни заедници и задоволување на нивните интереси.

Во тие барање подносителите предлагаа покрај нивната месна заедница кои населени места ќе влезат во одредена општина, а без при тоа да се консултираат дали граѓаните од тие населени места прифаќаат да бидат во новопредложената општина. Сметам дека тука е постапено спротивно од член 15 од Законот за локалната самоуправа каде децидно е речено цитирам: "основањето на овие единици на локалната самоуправа и промената на подрачјето и седиштето на локалната самоуправа се врши со закон, по претходно консултирање на населението од односното подрачје преку собири на граѓани, односно преку референдум".

Овој член од законот за локална самоуправа не е применет односно не е овозможено правото на граѓаните сами да одлучуваат за нивната територијална припадност и да се почитува нивното мислење на кој начин најдобро можат да ги остварат своите интереси од локален карактер. Затоа сметам дека е потребно на граѓаните да им се овозможи правото кое што се овозможува со користењето на член 15 од Законот за локална самоуправа, односно нивно изјаснување преку референдум. Се разбира пред референдумот предлагачот аргументирано на населението од односното населено место да образложи зошто нивната месна заедница е предложена во односната општина како што е во односниот закон. Повторно нагласувам дека ова се однесува на оние месни

заедници кои што не се согласуваат со новата територијална поделба. Би сакал во оваа прилика во склоп на ова изјаснување да каже дека од местото од кај што јас доаѓам од населбата Кравари, за кое што овде почитуваниот колега Котевски рече дека бара да бидат или во општина Битола, или пак седиштето наместо во Бистрица да биде во Кравари, јас имам овде околу 50 0 потписи од жителите на ова село и каде што исклучиво стои дека се месната заедница Кравари да биде во склоп на општина Битола а не се расправаат за седиштето. Јас сметам дека не би требало да доведеме до ривалитет помеѓу населените места. Ако продолжиме вака како што е сметам дека во тој случај ќе придонесеме да се влошат одредени односи помеѓу населените места посебно према селските средини. Во склоп на ова би го истакнал и следново дека во првата верзија што беше изнесена во Нова Македонија беше предложено и општина Бач како нова општина , а сега се предлага да биде во склоп на општина Бистрица. Јас го поддржувам колегата Тантаров на село Ба , односно сега месна заедница му се овозможи формирање на општина на тоа погранично подрачје, јас моите колеги пратеници од либералната партија ќе настојувам да ги убедам тоа нивно барање да го поддржиме. Јас не знам кои беа аргументите, зошто во втората верзија Бач не фигурира како општина.

Би сакал да кажам кога веќе спомнав за новопредложената општина Бистрица, дека можеби ненамерно е направена една грешка село Гнеотино е напишано во општина Бистрица. Не гледам никаква логика тоа село да биде во општина Бистрица, заради тоа што се наоѓа од левата страна на реката Црна а оваа општина Бистрица е од десната страна на реката Црна. За да тие жители би дошле во село Бистрица мора да поминат низ општина Новаци, низ општина Битола, па да дојдат до село Бистрица. Можеби е грешка направено, па таа треба да се исправи.

XVII/8

Понатаму, би се задржал на прашањето околу поделбата на Битола со новопредложениот закон. Имено, општина Битола се предлага да се подели на осум општини. Немам ништо против желбите и барањата на новите општини. Напротив ги почитувам нивните желби и мислења дека подобро ќе ги остваруваат своите интереси. Но пред себе ја поставувам и дилемата. Што добива а што губи Битола и сите нови општини со постоечкото решение и дали уште повеќе нема да ја доведеме Битола во поинфериорна положба во однос на сега неадекватниот третман. Се наметнува и дилемата дали и колку ќе изгуби Битола и новопредложените општини, што Битола нема повеќе да биде гранично подрачје на РМ. Сигурно вам ви е познато дека беа воспоставени контакти помеѓу општина Битола и општина Лерин во соседна Република Грција и преземени се некои заеднички активности со кој е потребно да се настапи пред соодветните тела на Европската унија за општини кои граничат со земјите членки на Европската унија. Се плашам дека со новопредложеното решение и тоа може да се случи да се изгуби. Деновиве се повеќе е присутно мислењето и така се повеќе се слуша дека доколку после основањето на нови општини во рок од една година ако истите не создадат услови за општина, тогаш истата ќе биде укината. Ако е тоа вистина, тогаш сето она што досега го расправаме дека овој закон ќе претставува едно лицемерие и треба на тие луѓе уште сега да им кажеме дека не исполнуваат услови за општини и да не се занесуваме дека со тоа ќе постигнеме поголем успех. Можеби присутноста на едно вакво мислење претставува уште еден голем аргумент за поткрепа на тезите на почитуваниот г-дин Вангелов за ставање на географијата во изборна функција и тезите за Тројанскиот коњ и даневскиот дар. Се согласувам ако е шпекулација што министерот вели само јас реков дека е присутно деновиве.,

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ**: (продолжение)

На крајот би резимирал дека овој закон не смее да се донесе без референдум, односно не смее да биде прекршен член 15 од Законот за локална самоуправа, бидејќи и во новопредложениот закон се вели дека се работи за нови општини во Република Македонија.

Второ, не знам, овде беше многу дискутабилно дали да биде носен во две или во три фази. Јас сметам дека ако биде донесен во три фази, нема да се изгуби времето за на есен на време да се почне со локалните избори.

Би имал и едно прашање, доколку министерот почувствува односно оцени за потребно нека одговори, во спротивно не мора. Имено, според некои сознанија, во експертската комисија која работела на територијалната поделба, немало ниеден член економист кој посебно би се занимавал со регионалниот развој од економски аспект. Ако е тоа вистина, тогаш сметам дека е направена една голема грешка и паѓаат во вода сите оние аргументи дека новата територијална поделба ќе придонесе за побрз економски развој на одредени општини.

На крајот да завршам со следното. Многумина овде цитираат одделни личности, одделни закони. Ќе ми дозволите да се цитирам самиот себеси. Од седницата одржана на 21 декември 1995 година, кога се распра- ваше за законот за промена на името на Титов Велес, поднесен до пратеникот Аце Коцевски. Мојата дискусија тогаш ја завршив со следните реченици: "И на крајот би завршил со следното:јас сум убеден дека денес ако не го донесеме овој закон" - се мисли на Законот за промена на името на Титов Велес - "дека за скоро време повторно ќе расправаме за еден сличен ваков закон, но можеби само предложен од некој друг".Многумина колеги пратеници тогаш се насмеаја и негодуваа и сакаа да кажат дека тоа не е вистина. Но, мило ми е што таа моја претпоставка се оствари.

XVIII/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Котевски, реплика.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господин претседателе, драги пратеници, пратеникот Најдовски спомна дека овој предлог на закон се изработувал во посебни гру: кои од псоебен интерес тргнуваат. Јас би го прашал на пример конкретно тој е од село Кравари, не е пратеник во село Кравари, кој е неговиот интерес што сега се залага Кравари наместо да биде во Бистрица да биде да речеме во Битола.

Инаку, да кажам најотворено челниците и на село Кравари и на село Крстовар не се од оваа партија која што е на власт. Тие се од други партии и состанокот кој што беше одржан во однос на записникот кој што е правен, мислам конкретно за село Кравари, е правен без мое присуство, со мотивација дека сум бил поканет на состанокот, а всушност не сум бил поканет. Инаку, на тој список се потпишани 500 жители, а Кравари брои 1.200 жители. Не сум против желбите на село Кравари, мислам дека треба да се почитуваат, меѓутоа, треба да се каже вистината.

А со оглед на тоа дека во мојата прва дискусија во која реков за село Бистрица, јас незнам како бев сфатен од г-динто Тантаров, меѓутоа, не сум против во село Бач да има општина и се залагам да има општина. И не само во село Бач, во целата таа изборна единица каде што има можност да се формираат и други општини, меѓутоа, се залагам повторно и во Бач и секаде каде што има, но да не се наруши предлогот кој што е даден за општина во село Бистрица.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Тантаров има збор, реплика.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, му благодарам на г-динот Слободан Најдовски за поддршката што ја искажа за мојот предлог Бач да добие

општина, се разбира ако таа поддршка не биде поддршка само со јалови зборови. Инаку, не знам како и г-дин Најдовски сега жали што Бистрица ќе добие општина, а Битола како општина ќе биде избришана од можноста за една погранична соработка со другиот дел на Македонија. Господине Најдовски, и Бистрица ќе биде наша општина Македонска, зошто Бистрица да не соработува со другиот дел од Македонија.

Инаку, користам прилика со оваа реплика сега да кажам и нешто друго, се разбира во рамките на тие мои 5 минути. Вчера г.-дин Живко Јанкуловски му соопшти на овој парламент дека жителите од село Долно Чарлија, кои што со проектот за создавање на нови општини треба да припадне на општината Добрушево дека тие не сакаат да бидат во рамките на оваа општина туку сакаат да одат во општината Могила. Одборот за формирање на Добрушевската општина не е запознат со ваквата иницијатива. Меѓутоа, ако Чифлиганец денес вети дека ќе изградат пат без помош од државата, за да се реши некој проблем со општините на подрачјето на Радовиш, јас во името на Одборот за формирање на општината Добрушево ветувам дека ќе најдеме сили да изградиме 1,5 километар пат меѓу Долно Чарлија и Добрушево за да остане ова село кон општината Добрушево.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа убеден сум дека ние иако вака реплицираме тројцата битолчани дека сите тројца мислиме за подобро на Битола па вака дискутираме. Но прво морам да кажам следно во: бев прозван зошто сум зборувал за Кравари кога не сум пратеник од таа изборна единица и како сум ги застапувал нивните интереси. Извини г-дин Славко Котевски, јас гласав за вас таму бидејќи сум жител на село Кравари, населба Кравари, јас останувам да живеам

таму и сигурно мене повеќе ќе ме боли за Кравари, бидејќи треба цел живот да го поминам таму отколку вие кои живеете во Битола. Од тие причини, немојте да ми го одземате правото да зборувам за Кравари. Тоа е првиот аспект.

Вториот аспект е следниот. Овде се сакаше да се наметне една теза дека Слободан Најдовски има нешто против да биде Бистрица општина. Јас во ниеден момент не реков дека на> Бистрица не треба да и се овозможи тоа. Напротив, реков дека треба да се почитуваат желбите и барањата на сите, но преку изјаснување на референдум. Ако е за тоа, јас имам многу добри пријатели во Бистрица, учев четири години таму, вам ви е познато, јас немам ништо против тоа.

И трета работа, не знам зошто вие ги вмешавте челниците, не знам кои се тие челници дека биле од други партии. Навистина јас присуствував како жител на Кравари на состанокот кој го имаа жителите од ова село, но во ниеден момент таму политички партии никој не спомна. Бидете убедени дека политички партии никој од граѓаните не спомна, туку единствено ги изнесуваа аргументите зошто бараат да биде кон Битола. А кога веќе толку инсистирате, ќе ви кажам зошто: затоа што имаат водовод приклучен кон градскиот водовод, имаат канализација која е во надлежност на општина Битола, имаат градски сообраќај во надлежност на општина Битола, имаат улично осветлување под надлежност на општина Битола. Од тие причини луѓето бараат, имаат сега нова пошта овие денов* за месец дена таму со 2.500 број, имаат нова амбуланта. Од тие причини луѓето бараа и сметаа дека за тоа треба да се разговара. На крајот на краиштата, јас не реков ништо друго туку реков треба да се седне и аргументирано на тие луѓе да им се каже зошто се предлага вака како што е сега предложено.

На крајот, рековте 5 километри. Јас често, иако како пратеник, одам пешки Кравари - Битола, верувајте дека Кравари - Битола се 1,5 километар оддалечени, а вие рековте 5 километри.

XVIII/5.-

На крајот, господин Танатаров јас ништо не видов дека ми реплицираше, јас само кажав дека го поддржувам со оглед на тоа што Бач - тој реон знаете вие е моето родно место и таму ве поддржувам, немам ништо против, а по однос на прашањето дали Битола или Бистрица е доста дискутабилно кои ќе бидат предностите на едниот или другиот начин. На крајот, јас велам уште еднаш ништо не искажав освен дека треба да се седне и аргументирано да се разговара за секое поединечно прашање. А дали ќе бидат благодарни и жителите на Бистрица и жителите на Вапари со новите општини, ќе видиме после два-три месеци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Ибраими бараше збор.

Не.

Листата на пријавените дискутанти е исцрпена.

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, ќе бидам краток, само како резиме на некои дискусии и одговори и затоа ве молам за малку внимание.

Сакам да ги повторам ставовите на Пратеничката група на Либералната парија. Ние сметаме дека консултативен референдум, односно консултативен собир на граѓани е императивна форма од законот и не треба да се бега од тоа. Затоа ова го кажувам, затоа што од прифаќање на одредени заклучок ќе зависи како ќе гласа пратеничката група на ЛП. Ние сметаме дека ова императивна форма и не треба да е бега од ова, затоа што единствено преку факултативен референдум за поголемите населени места односно собири ќе можеме да ја знаеме вистинската волја бидејќи секој ја толкува таа волја на граѓаните како што сака.

При тоа сакам да кажам дека нашиот став е дека овие собири почнаа да се одржуваат благо речено неорганизирано и хаотично. Зошто?Една група организира еден собир, друга група друг собир, трета група организираат пратениците и претседатели на општини, одборници и тн., така што навистина настана една мешаница. Овие собири треба да се организираат под покровителство Министерството за правда. Зошто тоа го велам? Треба да се утврди кои ќе бидат присутни на тие собири, бидејќи знаеме дека имавме една иницијатива и се проверуваше кој, како, што потпишал. Затоа сите овие иницијативи треба да се преиспитаат.

Исто така, да не го диктирам, г-динот Биљали, треба да се респектира на матичната комисија, а тоа е Комисијата за политички систем. Тој став беше да оди во три фази со нацрт. Во врска со овие ставови само уште неколку реченици би напоменал дека доколку не ја запазиме оваа процедура, навистина ќе се доведеме во состојба да се најдат лавина предлози пред Уставниот суд и пред други органи поради незапазена процедура да се остварат одредени работи.

Четврта работа која би ја сугерирал: за да се достави во наредна фаза, дали ќе биде тоа нацрт зависи од Собранието, или предлог мора да се направи еден преглед на овие општини. Треба да се направи преглед која општина е, со колку населени места, која површина ја има, колку жители живеат во тоа, можеби со некои карти на тоа подрачје, бидејќи јас верувам доколку сето ова беше направено во ова фаза, можеби 50% од овие дискусии ќе имаше. Колку и да го проучуваат пратениците законот, не е јасно каде, што е ставено. Затоа со овие прегледи немаше да има дискусии дека одредени семејства постоечки - непостоечки живеат или не. Мислам дека во наредната фаза сот и закон треба да биде посеопфатен односно да бидат опфатени сите овие

детали, за да имаме ние преглед и да видиме и да можеме да одлучиме.

Овие консултативни референдуми односно собири јас уште еднаш апелирам да бидат организирани од страна на Министерството. Инаку, верувајте, ќе ни доаѓаат вакви забелешки и понатаму, нема да се знае, не се проверува кој присуствува на тие собири, дали биле 5%, "2%, 10%,' 15%, нема да се знае. Така што сметам дека овој хаос ќе се надмине, доколку тие собири бидат навистина добро организирани. А доколку претходно беа организирани и претходно беше прифатено на овој начин, да беа дадени тие карти, 50% од дискусиите можеби ќе беа скратени, доколку се одеше во 3 фази, јас верувам дека 90% до дискутантите ќе беа аз три пати пократки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дино Сами Ибраими.

Ве молам, не е коректно спрема колегите кој како ќе заврши со дискусија да ја напушти салата. Најголемиот број на пратеници, со чест на исклучоци, така направија.

Повелете г-дине Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Не е коректно навистина сега при крајот да се задржувам многу и затоа ќе бидам краток, се надевам и јасен.

За законот за територијална поделба веќе се дискутира во 3 продолженија и морам да признаам дека за многу работи се информирав токму од излагањата на моите колеги, наместо пред себе да имаме комплетни материјали за предложените нови општини со карти кои ги среќаваме само во разни весници и тоа минијатурни, од кои не може ни со лупа да се читаат имињата на општините. Ние тука треба паушално

да дискутираме без да имаме јасна слика за предложениот закон. Тоа го велам аз себе, не знам каква е состојбата со другите.

За самиот закон нема што да кажам, бидејќи скоро сите дискутанти пред мене искажаа, некои помалку а некои повеќе, незадоволство со предложената поделба. Предложената нова општина Сандево во Чаир е неприфатлива за 4-те села со албанско население, како што се Блаце, Канушевци, Малино и Брес, ридско - планински и погранични села, оставени во милост и немилост од сите аспекти на секојдневниот живот. Граѓаните од споменативе села воопшто не се консултирани ниту информирани за новата општина Сандево. Горенаведените села не се помогнати или ништо не е инвестирано веќе 50 години ни од општината Чаир ни од градското собрание, па затоа тие се сомневаат дека тоа ќе се реализира преку Сандево. Граѓаните од овие села географски оддалечено без изграден пат, телефон, амбуланта и не знам што најмалку б месеци скоро во годината се изолирани или одсечени од градот. За да стигнати тие во Сандево особено во зима, треба да патуваат низ Куманово, Скопје и да се стигне во Сандево. Тоа значи најмалку 70 км. во една насока, што значи околу 150 км. пат треба да поминат за да дојдат до новата општина и да с вратат во селата. И наместо да се инвестира на овој пограничен регион, со оваа поделба аз долго време и понатаму ќе останат како слепо црево пат во милост и немилост бидејќи самото Сандево е неразвиено, а камоли тоа да помогне во развојот на другите села во регионот.

Второто прашање во моето излагање е ова: од сите постојни сегашни општини во РМ, од сите е одземен некој дел, село или регион, а само општина Центар во Скопје останува негибнато и тоа како Голијат општина во споредба со другите општини или скопските општини.

**САМИ ИБРАИМИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Што стана со иницијативата или барањето за формирање нова општина Кале, дел од постројната општина Центар, во споредба со предложените нови општини. Јасно е. Мислам дека општината Кале би ги исполнила условите најдобро од сите новоформирани.

На крајот би предложил да се разгледаат сите барања од пратеничките излагања, да се определи еден прифатлив временс-и период за да може Комисијата да ги корегира или да го коригира она што може да се корегира, додека нам пратениците да ни се обезбеди материјал и карти од новопредложената поделба од сите региони во Републиката. Не само од делот од каде што доаѓаме ние пратениците тука, бидејќи со ова ќе ни се помогне да имаме појасен увид за поделбата и да се потрудиме сите заеднички овој закон да биде во функција за добробит на сите, а не некои општини да профитираат на штета на други општини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска пред нас се наоѓа Предлогот за донесување на закон за поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Една албанска поговорка вели: "гледала жабата како се кове коњот и таа ја подигнала ногата да се кове".

Затоа, гледал предлагачот и тоа од далеку и од кабинетот на бирократијата дека во Западна Европа има држави со поголем број општини и ете "јуриш" без научна, без уставна и без законска основа

предлага од 34 општини да се направи и најнова територијална поделба, со најново определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, па дури се оди и до 111 општини во Република Македонија.

За да се донесе овој закон прво треба да има уставна основа и тоа, почнувајќи од основните одредби на членот 2 став 1 дека "во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните", потоа со членот 51 став 1 дека "законите мораат да бидат во согласност со Уставот"..., а посебно со членот 114 став 1 со кој "на граѓаните им се загаранира правото на локална самоуправа".

Наметнувањето на Предлогот за донесување на овој закон е енклатантна спротивност и со адекватните одредби на Законот за локалната самоуправа, како што е членот 12 кој обврзува да "Единицата на локалната самоуправа се основа на подрачјата... во кои граѓаните се поврзани со заеднички потреби и интереси, на кое постојат услови за материјален и општествен развој и за учество на граѓаните во одлучувањето за локалните потреби и интереси".

Овој законски проект, а посебно за Западна, Северозападна и Југозападна Македонија каде живеат во мнозинство, во релативен или помал број Албанците и разните националности е во спротивност и со членот 13 на горенаведениот закон, затоа што лошо се поврзани подрачјата и природно (читај - неприродно!) и географски и економски со лоша поделба на пословечката целина и, што се однесува до комуникациите и гравитирањето кон центарот, без потребна инфраструктура и објекти од општествен стандард.

Членот 15 од Законот за локалната самоуправа за основање на нови општини предвидува децидно "претходно консултирање на

населението на односното подрачје, преку собири на граѓани, односно преку референдуми", што до сега не е направено, а се очекува да се обавува и тоа и организирано и спонтано, а ова се овозможува и со членот 20 од истиот закон.

И самите причини за донесување на оваков закон кои ги пренесува предлагачот од уставните и законските одредби околу употребата, операционализацијата, наводно, демократските принципи, повеќе личат на теоретска и концептуална природа, додека ни малку на практична и реална, бидејќи немаат скоро никаква врска со самата содржина на овој предлог за донесување на закон, како што ни се претставува!

Овој предлог не се заснова врз начелата на:

- уставноста и законитоста!

Овој проект нема скоро никаква врска со:

- географската, економската и функционалната поврзаност

Со ова, напротив, се нарушуваат:

- заедничките интереси на граѓаните и се оневозможува
- меѓусебната соработка на единиците на локалната само-управа.

Можеби за дел или и за цела Источна Македонија, што се гледа и од реагирањата на денешнава и вчерашната расправа што не е баш така, територијалната определба и определувањето на подрачјата н единиците на локалната самоуправа претставуваат:

"социо - урбана, географски и економски поврзана целина на граѓаните, населените места меѓусебно поврзано со комуникации, бројот на жителите, организираноста на заедничките служби од непосреден интерес за животот на граѓаните, еколошките услови, како и стопанскиот, туристичкиот, културниот развој..." и тн., затоа што за цело време на

едноумието на таканареченото социјалистичко - општествено уредување каде живеат во апсолутно или пак и обично мнозинство се инвестираше колку - толку и се остварени услови за ваква територијална поделба и определување на подрачјата на локалната самоуправа.

Меѓутоа, што се однесува до Западна и дел од Северозападна и Југозападна Македонија ова не е случај, за жал. Затоа, не доаѓа во обѕир никаква територијална поделба, ниту определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, бидејќи нема никаква научно - правна основа^ почнувајќи од условите кои ги наведува Советот на Европа за локалната самоуправа, па се до актуелниот Устав на Република Македонија и Законот за локалната самоуправа.

Антиуставен, антизаконски и антиграѓански со понатамошни тенденции на централизирање на надлежностите и кај општините во рацете на една владина елита е и членот 5 став 2 од Предлогот за донесување на закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Меѓутоа, катастрофата и трагичноста на овој предлог е во членот 8, втора глава "Територијална организација- општини во Републиката со населени места".

Да би направил една научна - компаративна анализа за си- те 111 предложени општини треба многу место, време и подетални перцепции и набљудувања.

Нешто помалку треба за оние општини што се наоѓаат во западниот, северозападниот и југозападниот дел на Република Македонија, но и тоа барем за сега им го оставам на оние кои ги претставуваат во овој Дом, додека за жал оставени се на милост и немилост

оние кои таквите ги немаат, како што се: Крушево, Охрид, Битола, Ресен, Прилеп, Велес и некои скопски општини и тн. Во ниедна од постојните 34 општини, односно во 17 од нив каде живеат Албанци во апсолутно мнозинство, во релативен или во помал број да не се намалува нивниот процент во никој случај, Туку напротив, да се зголемува и да биде такво поврзување да на секаде, т.е. во секој град да бидат најмалку во мнозинство и тоа сразмерно со жителите во руралните места, да учествуваат и во урбанскиот дел, т.е. во градови- те во кои сфери на животот, како што се: економската, социјалната, општествената, просветата, здравствената, културната и тн.

Заради горенаведените причини за сега ќе се задржам накратко околу точките 36 до 40, т.е. за новопредложените општини I поделбата на општината Кичево на пет нив, а посебно што се однесува до издвојувањето на мојата изборна единица број 31 не само на две општини, туку и од самиот град Кичево.

Наиме, во членот 8, "во Република Македонија се утврдуваат следните општини со населените места што влегуваат во нивен состав", под број 36 стои "Кичево без населени места", под број 3' "Другово" со 22 населени места, под број 38 "Осломеј" со 19 населен» места, под број 39 "Вранешница" со 15 населени места и под број 40 "Зајас" со 16 населени места.

Да конкретизирам, во Вранешница, а посебно во Другово, каде има повеќе законски услови, ако се согласува мнозинството на граѓаните со референдум дека сакаат да основаат две нови општини, под услов Албанците па и припадниците на турската националност да се приклучат кон општина Кичево можам да гласам афирмативно. Додека за основање на нови општини Осломеј и Зајас не доаѓа ниту теоретски во обѕир! Зошто?

XIX/6.-

Затоа што во овие две предложени општини не постојат ни минимални услови кои ги предвидуваат меѓународните правни норми, како и внатрешните, како што се уставните и законските, почнувајќи од недостатокот на минимумот на инфраструктура и тн.

Во овие општини не постои ни формално бараше од страна на месните заедници, туку напротив, постои писмено реагирање и известие со 18 печати и потписи на нивните претставници, како и одборниците Албанци на Собранието на општина Кичево од 23.03.1996 година доставено со заклучок за Министерството за правда на Република Македонија - Скопје, што се приклучува во прилог и по овој повод и што ги дистрибуираат овие предлози во Собранието на Република Македонија

Слично реагирање на 22.05.1996 година на претходната констатација на одборниците Албанци на Собранието на општина Кичево и претставниците на оваа популација со народниот пратеник на изборната единица број 31 - Кичево, што по овој повод се доставува до надлежните органи, во прилог во вид на заклучоци со пет точки и да не ја пренесувам уште со оваа дискусија, него како посебен документ што исто така било доставено до Собранието на Република Македонија.

Од моите дистрибуирани забелешки и предлози до пратениците на Собранието на Република Македонија во врска со негаторскиот став и децидното писмено изјаснување на одборниците Албанци на општината Кичево и претставниците на месните заедници на албанската популација против самоволниот предлог на илегитимната Влада на Република Македонија за наводно основање на таканаречени две нови општини во Зајас и Осломеј.

Заради правилното, исправното, оригинерното, ацентирање ономастично - топонимијска и граматичката номиналност да ја одвојам и

потенцирам само четвртиот дел:

"4. Во точка 38 и 40, исто така да се врши исправка на некои називи на населените места према изговорот на самите граѓани, граматичките правила и ономастичката традиција, односно правилата на топономијата, како што се:

наместо Бериково - Берикове, Папрадиште - Прападишт, Туин - Тухин, Попвјани - Попјан, Аранѓел - Харањел, Жубрино - Жуб- рине, Србица - Сербице, односно Кастриот, Ново Село - Новосел, од- носно Фшат и Ри, Црвици - Цервице, Премка - Премке, Стрелци - СтреЈ це, Шутово - Шутове, Гарани - Гаране, Мамудовци - Мафмутај т.е. Зајас - Зајаз, Колари - Коларе, Бачишта - Бачишт, Речани - Речан, Лешница - Лешниц, Грешница - Грешниц, односно Кодрине, Длапкин Дол Лапкидол односно Лаце, Трапчин Дол - Трапчидол, Букојчани - Букуќс Строгомиште - Дрогомишт и мал, Колибари - Колибар, Долно Строголиш- те - Дрогомишт и Вогел".

Алтернатива за Кичево, модел и за некои други општини во Македонија.

Ако случајно месните заедници во Вранешница и Другово, т.е. под точка 37 и 39 со предложените населени места и апсурдното отуѓување на Лисичани од општина Кичево и приклучување на Македонски Брод односно во новопредложената општина Класница под точка 13, после изјаснувањето на граѓаните со референдум останувaат при евентуалното нивно поднесено барање за основање на нови општини за северниот, северозападниот и североисточниот дел на самиот град Кичево, во името на овие граѓани на месните заедници и на одборниците Албанци на Собранието на општина Кичево, чии писмени заклучоци од 23.03. и 22.05.1996 година се доставени и до Собранието на Република Македонија, предлагам две алтернативи:

XIX/8.-

1. Или, како што е речено точка 38 и 40 да се спои со точка 40, т.е. да не се основаат нови општини Осломеј и Зајас, туку да останат во составот на град Кичево.

2. Или пак, ако случајно се изјаснуваат преку референдум граѓаните на македонската национална припадност за одвојување, градот Кичево да се подели сразмерно, објективно и точно на два дела и тоа: од средината на Калето и Булеварот на ослободувањето до железничката и автобуската станица, со сразмерна поделба на стопанските, општествените и другите објекти концентрирани за овие 50 го- дини не без намера во Јужно Кичево, вклучувајќи ја и адекватната сопственост на постоечкото земјиште, односно на овој начин би се основале две нови општини, општина Северно Кичево со адекватниот дел на градот како седиште со 18 населени места под точка 38, т.е. Осломеј и под точка 40 т.е. Зајас со 16 населени места.

Да резимираме:

1. Предлогот за донесување на закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, поред општиот антиуставен и антизаконски карактер, нема никаква научна - правна основа, туку има чист политички карактер, дискриминаторски и насочен кон гетоизирање на Албанците.

2. Во постојните 34 општини, вклучувајќи ја кичевската, во пет-шест од нив се во мнозинство, додека во околу 10 во релативен број. Со овој предлог на перфиден и камуфлиран начин случајно само во еден град, во една општина ќе бидат во мнозинство. А, фар- сата дека ќе бидат и 33 или 34 општини би биле селски општини ка- де и службената употреба и на албанскиот јазик нема некое посебно значење!

XIX/9.-

3. Ако ова дефакто не е територијална поделба на Република Македонија, него чисто национално одвојување, односно дискриминирање и исфрлување на Албанците од врската со нивните градови т.е. нивно тихо административно "окупирање" со и без наводници, односно безусловна капитулација преку законските параграфи!

4. Секако дека, ако случајно се донесе овој проект, сме тешките политички, ова ќе има и непредвидени економски, социјални, културни, јазични и други последици и, чувајќи си ја и уште една експлоатација и можен егзот!

5. Меѓутоа, од масовните, групните службените и поединечните контакти што ги имавме со граѓаните, оние не се никако согласни со таква територијална поделба и, во крајна линија ќе се изјаснуваат преку референдум што им го овозможува актуелниот Устав и Законот за локалната самоуправа.

6. Кога веќе македонските власти имаат желба за основање нови општини и таму каде не постојат никакви предуслови и кога веќе се одлучија за поделба, тогаш ќе беше неоправдано во сите 17 општини, сегашни, во кои живеат Албанците да се поделат и овие 17 градови према националниот состав, сразмерно и економските и другите објекти, но, правилно, нормално и природно.

Инаку, ваков, каков што се предлага, овој законски проект не значи ништо!

Заради овие причини предлагам:

1. Не само да не се прифаќа како таков и да се врати на повторна процедура, што докажа и самата дискусија во овие три дена, него да се исфрли тотално во знак на катастрофа на правниот систем!

XIX/10.-

2. Да се основа една посебна комисија од редовите на си пратенички групи од по 2 члена и по двајца заменици, т.е. ад хок, која после консултацијата со наши и странски експерти, а не со овие во рок од 6 месеци да му достави до Собранието на Република Македонија поадекватен текст како предлог за донесување на закон суи генерис.

Во спротивно, во цела Република Македонија, не само што ќе се организираат референдуми и протесни собири него и масовни демонстрации и граѓанска непослушност и во нашите балкански услови и околности, со можност на ескалации и до најекстремни, непожелни и непредвидени последици до дестабилизирање на земјата и регионот и до моќна обострана катастрофа!

Затоа, да внимаваме, внимавајте најозбилно сите!

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој се јавува за збор? (Не).

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот.

За продолжението на седницата ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина со работа во 17,45 часот).